**Универзитет "Св. Кирил и Методиј"**

**Филозофски факултет**

**Институт за дефектологија**

# Улогата на дефектологот во градењето на инклузивната култура во детските градинки во општина Кисела Вода

-магистерски труд

Ментор:

**Проф. д-р Зора Јачова**

Студент:

**Анета Јовановска**

СКОПЈЕ

Февруари 2012

# ПРЕДГОВОР

*Мотивот за изработка на овој труд беше потребата да се истакне улогата на дефектологот како дел од стручниот тим во детските градинки во градење на инклузивната култура во детските градинки.*

*Истражувањето го спроведовме во двете јавни детски градинки во општина Кисела Вода ЈДГ "8 Март" и ЈДГ "Весели Цветови". Истражувањето се реализираше во период од 17.02.2010 година и по вторпат, евалуација на резултатите од истиот анкетен лист на 10.06.2010 година. Интервјуто со воспитно-негувателскиот кадар се спроведе во месец Јануари 20111 година.*

*Ја изразувам мојата благодарност до мојот ментор проф. д-р Зора Јачова која несебично ја споделуваше својата помош, знаење и поддршка за реализација на овој магистерски труд.*

*Посебна благодарност до директорот Снежана Кливановска, педагогот Мира Ѓорѓиовска и целиот воспитно-негувателски тим на на ЈДГ „8 Март" на ОКВ во град Скопје и директорот Павлинка Карамазова, педагогот Љиљана Темелковска, психологот Охрида Арсовска и целиот воспитно-негувателски тим на ЈДГ „Весели Цветови" на ОКВ во град Скопје, за пријателската соработка и секојдневната поддршка во креирање на инклузивната култура и пракса.*

*Благодарност до сите родители учесници во овој магистерски труд.*

*Февруари, 2012 Скопје* *Анета Јовановска*

СОДРЖИНА:

Предговор......................................................................................................2

Резиме..........................................................................................................5

Abstract.........................................................................................................6

Вовед............................................................................................................7

**I Теоретски пристап кон проблемот на истражувањето**..............................9

1. Мрежа на предучилишно воспитание.............................................................9

1.2.Дефинирање на инклузивното образование....................................................11

1.3 Предности од инклузијата во предучилишните установи...................................15

1.4 Организација на инклузивната пракса во другите земји ....................................23

2. Работата на дефектологот во предучилишните установи во другите земји.......................................................................................................29

2.1 Работа на дефектологот во предучилишните установи во Република Македонија.....................................................................................................34

2.2Работните задачи на дефектологот во детската градинка ...................................35

2.3 Основни принципи на работа на дефектологот во јавните детски градинки ...37

2.4 Основни методи за работа со деца со пречки во развојот на стручниот тим.39

2.5 Цел на работата на дефектологот во детските градинки...................................40

3. Тим за инклузија на децата во предучилишните установи ................................42

3.1. Воспитувач член на стручниот тим................................................................43

3.2 Педагогот член на стручниот тим...................................................................44

3.3. Психологот член на стручниот тим................................................................45

3.4. Логопед член на стручниот тим.....................................................................46

3.5. Родители како дел од стручниот тим ............................................................47

4. Релевантни истражувања..............................................................................47

**II МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ**.......................................................66

1. Дефинирање на проблем на истражување.......................................................66

2. Дефинирање на целите на истражувањето.......................................................69

3. Дефинирање на истражувачките прашања.......................................................70

4. Хипотези на истражувањето.........................................................................70

5. Примерок и временска рамка.........................................................................71

6. Краток опис на методологијата........71
7. Примена на техники на истражување........74
8. Обезбедување на простор за снимање........76
9. Статистичка обработка на податоците........76

**III Анализа и интерпретација на резултатите од спроведувањето на анкетниот прашалник и полуструктуираните интервјуа за воспитувачи, негуватели и родители**........77
1.1 Анализа на добиени резултати од анкетниот прашалник за негуватели и воспитувачи........77
1.2 Графичко претставување на исказите на воспитувачите и негувателите од двата анкетни прашалници........87
1.3 Анализа и интерпретација на резултатите од полуструктурираните интервјуа со воспитувачите и негувателите........95
1.4 Заклучок од спроведувањето на полуструктуираното интервју со воспитувачи и негуватели во кои групи има деца со пречки во развојот и нема деца со пречки во развојот........118
1.5 Заклучок од спроведувањето на полуструктуираното интервју со родители на деца со пречки во развојот........119
1.6 Анализа на одговори за потврда на основните хипотези........120
2. Препораки од истражувањето........124
3. Заклучок од истражувањето........126

**IV Прилози**........127

Прилог 1 Анкетен прашалник за воспитувачи и негуватели........127
Прилог 2 Полуструктурирано интервју за воспитувачи и негуватели........129
Прилог 3 Полуструктурирано интервју за родители........131

Литература........133

# РЕЗИМЕ

**Јовановска, А., Улогата на дефектологот во градењето на инклузивната култура во детските градинки во општина Кисела Вода, магистерски труд, Филозофски факултет: Скопје 2012; 1-137**

Инклузијата на децата со пречки во развојот треба да започне во детските градинки и како природен процес да продолжи во основното образование и општеството.

Целта на ова истражување е да се даде опис на улогата на дефектологот за спроведување на процесот на инклузија во детските градинки во општина Кисела Вода. Истражувањето беше спроведено во двете детски градинки во општина Кисела Вода.

Обработени беа податоци од анкети и интервјуа со воспитувачите, негувателите и 20 родители на деца со пречки во развојот во периодот од 17.02.2010 до Јануари 2011 година.

Анализа и интерпретација на резултатите покажува дека воспитувачите и негувателите го прифаќаат и одобруваат процесот на инклузија. Но, за целосен успех на тој процес многу е важно постоењето на цел тим, а посебно дефектолог, кој ќе работи со тие деца во групите.

Кадарот во градинката истакна дека кај децата со пречки во развојот се развива добро ниво на социјализација и социјална интеракција со деца и возрасни. Сознанијата за децата со пречки во развојот, најмногу ги имаат добиено од литература, медиуми, интернет, телевизија и најпознати за нив се децата со аутизам, ментална ретардација, хиперактивно однесување и други. Како проблеми ги истакнуваат немањето на професионална подготовка, бројноста на групите, и пред се потребата од континуирана работа со стручно лице дефектолог кој пак е посебно важен за процесот на прием, адаптација и целосна вклученост на детето во активностите во градинка.

Родителите истакнуваат дека се задоволни од познавањата и подготвеноста на воспитно-негувателскиот кадар за развојот на нивното дете. Имаат големи очекувања од градинката, очекуваат нивното дете да се дружи и игра со другите деца, да учи заедно со нив, а посебен акцент ставаат на индивидуалната работа со дефектолог во однос на развој на говор, внимание, концентрација.

***Клучни зборови: инклузија, дефектолог, детска градинка***

## ABSTRACT

**Jovanovska. A., The rule of special educator and rehabilitator in building of inclusive culture in kindergartens in municipality Kisela Voda, master thesis, Faculty of Philosophy; Skopje 2012; 1-137**

Inclusion of children with special needs must start in kindergartens and as a normal process to continue in primary school and community.

The aim of this research is to give a description of rule of special educator and rehabilitator to realize the process of inclusion in kindergartens in municipality Kisela Voda. The research was realized in two kindergartens in municipality Kisela Voda.

We processed the data from questionnair, interview with kindergarten teachers, cares and 20 parents of children with special needs in period from 17.02.2010 to January 2011. The analysis and interpretation of the results show that kindergarten teachers and carers accept and approved the process of inclusion. But, for the succes of that process it is very importent of complete team, especially special educator and rehabilitator, who will work with that children in the groups.

Persons in the kindergarten assert that children with special needs develop a good level of socialization an social relations with children and adults.

Knowledge about children with special needs is from literature, media, internet and television, and most recognized for them is autism, mental retardation, ADHD and others.

As problems assert that they do not have professional qualifications, the big number of children in the groups, and the need of continuing work of professional special educator and rehabilitator who is very important for the process of acceptation, adjustment and whole involvement of the children in whole activity in the kindergarten.

Parents assert that they are very satisfied of teachers and cares knowledge and qualifications for development of their child. They have big expectation from the kindergarten, they expect their child to hang up and play with other children, to learn, and they put accent in individual work with special educator and rehabilitator related to development of speech, attention, concentration.

***Key words: inclusion, special educator and rehabilitator, kindergarten.***

## ВОВЕД

Предучилишното воспитание на децата со пречки во развојот претставува прва алка во системот на воспитание и образование и во исто време, значаен сегмент на системот на интегралната рехабилитација. Предучилишното воспитание како составен дел на раниот третман, односно на неговиот континуитет во подготовката на децата со пречки во развојот за воспитно-образовен процес треба да го добие своето рамноправно место и со нагласена влученост на овие деца. И покрај битните разлики што постојат меѓу децата со пречки во развојот, значајно е да се истакне дека тие разлики се подложни на менување и корегирање и дека развојот на овие деца без оглед на видот на пречките во развојот, се одвива по исти законитости на развојот што важат и за децата без пречки во развојот, но со значителни задоцнувања и многу намален биланс на развојните резултати. Токму поради тоа, неопходно е на предучилишна возраст на сите деца со пречки во развојот да им се обезбеди поинтезивен систем на рехабилитационо-корекциони и социјално-педагошки инструментариум на дејствување и обезбедување услови за задоволување на нивните потреби заради успешна рехабилитација.

Осовременувањето на предучилишното воспитание на децата со пречки во развојот, покрај другото, зависи и од правилната информираност, од ставовите и заинтересираноста на пошироката средина, како и од други фактори. Заради тоа, од извонредна важност е задоволувањето на суштествените потреби за преземање на соодветни мерки за усогласување на ставовите и за осовременување на сфаќањето на надлежните општествени институции на подрачјето на предучилишното воспитание и на раниот третман како што се: органите за образование, за детска заштита, социјална заштита, здравство и здравствено осигурување, центрите за социјална заштита, предучилишните установи, хуманитарните организации, невладини организации и други организации и институции. [1]

---

[1] Ајдински, Љ., Киткањ, З., Ајдински, Г., 1999 Појдовни основи за изготвување на Националната стратегија за спроведување на стандардните правила за изедначување на можностите на хендикепираните лица. Дефектолошка теорија и практика. 3 (3-4), 18-30

Во рамките на инклузијата сите деца се подеднакви членови на истата група, сите тие комуницираат и се во интеракција, си помагаат едни на други во учењето и совладувањето на вештини, го препознаваат и прифаќаат фактот дека некои деца или возрасни имаат потреби кои се различни од потребите на мнозинството и прават нешта или се однесуваат на различен начин од мнозинството.

Особено е важно да се каже дека во инклузивното општество се става акцент на соработка, а не на натпревар меѓу индивидуите. Сите деца имаат чувство на припадност и партнерство, во случаи кога некои деца од различни причини имаат потреба од посебно внимание надвор од училницата (занималната), останатите деца ќе го сметаат тоа за природно, и тоа нема да го попречува заедничкото чувство на партнерство и припадност на истата група.[2]

[2] Skjorten, M. D., Johnsen, B.H., 2001 Towards Inclusion and Enrichment, "Education-Special Needs Education". Oslo,Unipub forlag. 38-39.

# I Теоретски пристап кон проблемот на истражувањето

## 1. Мрежа на предучилишно воспитание

Демократското општество се мери по нивото на задоволување на потребите на децата. Конвенцијата за правата на детето на ОН и другите документи од Меѓународната заедница, поставени се како едно од основните барања на развојот на раната стимулација на децата со посебни потреби. Подсистемот за предучилишно воспитание и образование претставува дел од глобалниот воспитно-образовен систем во Република Македонија чија основна дејност е воспитание и образование на децата од 8 месеци до поаѓање во училиште. Најновите сознанија од теоријата на развојот на мозокот, зборуваат за огромната важност на раните години за развојот на човекот. Во Република Македонија со предучилишното воспитание се опфаќаат деца од 7-8 месечна возраст до 6-годишна возраст, т.е. по завршувањето на предвидениот период на породилно отсуство на родителот, до вклучување во прво одделение во основното образование.

Мрежата на предучилишно воспитание опфаќа 52 детски градинки со вкупно 180 објекти. Според Државниот завод за статистика, во 2009 година вкупниот број на деца во јавните установи за згрижување и воспитание на деца - детски градинки, изнесува 22 213 што претставува зголемување за 2.3% во однос на 2008 година.

Во најголемиот број европски земји опфатот на децата во годината пред поаѓање на училиште е 99,9-100%.

**Табела 1.** Број на регистрирани случаи на деца до 6 години со пречки во развојот во Домовите за здравство во Република Македонија за 2007 година

| **Возраст** | Ментална ретардација | Физичка инвалидност | Оштетување на вид | Оштетување на слух | Комбинирани пречки |
|---|---|---|---|---|---|
| **0-6** | 442 | 290 | 58 | 55 | 55 |

На табелата е претставена застапеноста на децата до 6 годишна возраст според попреченоста која ја детектирале јавните здравствени домови, вкупно според оштетувањата има 900 деца.

**Табела 2.** Број на деца со посебни потреби во едукативниот систем

| **Деца со пречки во развојот** | 3 години | 4 години | 5 години | 6 години | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **2008 год** | 3 | 11 | 20 | 3 | 37 |
| **2009 год** | 4 | 8 | 19 | / | 32 |

Од табелата бр. 2 каде извор на информации е Министерството за труд и социјална политика, може да се констатира дека бројот на децата кои посетуваат детски градинки е значајно помал, вкупно 69 деца, во однос на претходната табела, и на македонски јазик активностите се изведуваат со 37 деца со пречки во развојот .[3]

Во сферата на предучилишното воспитание, извршени се значајни иновации во програмската поставеност на предучилишното воспитание и образование. Како најзначајни се одвојуваат: „Чекор по чекор" методички проект кој започна во 1994 година и кој се реализира во сите предучилишни установи во вкупно 650 воспитно-образовни групи и „Инклузија на децата со посебни потреби" кој започна во 1998 год. во поголем број од јавните детски градинки.

Проблемот со образовната ексклузија на децата со посебни потреби е сериозен предизвик за сите општества, вклучувајќи го и нашето.

Целокупното решавање на проблемот со социјалната ексклузија на одредена категорија луѓе во едно општество, како и поставувањето на основите на социјалната партиципација од активен карактер, кај поголем дел од населението треба да се отпочне уште во предучилишниот систем на воспитание.

[3] Velichkovski, R., Chichevalieva S., 2010 Children with disabilities in the Republic of Macedonia: Analysis,. Ministry of Health,pp.12-18

Обезбедувањето образовна инклузија на децата со посебни потреби во рамките на системот на предучилишното воспитание и образование е една од приоритените цели на предучилишниот воспитно-образовен систем.

Во македонскиот модел на инклузивно образование, деца со посебни потреби се: деца со пречки во психичкиот развој, слепи и слабовидни, глуви и наглуви деца, деца со пречки во говорот, деца со телесна инвалидност, хронично болни, деца со пречки во поведението, деца со тешкотии во учењето, деца со емоционални проблеми. Во рамките на предучилишниот систем, инклузијата на овие групи деца има своја нормативна поставеност во измените и дополнувањата на Законот за заштита на децата. За оваа намена предвидено е со нив да работат стручно оспособени лица, со што се обезбедува квалитет во работата и процесот на инклузија[4]

## *1.2 Дефинирање на инклузивното образование*

Терминот инклузија посебно се етаблира во јавниот јазик, науката или политиката наместо интеграција или вклучување.

Инклузијата во 1994 година е промовирана од страна на Декларацијата во Саламанка, назначени се правила за изедначување на можностите издадени од страна на ОН. Повелбата е донесена во 1996 година во Луксембург од страна на Европската унија од неодамна еден од индикаторите усвоени од страна на Европската унија на Лисабонската агенда за евалуација на јавните политики (УНЕСКО, 1994 на ОН, Европската унија, 2002) Неговата посветеност е резултат на движењето на мобилизација на разни организации и истражувачи од целиот модел. Се отфрла социјална исклученост на лицата со пречки во развојот во корист на прифаќање на разликите. Ова движење се противи за било каква форма на специјални установи за лица кои се со посебни потреби и нивно маргинализирање.

[4] Киранџиска. С., Самарџиска-Панова Љ., Шеху Ф., Дамовска Л., Атанасовска Т., 2005 Национална програма за развој на образованисто во Република Македонија 2005-2015 Нацрт програма за развој на предучилишното воспитанис и образование., 19-21.

Поедици прават овие деца да се во училиште, градинка, но не се членови на училиштето, градинката (Forman, 2001, Hegarty, 1993). Таа има намера да ја промовира индивидуализацијата дека граѓаните треба да обрнат внимание на загриженоста на поединците да ги остварат нивните очекувања и да бидат вклучени во активно реализирани компоненти на општествениот живот (Bourque, Duchastel)[5]

Што е инклузија?

Поимот инклузија има потекло од латински јазик, а претставува вклучување, вклученост, прифаќање и разбирање. Изворното значење може да го најдеме во два латински збора. Првиот е inclūdo што значи да заклучиш, затвориш, зацврстиш и обележиш. (Žepić, 1961)[6]

Другиот збор е inclūsio што значи затвор, затворање.

Изоставен од сите овие зборови, под поимот инклузија се подразбира интеграција, ставање во рамка, а во социјална смисла, вклучување на поединецот во одредена заедница која е помалку или повеќе затворена или отворена целина. Треба да се знае дека зборот интеграција потекнува од зборот intĕgre, што значи нерасипано, чисто, непристрасно, несебично и искрено. Значи, во поимот инклузија наоѓаме значење кое покажува на нејзиниот симедонијански карактер. На старогрчки симедонија значи радост, поддршка и помош за среќа и успех на другите луѓе. (Сузиħ, 2006). Поврзувањето на симедонијата и инклузијата го нагласува значењето за постоење на емоционална и социјална поддршка во креирање на инклузивните процеси. Многубројните истражувања на социјална прифатеност, како една од најважните претпоставки на инклузивниот концепт, утврдена е висока поврзаност на социјалните односи на децата во предучилишните установи со прилагодување на децата во својата група и успехот во групата, како немерлива значајна групна врска во однос на раното детство за долгорочна социјална прилагоденост во текот на целиот живот.[7]

[5] Cole, T., in Tilstone C., and Rose. R..,eds 2003 Strategis to promote inclusive practice. Routledge Falmer. pp 67-83, London& New York

[6] Жепић, М.,. 1961 Латинско-хрватскосрпски речник, Школска књига. Загреб, 170-183.

[7] Сузи ħ, Н., 2006 Симедонија између културе и образовање. У зборнику: Култура и образовање. Бања Лука, Филозофски факултет, 7-37

Трагајќи по готова дефиниција за инклузијата, ќе најдеме различни пристапи, од третман на разновидност, преку школска организација за вклучување на децата со посебни потреби во редовната настава, со вклучување и рамноправност за сите деца. (Pašalić Kreso, 2003)[8]

Дефиницијата оди во насока за одредување дека инклузијата е само еден аспект од општествената рамноправност, демократија и партиципација. Постојат голем број дефиниции дека инклузијата е фокусирана на осигурување на вклучување на децата со посебни потреби во училиштата и целиот општествен живот.(Cerić,Ali,2005).

Други автори се грижат за децата со посебни потреби и нивната инклузија е вклучување во редовните училишта и општеството воопшто. (Veljković, 2002)[9]

Инклузијата се поврзува со процесот на демократизација во општеството и образованието (Радивојевиќ.2007).

Андрејевиќ (2005) под терминот инклузија ја нагласува потребата за вклучување на детето со посебни потреби во предучилишните установи, бидејќи со тоа му се дава можност на детето за премин во редовно образование. Вукајловиќ (2004) се обидува да направи разлика помеѓу инклузија и интеграција.

Интеграција најчесто се однесува на прифаќање на децата со пречки во развојот во редовните групи, а инклузијата е насочена кон идентификација и минимизирање на потешкотиите за учење и учење со децата. Инклузијата ја промовира сложената интеграција, но за разлика од интеграцијата, значи обнова, дружење во целина, инклузијата се стреми кон системот кој е организран така што на секоја личност да ѝ се даде можност за припадност и учество во групата.

[8] Pašalić. K. A., 2003 Inkluzija u školstvu Bosne i Hercegovine, Geneza sazrijevanja ideje inkluzije ili inkluzija u funkciji smanjivanja neravnopravnosti u obrazovanju. Sarajevo, Filozofski fakultet. 2–24.

[9] Сузић, Н., 2008 Инклузија у очима наставника. Васпитање и образовање- часопис за педагошку теорију и праксу, Подгорица. бр. 1, 2-3.

**Табела 3.**Приказ на процес на сегрегација, интеграција и инклузија

| Сегрегација | Интеграција | Инклузија |
|---|---|---|
| Сервис за помош на лицата со хендикеп | Потреби на лицата со хендикеп | Права на лицата со хендикеп |
| Категоризација на лицата со хендикеп | Намалување(лечење) на лицата со хендикеп | Реструктуирање на образовните институции |
| Специјален/поинаков третман | Ист третман за сите | Еднаквост-секој добива поддршка која му е потребна за максимално да ги развие своите потенцијали |
| Хендикепот е проблем кој треба да се реши (од страна на специјалисти) | Хендикепот е проблем кој треба да се реши | Сите имаат свои вредности/потенцијали |
| Сервиси кои постојат во специјални установи | Добивка за лицата со хендикеп кои ги пружа средината во која е интегрирано лицето | Добивка за сите со ангажирање на сите |
| Професионалци/експерти | Професионалци/експерти | Политичка борба, пријателство и поддршка |
| Специјална терапија | Техники | Животни искуства |
| Категоризација и маргинализација | Сфаќање на чувство за беспомошност | Асертивност |
| Нагласок на смалените способности | Нагласување на процесот | Нагласување на резултатите:постои сон |
| Посебен курикулум | Реализација на општ курикулум | Содржина на курикулумот |
| Интеграција за некои особини не е препорачана | Интеграцијата може да се релизира | За инклузија треба да се бориме |

На табелата е претставена разликата помеѓу трите модели на вклучување во општеството со посебен акцент на образованието.[10]

[10] Inkluzija i integracija. Available trough: http://www.inkluzija.org/biblioteka/rscObrazovnainkluzija2.pdf [Updated Februar 2008] [Accessed Februar 13 2011]

Според основните поставувања на инклузивно-воспитно-образовниот процес, секое дете има посебни потреби. Затоа, задача на секое општество е да обезбеди најквалитетни услови кои ќе овозможат флексибилен систем на образование. Така, секое дете ќе може да напредува и да се развива според своите можности (Booth, 2000). Вајнбренер (2010) смета дека сите деца се способни да учат.[11]

Инклузијата како вредност ги поддржува сите права на децата без разлика на различните способности, адекватно да учествуваат во сите активности во рамки на својата заедница.

## 1.3 *Предностии од инклузијатна во иредучилишниите усшанови*

Инклузијата на децата со пречки во развојот и посебни образовни потреби во редовниот воспитно-образовен систем е дел од светските движења за човековите права коишто бараат една целосна инклузија на сите луѓе со пречки во развојот во сите области и аспекти на животот. Концептот на инклузивното образование е прифатен и застапен во сé поголем број документи и одредби од голем број земји, интернационални организации, пред сé, од Обединетите Нации.

Еден од најважните ставови на Меѓународната заедница е поврзан со децата со пречки во развојот и истиот гласи:

- Дете со развојни проблеми е дете со посебни потреби. Дете со посебни потреби е дете.

Значи, поддршката на детето со потешкотии во развојот да развие свои можности, за во граници на своите можности да се оспособи за самостоен живот, да го помине детството како и другите деца, претставува исполнување на сите хумани задачи на секое општество и допринос за остварување на детските права. Интеграција на децата со развојни потешкотии во група со врсниците без

[11] Инклузивна пракса-педагошки модел подршке детету са сметњама у развоју у вртичу. Детету са сметњама у развоју у вртиhу.Зборник ВШССОВ 1, 2011. 21-22.

развојни потешкотии е една од најважните претпоставки на развој на нивниот потенцијал (со соодветна поддршка од родителите и медицинска програма според детските потреби).

- Терминот дете со посебни потреби е од посебно значење за изработка и прилагодување на програма за деца со развојни потешкотии.

Овој термин упатува на воспитувачите и стручниот тим да ги проценуваат потребите кои ги има детето од групата (физиолошки, потреби за сигурност, потреба за љубов, пофалба, самопотврдување, естетика, сознание и потреба за развој.)
Детската градинка, основна цел во својата работа има поттикнување на развојот на детето. Важни правила за исполнување се следниве задачи: добро познавање на детските потенцијали (сочувани и неразвиени) и наложување на целиот потенцијал да се искористат сочуваните потенцијали кои детето ги има.

Основните принципи врз кои што се базира работата со децата со пречки во равојот во детските градинки се следниве:

-сите деца имаат право да учат и играат заедно;

-децата не треба да бидат потценети или дискриминирани со нивно исклучување од околината заради нивна попреченост или тешкотија во учењето;

-не постои ниту една валидна причина заради која децата се поделуваат при нивното образование. Тие припаѓаат заедно и немаат потреба да бидат заштитени едни од други .[12]

Од спроведување на инклузивниот модел има голем број предности кои се важни како за детето со пречки во развојот, така и за средината која е многу важна за воспитувањето и образованието на детето, а пред сѐ, неговата подготовка за прифаќање на реалноста и сите предизвици во животот.

[12] Tilstone, C., Florian, L., Rose, R., 1996 Developing an Inclusive Policy for Your School Centre for the Study of Inclusive Education, Inclusive Practice: what,why and how? Routledge, London & New York, pp.13-14.

Инклузивната предучилишна програма овозможува децата со потешкотии во развојот да учествуваат во сите секојдневни активности со „здравите деца". Децата со пречки во развојот со помош на другите деца развиваат односи со врсниците, што им е од голема важност за здрав сознаен и социјално-емоционален развој. Децата на таков начин имаат можност и да учат на најприроден начин, низ заедничка игра и активност со останатите деца, притоа им дава можност да развијат социјални и комуникациски вештини, осамостојување, да научи да се прифати самиот и своите посебни можности, низ секојдневното искуство на прифатеност од другите, неопходно за развој на себепочитување и самостојност. Што може да се види од следната табела.

**Табела 4.** Приказ на предности од процесот на инклузија

| | Предности |
|---|---|
| Деца со пречки во развојот | -поштедени се од ефектот на одделеност, посебно образование, вклучувајќи ги и негативните ефекти на етикетирањето и негативните ставови поттикнати од недостаток на контакт со нив;<br>-учат нови адаптивни вештини, а воедно и да научат како да ги користат своите способности по пат на имитација на другите;<br>-комуницираат со врсниците од кои ќе научат комуникациски и социјални вештини;<br>-реални животни искуства кои ги подготвуваат за живот во средината. |
| Деца без пречки во развојот | - имаат можност да научат и да формираат реални и точни ставови за лицата со пречки во развојот.<br>- развој на позитивни ставови кон другите кои се различни од нив;<br>- нови искуства, да научат алтруистички однесувања како да ги користат ваквите однесувања;<br>-запознаваат личности кои се издигнуваат над нивните потешкотии. |

| | |
|---|---|
| Општество | - од рано детство ги надминуваат сегрегацијата, ограничувањата и специјализираните програми.<br>- заштеда на средства за образование доколу децата со пречки во развојот од предучилишно образование продолжат во редовно училиште. |
| Семејствата на децата со пречки во развојот | - имаат можност да дознаат многу повеќе за развојот на своето дете;<br>-се чувствуваат помалку изолирани од средината;<br>-се развива соработка и помош помеѓу семејствата. |
| Семејствата на децата без пречки во развојот | - соработка, помош и пријателство со родители на деца со пречки во развојот.<br>- можност да ги учат своите деца за индивидуалните разлики, прифаќања на поединци кои имаат пречки во развојот.[13] |

На прашањето: Зошто инклузија во градинките? во статијата на Charlene Comstock-Galagan, 2008 се наведени следниве објаснувања:

- ***Затоа што секое дете заслужува поголема животна шанса: Инклузијата значи големи очекувања.***

Родителите и лицата кои работат во градинките треба да имаат поголеми очекувања од детето. Очекувањата за достигнување на знаења понекогаш се пониски, но со единствена желба да не се напрегнуваат или да се разликуваат во знаењата од дугите. Со тоа несвесно родителите и професионалците прават децата да функционираат и „живеат доле", наместо „живеење горе" со новите искуства. Постојана борба за промена на ставот што децата можат да направат, да бидат, да учат, за разлика од презаштитеноста и намалување на нивните можности за избор.

[13] Wolery, M., Wilbers J, S., 1994 Introduction to the inclusion of young children with special needs in early childhood programs. In M. Wolery and J. S. Wilbers ., Including children with special needs in early childhood programs. Washington, pp. 1-22.

Да се насочи грижата помалку кон превенцијата и удобноста на децата, а повеќе кон давање повеќе можности и избор.

- ***Бидејќи инклузијата од почеток значи инклузија во иднината: Патот е отворен од рана возраст.***

Децата треба да бидат вклучени во група во градинките со другите деца за да имаат можност да се подготвуваат за индината. Барањето на еден пат-сегрегација, значи намалување на шансите за избор и напредување. Децата кои од мала возраст се вклучени во едукативниот процес, имаат можност да влијаат на својата едукација и социјализација, а тоа значи дека тие деца кои оделе во градинка „ќе продолжат" и во редовно училиште, а по завршување „ќе бидат" подготвени за вистинскиот живот.

Децата кои од рана возраст се во детските градинки, се добредојдени во општеството и не се принудени да зависат од сервисните служби и државата за нивниот живот. Да се биде вклучен во група со 22 деца, значи за детето да ја запознае група во градинка, училиште. Тоа значи дека 22 семејства ќе имаат можност за интеракција и комуникација со тоа дете и семејство.

- ***Бидејќи инклузијата од почетокот значи многу различни модели:***

Децата учат еден од друг. Модел на дете кое е во специјална установа е дете со потешкотии во учењето или други проблеми. Комуникацијата помеѓу децата во редовните училишта се сведува на можноста да комуницираат, да се дружат, играат, учат, слушаат музика, ручаат. Заедно се со деца кои немаат потешкотии, тие им се добар модел за учење во текот на денот и низ сите заеднички активности. Од 22 деца во групата има 22 модели на учење кои се можности за детето да стекне успех во социјални или академски знаења. И најдобриот дефектолог не може да најде подобар и поуспешен метод на работа од успехот кој го постигнуваат децата во групата заедно со детето со посебни потреби.

❖ ***Бидејќи инклузијата од почетокот значи дека сите победуваат***

Сите деца добиваат многу од образовните можности независно какви се нивните можности и способности. Децата од групата имаат голем број предности од присуството на дете со посебни потреби. Тие се во предност од можноста да спроведат модел на учење - да бидат подучувачи. Децата од рана возраст кои се вклучени во групите стануваат дел од групата, општеството, не е етикетирано, или отфрлено. Во градинка децата кои имаат контакт со дете со посебни потреби, во голема предност се за стекнување на вештини на прифаќање, помош и поддршка на тоа дете. Тоа им е основа да ги прифаќаат промените во животот како возрасни (доктори, наставници, инжинери, свештеници, членови на клубови) создавачи на политики, а пред сè, родители на дете со посебни потреби.

Детето со посебни потреби во групата од страна на неговите врсници не се гледа како ученик - тие го подучуваат, туку заедно ручаат, се дружат, комуницираат. Додека пак, во специјалните услови соучениције со посебни потреби се само пасивни учесници во училишниот живот. Дефектолозите профитираат од инклузијата, учењето не е толку долго да чекаме нешто да се случи, туку детето со посебни потреби се става во позиција заедно со другите деца да учи и да стекне нови искуства.

❖ ***Бидејќи инклузијата од почеток значи пријателство***

Вистинското пријателство е многу важно за нашиот живот. Најлесно за стекнување на нови пријателства е детската градинка.

Децата во градинка не знаат кои се тие деца со пречки во развојот. Тие ги познаваат како деца од група. Со нив се дружат, си играат, на најприроден начин непринудено се стекнува доверба, љубов и пријателство.

John McKnight од универзитетот во Northwestern рекол: „Сите општества зависат од капацитетот на луѓето, подготвеноста за тоа што тие можат - не што тие не

можат - срцето на едно општество е капацитетот. Ако сакаме општество, ќе го градиме и вреднуваме по големината, а не по потребите или недостатоците“. [14]

- *За деца со пречки во развојот:*

- Подобра социјална интеграција, социјализација, откривање и поттикнување на различни сочувани потенцијали, поттикнување на развој и стабилизација на детската сигурност, задоволство и самопочитување;
- Развој на комуникациски способности (изразување на потреби - вербален, невербален начин), разбирање и задоволување на потребите на другите (на врсници и возрасни во рамки на своите способности), постигнување на телесен развој и здравје (преку програма за развој на сила, брзина, контрола на движење и конкретни вештини), развој на навики и социјализација во целина.

- *За деца без пречки во развојот*

Покрај општите цели поврзани за стекнување на развој на секое дете во граници на неговите способности, инклузивната програма има и цел за:

-Развивање на осетливост за потребите на децата кои потешко напредуваат, развивање на способности за препознавање на потребите и мотивирање на децата со пружање на помош во задоволување на тие потреби во граници на детските можности, прифаќање на различноста како нормален и иницијален развој на вредностите на системот заснован на искуствата за децата кои имаат пречки во развојот.

- *За родители на деца со пречки во развојот*

- Стекнување позитивни искуства за можностите на нивното дете за развој и заедички живот со врсниците без развојни проблеми;
-Запознавање со некои можности на своите деца кои не ги знаеле и примена на тие знаења во поттикнување на развојот на детето (дома, меѓу врсниците, подоцна во училиште);

---

[14]Charlene. C.G., 2008 Why inclusion begin in kindergarden.. Or doesn't. Available through: www.texasprojectfirst.org/WhyInclBeginsKinder.pdf [Updated Octobar 2008 ] [Accessed August 2010]

-Стекнување нови вештини за воспитување и поттикнување на развојот на своето дете;

Подготовка на детето за почеток во училиште (редовно или посебно),поттикнување на позитивни цели за иднината на своето дете и семејство, развивање на релистички ставови за способностите и можностите на своето дете.

- *За родителите на деца без пречки во развојот*

-Формирање развој и одржување на позитивни ставови за инклузијата на децата со пречки во развојот во групите со своите врсници.

- *За воспитно-згрижувачкиот кадар во предучилишните установи*

-Развивање и одржување на мотивацијата за работа со деца со пречки во развојот, развивање на позитивни емпатиски ставови кон овие деца и нивните родители;

-Поттикнување на децата без пречки во развојот да развијат позитивни емпатиски ставови кон децата со пречки во развојот.

-Развивање на чувствителност и препознавање на потребите на децата со пречки во развојот. Давање помош и поттикнување на другите воспитувачи и негуватели за прифаќање на деца со пречки во развојот.

- *За членови на стручниот тим*

-Развој на способности за планирање и изведување на инклузијата за деца со пречки во развојот- развивање на советодавни вештини во работа со врсниците и родителите, развивање на способности за понатамошна примена на успесите од инклузијата.[15]

---

[15] Hrnjica S., Djurovic. M., 2000 Program integracije djece sa smetnjama u razvoju u redovne grupe predskolskih ustanova u Crnoj Gori. Podgorica 15-16, Available through: http://www.see-educoop.net/education_in/pdf/inklu_2-yug-mon-srb-t03.pdf [Updates January 2005] [Accessed August 23 2010]

## *1.4 Организација на инклузивната пракса во другите земји*

Европските земји можат да се групираат во 3 категории во однос на политиката и праксата за инклузија.

1. Земји кои ја развиваат праксата за вклучување или инклузија на сите деца во предучилишните установи и образовниот процес (Италија, Кипар, Португалија, Шведска, Норвешка, Шпанија);

2. Земји во кои се развиваат многубројни служби помеѓу специјален и редовен систем (Финска, Данска, Велика Британија, Франција, Чешка, Полска, Литванија, Словенија, Хрватска);

3. Земји во кои има два паралелни, неповрзани, одвоени системи (Белгија, Швајцарија, Германија, Србија и Црна Гора).

Првите пилот-проекти за инклузија во предучилишните установи се реализирани во Инсбург во 1978 година. Во Австрија потврдени се позитивни примери за вклучување на деца во хетерогени групи, а со државен закон, Декрет од 2004 година во Белгија се означени три врсти на инклузивен пристап: потполна перманентна инклузија (децата со пречки во развојот одат во редовни образовни институции со поддршка на специјалните образовни институции), парцијална перманентна инклузија и привремена инклузија.

Во Чешка процесот на инклузија има за цел давање еднакви можности за ефективно и ефикасно образование во согласност со потребите и можностите на детето, при што процесот е фокусиран на силата на децата и индивидуалните развојни и образовни потреби. Развивање на индивидуални планови за образование на сите деца, а особено за деца опфатени во инклузивниот процес и законска должност за вклучување на децата со пречки во развојот во формалниот систем на образование, важи за земјите од Скандинавија.

Сите овие земји обезбедуваат предучилишно инклузивно образование за деца меѓу 3 години и училишна возраст. Во Шведска и Португалија (скоро) сите деца со пречки во развојот посетуваат детски градинки. Во Унгарија, Франција, Германија, има посебни институции (различни форми) на инклузивно

образование и постојат стапки на инклузивно образование кои се разликуваат помеѓу националните региони.
На пример, се смета дека во цела Германија речиси 80% од сите деца со пречки во развојот се вклучени во инклузивни детски градинки. Насочен кон давање на индивидуална поддршка на сите деца во инклузивно опкружување, со нагласување на значајната соработка со лицата и институциите за вклучување на процесот на инклузија.

Филозофијата за инклузија како теоретска основа за специјален модел потекнува од Канада. Канада, покрај Соединетите Американски Држави била најрадикална, најпрогресивна и најисполнителна за инклузијата на децата со пречки во развојот во сите содржини на животот во заедницата.
Притоа, продолжуваат понатаму за промена на дуалниот (двоен) воспитно-образовен систем. Редовниот и специјалниот во едноставен систем за воспитание и образование кои им овозможуваат на децата со пречки во развојот да бидат потполно вклучени и прифатени како вредни членови во детските градинки и редовни училишта, а со тоа, и во заедницата.[16]

Во последниве две децении во Велика Британија се става акцент на донесување на антидискриминирачки закон кој ги регулира правата на лицата со посебни потреби.
Во периодот од 1991 година во државните училишта во Соединетите Американски Држави се обезбедуваат бесплатни, соодветни едукативни услуги за предучилишна возраст за децата со посебни потреби. Почнувајќи на возраст од 3 години. Императивот е да се вклучат овие деца заедно со другите деца, но голем број пречки се појавиле за нормално функционирање.
Постојат следниве видувања за инклузијата во детските градинки:
-Bricker,1995-посебни групи со деца со посебни потреби.
-Второ како што вели законот се препорачува децата со посебни потреби колку што е можно повеќе да добијат бесплатно соодветно образование во групи со

[16] Nikolic D., Zavsic V., Gajic T.,Jacimovic N., Kolar S., Nikolic D., Zavsic V., Gajic T.,Jacimovic N., Kolar S., 2004 Pravni vodic za roditelje dece sa smetnjama u razvoju. Biblioteka Veliki mali [e-book] Pancevo: Available through: www.chris-network.org/attachment/000000011.pdf [Updates 20.01.2005] [Accessed August 2010]

врсници, кое е забележано во закон за деца со посебни потреби-(ПЛ 94-142) и други закони во САД.

Во Србија по 1970 година доаѓа до масовно запишување на децата со пречки во развојот во редовните училишта и градинки. Овој процес на инклузија на децата со пречки во развојот и прифаќање на попреченоста како израз на човековата разновидност донесе напредок во областа на човековите права, но сепак, со голем број тешкотии за неподготвени учесници во процесот. Комисијата за реформа на предучилишното образование во Србија дава податоци дека 1% од сите деца со пречки во равојот се вклучени во сите групи во редовните предучилишни установи во однос на 27% на останатите деца на предучилишна возраст.
Предучилишните установи за деца со пречки во развојот се организирани како самостојни предучилишни установи, развојни групи и редовни воспитни групи во кои се интегрирани овие деца.

Инклузивното образование во Турција започнува во пракса од 1997 година, со тоа е утврдена следнава рамка со која:

-тие ги покриваат и „нормалните" деца и деца на кои им е потребна специјална едукација;

-предучилишното образование е задолжително за децата дијагностицирани со потреба за специјална едукација;

-образование во посебните училишта и институциите на предучилишно образование;

-траењето на предучилишното образование за децата со пречки во развојот може да се продолжи со земање во предвид на нивните развојни и индивидулани карактеристики; воспитувачите имаат влијание врз успехот на децата со пречки во развојот и инклузивната програма. За успешна инклузија од друга страна, воспитувачот треба да има позитивен став, доволно знаење и вештини за инклузивно образование, а воедно, да бидат ентузијасти за развојот на детето. (Cedler, 1994; Artan, Balat, 2003).[17]

---

[17] Sari H., Celikoz N., Secer Z.,2009 An analysis of pre-school teachers and student teachers attitudes to inclusion and their self-eficacy ,Konya, Internactional Journal of special education, Vol 24 (3), 29-31 [online] Available at: http://www.internationaljournalofspecialeducation.com/articles.cfm?y=2009&v=24&n=3 [Accessed Septembar 13 2010]

Концептот на инклузија во Грција е воведен во воспитно-образовниот процес во детските градинки во 1974 година. Од 1976 година Министерството за образование ја презело целосно одговорноста за процесот на инклузија. Грчкото законодавство ја прифатило потребата од инклузија на децата со посебни потреби истакнувајќи дека: „сите деца треба да имаат еднакви можности за едукација, социјална интеграција и подготовка за успешен премин од образование во живот".

Инклузија во Азербеџан, бројот на градинките драстично се намалил во последните години поради финансиска криза. Сепак, во Баку има 5 специјални градинки за деца со церебрална парализа, оштетување на слух, говор и ментална ретардација. Децата со поблаги оштетувања се запишуваат во редовните градинки и сите деца имаат иста едукативна програма. Стручните лица назначуваат дека инклузијата ја олеснува интеграцијата во редовните училишта.[18]

Во Германија постои следниот систем на работа во детската градинка. Во третата година од животот, а може и порано, детето го вклучуваат во градинка. Тоа е мала група од 6 до 8 деца во редовната градинка. Тие имаат своја воспитувачка и специјален педагог. Еднаш во неделата во градинката доаѓа логопед и физиотерапевт. Со таквата организираност може да вклучуваат деца со разни пречки во развојот. На таков начин, во Германија веќе 25 години се вклучени повеќе од илјада деца. Паралелно со тоа, некои деца се вклучени и во редовните групи. Центарот е детето со семејството околу кои се здружуваат различни институции, сите придобиваат и се добива нов квалитет. Ако развојната терапија е поставена рано и тече непрекинато од раѓањето, се регистрираат позитивни резултати во развојот на детето и во способноста за негово адаптирање.[19]

---

[18] Education update, 1999 Children with Disabilities[online] Unicef, Vol 2 (4), 8-9. Available at: <http://www.unicef.org/education/files/vol2disabileng.pdf [Accessed August 12.2010] [Updates October 1999]

[19] Скубер П., Смислата на раниот почеток (Добрите резултати на раниот почеток). Дефектолошка теорија и практика 2. 111-113 [online] Available at: http://jser.fzf.ukim.edu.mk/pdf/1997-2/19-PET~1.pdf [Updates 29.07.2009] [Accessed 12.2010].

Еден од основните принципи на кои се заснова образованието во Словенија е принципот на еднаквост.

Образовниот систем е заснован на принцип на не-дискриминација и отстранување на потешкотии. Предучилишното образование на децата со посебни потреби се темели на развој на личноста на детето и почитување на правата на децата и слободата, со истовремено развивање на толеранција, пријателство, разбирање помеѓу сите субјекти вклучени во тој процес.

Дефектологот работи со децата на различен начин во зависност од потребите и интересите на детето со посебни потреби. Делот од техничката поддршка се изведува надвор од групата.

Програмата за работа на Институтот за инклузија (ECRII) која ја поддржува инклузијата, ги поставува следниве филозофии за развој на инклузијата:

-Дефинирање на цели, постапки и процес на инклузија;
-Програма одобрена од родителите;
-Програма поддржана од сите институции;
-Соодветен простор, уредување и материјали.

- Занимална пристапна за сите деца

- Децата со физички недостатоци имаат можност слободно да се движат во просторот;
-Уредувањето на занималните е променливо и достапно за прилагодување според потребите;
-Функционални и лесно разбирливи знаци, табли и слики, достапни голем број на метеријали и играчки соодветни на нивниот развој;

-Соодветно надворешно уредување (игралишта) за полесна игра и комуникација со другите деца.

- Обука за персоналот

-Персоналот има стекнато знаења за развојот на децата и понатамошни развојни насоки;
-Дефинирани се поединечни работни задачи за процесот на инклузија;

-Поддршка за спроведување на терапијата и насоки околу уредување на средината;
-Дискусија и консултации во одредено време за развојот на децата;
- Поддршка од стручниот тим на институцијата.

- Индивидуализација на програмата

Целите за постигнување од страна на децата се функционални, реални, според можностите и способностите на децата како и воспоставување на лесна комункација дете-дете и дете-возрасен-дете.

- Терапија и третман на деца со пречки во развојот

- Децата во текот на денот имаат повеќе време за вежбање и индивидуални игри;
- Децата со пречки во развојот имаат посебен приод кон играта и материјалите и затоа е потребна поддршка;
- Децата учествуваат во сите активности, слободни, насочени и ги следат истите постапки како и другите деца;
- Програмата се прилагодува соодветно на потребите на детето, планирање на чекори за поттик и напредок се случуваат секојдневно.

- Улогата на персоналот се сведува на:

-Дневно планирање, предвидување на активности;
-Користење на природно опкружување за формирање на знаења;
-Можност на детето да одбира, негира и самостојно да ги решава проблемите;
-Мала физичка присутност во просторот за слободна комуникација помеѓу децата;
-Прилагодување на средината за учество, приврзаност и учење, прилагодување на материјалите за децата да бидат посамостојни во играта;
-Насоки за игри по групи, насоки за зголемување на барањата во одредени активности за децата со пречки во развојот, поддршка за комуникација и интеракција меѓу децата;
-Следење на напредокот, потешкотиите и мониторинг на истите, како и евалуација по одреден зацртан период. [20]

[20] Wolery, R. A., Odom. S.L., 2000 An administrator's guide to preschool inclusion.University of North Carolina, FPG Child Development Center, Early childhood research institute on inclusion 39-77.

## 2. Работата на дефектологот во предучилишните установи во другите земји

Улогата на дефектологот во градинката, особено во градинките во кои ја воведе инклузијата е речиси неизоставна, од проста причина, што постоечкиот воспитен кадар нема едукација во полето на инклузијата. Програмски, предучилишното воспитание на детето со пречки во развојот дефектологот го остварува низ два дела: едукативен и клинички.

-Едукативниот дел во основа се базира врз компонентите на програмата на редовна воспитна програма, со тоа што по обем и време се усогласува со специфичностите и со можностите на детето.

-Клиничкиот дел на програмата ги опфаќа подрачјата на когнитивните процеси: комуникациите, сензомоторниот развиток, интелектуалните психички процеси, волно-емоционалната сфера, однесувањето, личната хигиена, грижата за себе и подрачјето на семејниот и општествениот живот.

Предучилишната установа носи со себе латентна можност за раст и развој на личноста, комуникација со децата од различни социјални, културни слоеви и групи, нагласувајќи автономија на личноста како главни вредности на воспитанието. Таа претставува идеален амбиент за реализирање на ова барање, под услов да има стручен работник - дефектолог и воспитувачи кои претходно се подготвени и запознаени со карактеристиките на децата со посебни потреби.
За успешна едукација на децата во редовната предучилишна установа, влијаат одредени субјективни претпоставки (самите деца со пречки во развојот, врсниците од групата, родителите, воспитувачите, другите членови на стручниот тим), како и одредени објективни претпоставки (намален број на деца во одделна воспитно-образовна група, диференциран дидактичко-методички третман, соодветност на наставните планови и програми)[21]

[21] Христова, А., 1997 Потреби и проблеми во организирањето на предучилишно воспитание на децата со пречки во развојот, како предуслов за успешно интегративно образование. Дефектолошка теорија и практика, 4, 67.

Во Србија, стручниот соработник дефектолог, реедукатор работи на планирање и програмирање на: изработка на индивидуални планови за работа за деца во развојните групи и инклузивните групи, планира соработка со родителите и околината.

Непосредна работа со деца: работи на реедукација на психомоторика на децата во развојните групи и инклузивните програми, собира и обработува податоци за децата на почетокот и крајот на годината, систематски го следи напредувањето на децата во сите аспекти на развојот како учесник во стручниот тим.

Соработка со родителите: секојдневна консултативна и советодавна работа при прием и испис на дете, ангажирање на родителот за некои активности во групите и објектот, иницијални состаноци пред прием во група.

Соработка со воспитувачите: учество во избор на дидактички материјали и други помошни материјали кои се користат во работа со децата, советодавна работа со воспитувачите, учество во работа на стучните органи, стручно усовршување на воспитувачите, соработка во стручниот тим за интердисциплинарно согледување на одреден проблем. Соработка со околината: соработка и консултација за следење од специјализирани здравствени служби, соработка со центарот за социјална работа „Дунав", соработка со училиштата за воспитување и образование на деца со пречки во развојот, учество на активи на дефектолози во предучилишните установи, учество на стручни состаноци на дефектолози, соработка со училиштето „Милан Петрович" Нови Сад.[22]

Стручниот соработник дефектолог во детските градинки во Хрватска ги има следниве работни задачи:

-планирање и подготовка, учество во изработка на предлог Годишен план и програма за работа;

-индивидуална програма за работа со деца со пречки во развојот;

-учество при прием на дете со пречки во развојот, родителски состаноци, интервјуа;

---

[22] Vrtic Indjija, 2008.O nama (Osoblje-defektolog reedukator psihomotorike) [online] http://www.vrtic-indjija.rs/code/navigate.php?Id=69 [Accessed Decembar 1 2010]

-учество во подготовка на просторот за вклучување на децата, подготовки околу грижата, негата и образованието на тие деца;

-дијагностицирање на деца со потешкотии во развојот и преземање соодветни мерки;

-предавања, дискусии, соработка со училишта и институции за добивање информации за следење на децата, заедничко преземање на соодветни мерки;

-работа со воспитно-негувателскиот кадар, лекар, стручен тим;

-стручно усовршување на дефектологот (проучување на литература, учество на семинари, усовршување за одбирање на соодветни методи за работа, стручно усовршување на тимот во градинката (консултации, предавања, стручни активи, работилници, упатување на литература);

-работи и води други работи по барање на раководител и директор.

По прием на дете во градинка, прави анализа на податоци (здравствени, развојни) и интевју со родителите. Води соодветна документација и должен е да го реализира зацртаниот Годишен план и програма.

После подолго проучување на документацијата со другите членови на стручниот тим од градинката, прво се утврдува развојот на хигиенските, културните навики, развој на говорот кај детето. Потоа и правилна артикулација, правилен изговор на зборови и кратки реченици, функционален речник на ниво на забележување на конкретни предмети, слика со тие предмети, се проценува развојот на визуелната, аудитивната перцепција, способностите на сетилата за допир, вкус и мирис, координација на движења, фина моторика на раката и прстите, ниво на ликовно, музичко и физичко изразување, развој на социјалните карактеристики на детето, емоционален развој.

- Консултации за прилагодување на планот за работа според способностите на детето.

- Изработка на специјална програма за поттикнување на когнитивниот развој (способности за перцепција и заклучување, вежби за развој на помнење и внимание, едноставна анализа и синтеза, развој на способност за примена на знаењата, вештините и примена во ситуации од секојдневието). Во подготовката на програмата за работа на дефектологот се назначуваат

следниве важни работи: избор на облици, методи и начин на работа, подготовка на дидактички материјал, наставни средства и помагала (наставни ливчиња) и др. Реализирање на вежби од областа на логотерапија, кинезитерапија.
На основа на подготовка на тие вежби и содржини, дефектологот учествува во подготовка на стручно мислење за опсервацијата на децата, го опишува сензорниот, когнитивниот развој со нагласување на развој на перцепциите, просторната и временската ориентација, аудитивната и визуелната перцепција, фина и груба моторика, помнење, мислење, социјализација.

Дефектологот во градинката работи со деца кои во својот развој имаат потешкотии, а вклучени се во редовните групи. Дефектологот нуди индивидуална поддршка и помош, помага на воспитувачите, дава модел на учење за време на игра и дружење. Во индивидуалната работа се дете со пречки во развојот дефектологот ги задоволува специфичните потреби на детето да ја зајакнува неговата слика за себе, да ги развива неговите моторни, сознајни, сензорни, комуникативни способности и вештини, така помага за целосниот развој и кавалитетна социјална вклученост со врсниците.
Учествува во стручно усовршување на воспитувачите како би се информирале за проблемите на децата, соодветно на потребите и можностите на детето, а со тоа давајќи му позитивни влијанија. Соработката со родителите на деца со пречки во развојот како партнери во одгледување и развој, како партнери во развојот низ различни облици на работа. Во интерес на детето соработува и со стручни лица и надвор од градинката, посебни специјализирани институции.[23]

Во Бугарија во Дневна градинка за хендикепирани деца, дефектологот што се грижи за децата од 3 до 7-годишна возраст, започнува со изготвување на индивидуални планови, што се осовременуваат за неколку месеци од страна на целиот тим што работи со децата: психолог, дефектолог, логопед, терапевт и супервизор. Програмата се прилагодува според индивидуалните способности на детето. Посебен план се изготвува за секое дете, што е во согласност со педагошките активности на групата.

[23] Vrtic Jarun, 2010 O nama.(Strucni saradnici Defektolog) [online] http://www.vrtic-jarun.hr/onama/ [Accessed Septembar 11 2010]

Работата со децата со пречки во развојот се базира врз основна обука: прво пристап кон детето, потоа образовни игри, цртање со прсти, со цела рака, со четка, разликување на бои, почнување со дијаграми. Секое дете има бележник по кој може подоцна да се следи, а кој им помага да видат со какво знаење и вештини се стекнале во еден определен период. Во образовниот проект на секое дете е вклучена неговата социјална интеграција. За во иднина треба добро да се размисли за условите за негова понатамошна интеграција во училиштето што мора да биде успешна и треба да се реализира само во случај ако нуди нешто добро за детето, меѓутоа, не по секоја цена. Самото дете треба да покажува желба, а и да добие одобрение од училиштето.

Образовните активности на дефектологот се индивидуални и динамични, но и флексибилни и прилагодени на посебните потреби и индивидуалното темпо. Ова е мошне добар пристап за да се откријат и формираат желбите, кои децата ги изразуваат спонтано, а на тој начин, ги стимулираат сопствените потенцијали. Овие активности се спроведуваат во самата институција и надвор од неа.

1.Реедукација и терапија на психотерапевтско ниво
Основната цел е да се развие личноста на детето.
Специјализираната помош што ја дава дефектологот има за цел да ги потенцира односите на детето со семејството, со групата, децата, персоналот.

2. Психомоторна реедукација - претставува добар пример за реедукација на сите оние работи кои се научени, но останати на еден стадиум, а со самото учење низ наједноставни движења на телото да се добие контрола врз сопственото тело.

3. Кинезитерапија - повеќето деца со ментална ретардација имаат нарушена моторика. За нив лекарот-физиотерапевт и дефектологот изготвува специјална програма на која терапевтите за рехабилитација строго се придржуваат.[24]

[24] Малинова, И., Владимирова, С., 1997 Организација и структура на активностите на Дневната градинка за хендикепирани деца Вера, Надеж и Љубов., Пазарџик, Бугарија, Дефектолошка теорија и практика, 1(4), 100-105.

## *2.1 Рабоӣа на дефекӣологоӣ во ӣредучилишниӣе усӣанови во Реӣублика Македонија*

Во Македонија во секоја градинка неопходно е да се вклучат посебни стручни лица, дефектолози кои ќе му помагаат на воспитниот кадар во чии групи ќе има вклучено деца со пречки во развојот и повремено, врз основа на посебна изготвена програма, индивидуално ќе работат со децата.

Дефектологот, како стручен соработник, член на стручниот тим, ќе се грижи за реализација на предлог-програмите на стручниот тим и ќе се консултира со другите стручни профили за проблеми што бараат дополнителна стручна интервенција.

- Применува дефектолошки инструмент врз основа на добиени резултати и препораки на стручниот тим;
- Изготвува програма за идивидуална работа за децата со речки во развојот, што се реализира со децата надвор од групата, што значи дека врши планирање и програмирање на говорните и аудитивните вежби;
- Применува дидактички средства и помагала и посебни вежби за стимулација на перцептивниот и моторниот развој;
- Во соработка со воспитувачот ја следи адаптацијата на детето во матичната група и индивидуалниот третман и по потреба и самиот се вклучува во реализирање на активности во групата;
- Креира и ја реализира работата со родители на децата со тешкотии во развојот, што може да биде од информативен и советодавен карактер, индивидуално или групно, како и работата со родителите во семејството, каде дефектологот ги демонстрира постапките на предвидените форми на работа;
- Соработува со воспитувачот во информирање на родителите на децата без пречки во развојот, со цел за реализирање на толеранција, разбирање и помош за успешно реализирање на инклузијата на децата со пречки во развојот.[25]

---

[25] Јачова. З., Солтирова. Е., Икономанова. С., Чичевска. Н., Ѓеоргиева. Н., 1998 Предучилишно воспитание на децата од предучилишна вораст предуслов за успешно интегративно образование.Дефектолошка теорија и практика. 4.19-20

## 2.2 *Работни задачи на дефектологот во детската градинка*

Главната задача на дефектологот, стручен соработник за работа со деца со пречки во развојот кои се вклучени во редовни групи во детската градинка, се состои во професионално согледување на развојот на детето во склоп на редовната група, ублажување на потешкотиите и спречување за настанување на секундарни потешкотии, со цел за целосна интеграција на децата за живот во пошироката општествена заедница. Остварувањето на оваа цел може да се постигне доколку има соработка со родителите, воспитно-негувателскиот кадар, стручните лица во градинката и надвор од неа, едукација, советодавна улога на целиот кадар. Подетално изложени се следниве задачи:

-Учествува во детекција, односно во откривање на децата со пречки во развојот во раната, предучилишна возраст, преку лично-професионално ангажирање;

-Планира и програмира работа за утврдување на степен на способности и можности на дете, степен на усвоени знаења, умеење и вештини;

-Изработува индивидуална програма за работа на детето, на пример, (вежби за стимулација на перцептивниот и моторниот развој);

-Учествува и изработува план за третман на деца со пречки во развојот и тоа со посебно ангажирање во когнитивниот развој, подрачјето на јазикот и подрачјето на сензорниот и психомоторниот развој кај децата со пречки во развојот.

-Го следи напредокот на детето со индивидуалниот третман и во групата;

-Учествува во сите фази на превенција, односно во спречувањето и ублажувањето на последиците од попреченоста;

-Го подготвува детето за вклучување во организирани групни облици на игра, учење, дружење;

-Едукација на предучилишни кадри, теоретска и практична оспособеност за работа со деца со пречки во развојот;

-Стручна помош на воспитувачите за изведување на воспитно-образовна работа, рехабилитационо-корекциона и реедукативно-психомоторна работа со

децата со пречки во развојот што се вклучени заедно со другите деца во редовните групи;

-Учествува во тимска дијагностичка процедура и изведува самостојна дефектолошка дијагностика;

-Учествува во работа во тим за прием, опсервација, добивање на свое мислење за дијагноза;

-Учествува во советодавна, информативна и групна работа со родители;

-Учествува во индивидуална работа со родители на деца со пречки во развојот;

-Воспоставува мрежа на контакти и координација со кадри од областа на здравството, образованието и социјалната заштита.

-Секојдневно водење на документација и подготовка за работа.

Како дел од стручниот тим има свој придонес во:

-стручно-аналитичко-истражувачка работа од областа на дефектологијата;

-инструктивно-советодавна работа и дефектолошко-консултативна работа;

-во усовршување и инволвирање на рехабилитационо-воспитните процеси.

Главни подрачја на развој кои треба да се стимулираат кај децата со пречки во развојот се со цел да ги зачува, поддржи, поттикне и облагороди спонтаните изрази на детето во однос на околината, притоа почитувајќи ја неговата индивидуална способност во откривањето и менувањето на светот околу себе.

Посебни задачи кои се остваруваат во рамките на: физичко-сензорниот развој, емоционално-социјалниот развој, сознајниот развој.

а) Физичко-сензорен развој: јакнење на физичкото здравје, правилен развој на сите органи, поттикнување на развојот на движењата, совладување на моториката како услов за развој на детето, поттикнување на корегирање на целосниот сензорен и перцептивен развој, развивање навики, телесна хигиена, земање храна, празнење.

б) Емоционално-социјален развој, давање помош за стекнување слика за себе, стекнување самодоверба и самостојност во границите на сопствените можности, негување и зачувување на способностите кај детето во контактот со

околината, упатување на детето и усвојување на основните норми на однесување, поттикнување на децата на заедничко изведување на активностите, формирање на задоволно и радосно дете;

в) Сознајниот развој - поттикнување и поддржување на природните способности на детето да ги доживее предметите и појавите, негување и побудување на осетливоста за впечатоци, поттикнување на корегирање на детскиот говор како средство за комуникација, истакнување сознанија.[26]

## *2.3 Основни принципи на работа на дефектологот во јавните детски градинки*

⁕ ***Принцип на демократичност:*** се огледува на широка лепеза на активности. Дефектологот како компетентен и носечки организатор и реализатор, користи и различни методи на работа.
Флексибилноста во просторната и часовната организација на живеењето и работата во групата и со секое дете, е едно од начелата во процесот на реализација на наставните содржини и активности.

Почитувањето на детето од страна на останатите, од опкружувањето, создава самопочит кон себеси и своите можности, што се од особено значење за овие деца. Преку обезбедување на споменатите предуслови, се содава основа за максимално развивање во сите фази на живеењето.

⁕ ***Принцип на отвореност:*** воспитно-образовниот процес треба да програмира и обезбедува отвореност, комуникација и достапност кон сите институции кои се значајни за развојот, напредувањето и севкупното живеење на детето. Контактот со потесното семејство на детето треба да биде перманентен, непосреден и отворен, заради тоа што претставува драгоцен извор на

---

[26] ЈДГ"8 Март"., 2010 Годишна програма за работа на ЈДГ"8 Март"на општина Кисела Вода при град Скопје за 2010/2011 година, 01-639/1. Скопје.

информации, а во исто време, семејството е исклучително важен партнер во реализација на планираните активности со децата.

✷ ***Принцип на еднакви можности и почитување на различностите меѓу децата и принцип на мултикултурализам.*** Преку многу документи и конвенции кои ги третираат правата на овие деца, обезбедени се еднакви услови за нивен оптимален развој. Детската градинка или посебната група во која е вклучено детето должни се да сторат с□ за тие права да станат реалност. Притоа, треба да се почитуваат културните, социјалните разлики во рамките на групата.

Во мултикултурното општество какво што е нашето, покрај негување на сопствените припадности и идентитет, детето треба да се стимулира да стекнува искуства и сознанија и за останатите етитети и култури. Потребно е обезбедување на еднакви услови за оптимален развој на секое дете.

✷ ***Принцип на усогласеност на возрасните и психофизичките карактеристики.*** Планирање на активностите кои им се нудат на децата со посебни потреби треба да се врши со особено внимание, имајќи во предвид многу фактори.

-одбирање прифатливи начини на комуникација;

-адаптирање на индивидуалните способности на децата;

-земање во предвид на желбите и интересите на децата;

-планирање на динамиката и обемот на реализацијата според желбите и можностите на детето.

✷ ***Принцип на следење и поттикнување на детскиот развој:*** воспитанието и образованието го следи детскиот развој. Затоа стимулацијата од страна на дефектологот треба да биде целосно и реално планирана за секое дете и тој треба да тежнее кон поминување на повисоко ниво, но не само формално. Поттикнувањето на дефектологот треба да се движи во наредната зона на развојот на детето, но секако, во корелација со индивидуалните можности и способности на секое дете во дадениот момент. Така се постигнува највиско

можно ниво на формалност на оние психолошки квалитети и способности за кои детето е способно во тој период.

✷ ***Принцип на развојно-процесен пристап:*** цел на учењето кај децата со пречки во психофизичкиот развој т.е. пред сé, подготовка за живот и интеграција во локалната средина. Процесот на учење треба да се реализира преку постигнување конкретни цели преку кои се поттикнуваат и развиваат мисловните процеси, нивното изразување и размислување за себе и своето опкружување.[27]

## 2.4 Методи за работа со деца со пречки во развојот

- ***Метод на набљудување***

-најчесто децата се проучуваат во процесот на играта. Во зависност од полот, возраста и други различности, децата се поставуваат пред разнообразни ситуации на игра. Ако детето самостојно не се насочило кон некоја играчка и не започнало игра, треба да се стимулира кон таква дејност. Тоа е задача на дефектологот.

Во процесот на набљудувањето треба да се следат следниве моменти: -Дали детето пројавува интерес кон играчките и кои играчки го интересираат повеќе од останатите?

-Дали интересот е траен или не?

-Дали адекватно ги употребува?

-Каков е карактерот на играта?

- ***Метод на разговор***

-се користи како прв контакт со децата. Дури и кога проучувањето започнало со игра, дефектологот го користи разговорот. За да биде ефективен, треба да одговара на определени барања. Едно од најважните, е добро да се дефинираат прашањата. За да се насочи разговорот, неопходно е да се знаат индивидуалните

[27] Основи на програмата за воспитно-образовна работа во подготвителна година за деца со пречки во развојот. 2005Министерство за образование и наука. Биро за развој на образованието, 7-9. Скопје.

особености на детето, неговите интереси, каде живее итн., но и сите испитувања и документи за детето. Секој разговор започнува со прашања и тоа прво со тие што не го оптоваруваат детето. Одговорите на децата детално се анализираат.

- ***Анализа на слики***

-овој метод се користи при проучување и помош на деца со интелектуални, слуховни и тешки говорни нарушувања. Целта е да се открие како детето разбира одредени ситуации и до кој степен ги открива причинско-последователните врски меѓу предметите и нивните структурни елементи.

## 2.5 Цел на работата на дефектологот во детските градинки

Главна цел која треба да ја постигне дефектологот е активно учество и ставање во центар на воспитно-образовниот и рехабилитационо-корективен процес на следниве субјекти:

- *Детето како учесник во воспитно-образовниот процес во детската градинка*

- Учество во прием на дете со пречки во развојот;
- Следење и активно вклучување во процесот на адаптација на дете со пречки во развојот;
- Континуирано следење на психофизичкиот развој на детето со пречки во развојот и преземање на потребни мерки;
- Собирање и обработка на податоци за децата со пречки во развојот;
- Дефектолошко испитување и процена на развојниот статус;
- Обработка на податоци од спроведени дефектолошки испитувања;
- Индивидуални рехабилитациски третмани според потребите за индивидуална помош со цел за општа стимулација во средината;
- Изработка на програма за опсервација и индивидуална програма за работа со деца со пречки во развојот;
- Поттикнување на развојот, на она што е позитивно кај секое дете;

- Поттикнување на прифаќање и почитување на разлики, а со тоа развивање на социјални вештини и потреби за воспоствување квалитетен однос со другите.

- *Восӣиӣувачи и неīуваӣели учесници во восӣиӣно-образовниоӣ ӣроцес*

- Подготовки на кадарот за прием на дете со пречки во развојот, адаптација, следење и целокупен развој;
- Помош на воспитувач/негувател за проценување на потребите на дете со пречки во развојот;
- Помош за воспитувачот за воочување на добрите особини и способности на дете со пречки во развојот, според кој треба да се гради позитивен однос кон околината и обратно;
- Помош во планирање и програмирање на воспитно-образовната работа со вклучување на посебен начин на работа со интегрираното дете;
- Пренесување на сознанија и искуства од едукативни програми надвор од установата.

- *Родиӣели како сорабоӣници во восӣиӣно-образовниоӣ ӣроцес*

- Интервју со родители на деца со пречки во развојот;
- Индивидуална работа со родители;
- Помош во совладување на адаптивен период и вклучување во воспитно-образовниот процес во договор со родителите;
- Информирање на родителите за резултатите од спроведени дефектолошки испитувања, т.е. резултати од индивидуална работа со детето;
- Испитување на ставовите, мислењето, предлозите на родителите поврзани со работа со деца со пречки во развој.

## 3. Тим за инклузија на децата во предучилишните установи

Разликите меѓу предучилишното воспитание на дете со пречки во развојот и „нормалните“ деца не се во целите и задачите, ниту во глобалните содржини, туку во дополнителните содржини, факторите, облиците и во видовите активности, кои како дополнителна потреба ги наметнуваат специфичноста и карактеристиките на децата со пречки во развојот. Основни разлики се:

- Кај „нормалното дете“ имаме единствен процес на воспитание со кој се насочува развитокот и детето се подготвува за училиште;
- Кај ментално ретардираното дете имаме двоен процес:

а) воспитание како и кај нормалното дете;

б)клинички рехабилитационен третман заради спречување, намалување и отстранување на пречките што оневозможуваат развиток и ги ограничуваат можностите за остварување на целите и задачите на воспитанието и образованието.[28]

Организираната воспитно-образовна работа во предучилишните установи е голем развоен предизвик за развој на децата со посебни потреби. Истовремено е голем предизвик и за целиот стручен тим кој работи во предучилишната установа.

Тимот во рамките на предучилишната установа ќе го следи детето во еден подолг временски период и ќе овозможи интердисциплинарен пристап во дијагностицирањето и евалуацијата на способностите на детето, како еден добар темел во планирањето на воспитно-образовната работа на децата од предучилишна возраст. Во тимската работа нема вертикална потчинетост или поврзаност, таа ја оневозможува тимската работа и ја прави бесмислена. Поврзаноста е хоризонтална. Отпори кон тимската работа се јавуваат главно во оние класичи научни и стручни дисциплини, каде што е веќе воспоставена традиција на еден хиерархиски однос, кој стручноста ја идентификувал со искуството, а искуството со староста, па раководењето со работните групи,

[28] Христова А., ibid 66.

одделенија и установи не можело да се замисли надвор од хиерархиските односи, што можат да се поставaт во тие работни групи или институции.
Во предучилишните установи во кои има вклучено деца од предучилишна возраст кои имаат тешкотии во развојот, мора да постои стручен тим кој би ги задоволил потребите на тие деца.

Составот на тимот треба да опфати: директор на установата, педагог, психолог, воспитувач, во чија група е вклучено детето, дефектолог, логопед, лекар, педијатар, медицинска сестра, социјален работник и доколку е можно, како важен член треба да биде родителот на детето.[29]

## *3.1. Воспитувач член на стручниот тим*

Воспитувачот директно, непосредно работи во групата во која е вклучено дете со тешкотии во развојот. Во соработка со дефектологот, двајцата вршат прилагодување на програмата за работа на групата врз основа на специфичните потреби на детето. Потоа се реализира дел од програмата и континуирано се следи напредувањето на детето и степенот на социјализација во групата. Кога станува збор за социјализација, воспитувачот е тој кој со својот пример и влијание на другите деца од групата создава поволна емоционална клима за прифаќање на детето со тешкотии во развојот.

Воспитувачот преку поттикнување на детето со тешкотии во развојот на активност и развивање интерес за истражување на новото во околината, врши систематска евиденција на однесувањето на тоа дете преку што доаѓа до податоци, како што се - видот и нивото на учество во неопределена активност на групата, односите кон другите деца без тешкотии ьо развојот, способностите, посебни интереси и слично.

Тие податоци ги искористува дефектологот за создавање појасна слика за функционирањето и напредувањето на детето што пак, му помага во сопствената

[29] Došen. Lj., Gačić.B. D., 2005 Vrtić po meri deteta, Priručnik za primenu inkluzivnog modela rada u predškolskim ustanovama, Save the Children UK, Beograd.

работа со детето, во планирањето на потребните техники и вештини кои детето не е во можност во доволна мера да ги усвои за време на престојот во групата. Воспитувачот ги запознава родителите на децата без пречки во развојот со ситуацијата во групата, укажувајќи на позитивните ефекти што ги овозможува инклузијата. Со тоа се губи стравот кај родителите, произлезен од непознавање на проблемот во врска со децата со пречки во развојот, дека другите деца од групата ќе бидат оштетени поради недоволно внимание на воспитувачот кон нив. Со тоа се гради и позитивен однос кај тие родители кон децата со тешкотии во развојот.

Воспитувачот, како дел од стручниот тим известува за:
-реакциите во однесувањето на децата со тешкотии во развојот, внатре во групата и нивната интеракција со другите деца;
-да постигнат степен на интеграција во рамките на програмските содржини;
-предупредува на специфичните проблеми на детето, ако се појават и сугерира евентуални решенија.

### *3.2 Педагогот член на стручниот тим*

Педагогот дава услуги за малите деца кои имаат тешкотии во развојот на многу начини, и тоа:

- планираат и спроведуваат воспитно-образовни програми во кои се вклучени и други општествени структури со кои соработуваат, како што се: дефектолози, воспитувачи, аудиолози, логопеди, социјални работници, психолози и медицински персонал кој се грижи за децата;

-развиваат соработка со членовите на семејствата врз основа на почит кон нив, во градинките, јаслите, забавиштата;

-ја нагласуваат важноста од развивањето успешно партнерство со семејствата;
-споделуваат информации кои се потребни и се од полза за потребите на малите деца кои имаат тешкотии во развојот и нивните семејства и со други кои се активно вклучени во развојот на воспитно-образвната програма за овие деца;

- ги нагласуваат единствените географски, јазични и културни различности на децата, семејствата, оние кои се грижат за децата и луѓето од општествените заедници;
-развиваат индивидуализирани планови за воспитание и образование во чиј центар се децата.

Овие планови се направени со цел да се искористат предностите што ги дава потесната општествена заедница и да се искористат изворите за образование кои постојат во местата каде што живеат децата. Секогаш кога треба да се развијат воспитно-образовните планови, педагогот е обучен да укаже на воспитно-образовните програми кои се нудат во заедницата за да се излезе во пресрет на различните потреби кои ги имаат децата. Развиваат планови за воспитно-образовната програма во соработка со други стручни лица, кои ги нагласуваат излегувањата во пресрет на различните образовни потреби на децата кои имаат посебни потреби.

### *3.3 Психологот член на стручниот тим*

Психологот се занимава со широг опсег на барања поставени од страна на родителите, децата, воспитувачите и администраторите. Вклучувајќи барања кои се сврзани со здравјето, барања сврзани со предизвиците во образованието и прилагодувања на однесувањето.

- ги поттикнува децата да развијат социјални вештини и им помага на семејствата да функционираат успешно на полето на воспитанието и образованието на децата кои имаат посебни потреби;

-им помага на децата, семејствата и воспитувачите да бидат во чекор со настаните и барањата кои се јавуваат во семејниот и општествениот живот. Психолозите се експерти за проценка и евалуација. Тие можат да обезбедат индивидуално и групно советување, обука за стекнување социјални вештини;
-обезбедуваат обука за родителите и воспитно-образовниот персонал на теми кои се од посебен интерес или теми за кои има посебна потреба;

-создава посебна рамка за да може да се заземе не само индивидуално за децата во градинката, туку и за децата во пошироката општествена средина. Може да биде повикан да даде совет базиран на проценката од страна на експерт и опсервација за потенцијалите и слабостите на детето; -употребува широк опсег техники за да ја состави целата слика за индивидуалните сили и предизвици на детето.

### *3.4 Логопед член на стручниот тим*

Логопедот е оспособен да процени, корегира и обучува во случај кога кај децата ќе се појават пречки во говорот, употребата на јазикот и комуникацијата. Развива план кој се базира на индивидуалните сили и вештините кои претходно постојат и одредува што е потребно да се постигне како резултат на лекувањето. За децата логопедската терапија може да вклучи:

-развој на употребата на јазикот-процес на разбирање и употреба на зборовите, фазите и речениците кои претставуваат идеи за светот; -подобрување на артикулацијата и фонологијата-говорот и звучниот систем; -зајакнување на вештините за употреба на оралната моторика; -нагласување на физичките вештини кои се потребни за говор, подобрување на течното говорење, способноста да се зборува лесно, нежно и изразно; -развива задачи за план за лекување или цели за терапијата за кои се разговара со семејствата, воспитувачите и другите специјалисти кои работат индивидуално со детето. Целите од терапијата се модифицираат врз основа на напредокот кај детето во текот на времето.

### *3.5. Родишели како дел од сшручниош шим*

Родителите се нехомогена група кои имаат свои потреби и добри страни. Важно за нивното вклучување во активностите на тимот е во насока на тоа дека имаат голема улога:

-да им помагаат на децата во одредени работи што тие ги вршат дома и во градинка;

-континуирано да го следат напредокот што го постигнува детето;

-да помагаат во подготовките на материјалите за учество во градинката;

-да помагаат на активностите во групата;

-да учествуваат во работата на училишните совети и состаноци за проценка на развојот на нивните деца;

-критички осврт на воспитно-образовната работа и додавање свои идеи за дополнување на истиот, под надзор на воспитувачот, да им помагаат во адаптирање, социјализација на детето со пречки во развојот во групата, да организраат активности на кои ќе се дискутира за тешкотиите во развојот за децата со пречки во развојот.[30]

## 4. Релевантни истражувања

Инклузијата во образованието на децата со пречки во развојот е на врвот од темите на земјите во развој. Има околу 600 милиони луѓе со посебни потреби во светот (физички или социо-емоционални проблеми) (УНЕСКО, 2006, СЗО, 2007), 150 милиони од нив се деца со пречки во развојот, од кои помалку од 2% имаат рехабилитационен третман (Eleweke, Rodda, 2002). Истражувањата во образованието и воспитанието станувааt с□ повеќе популарни во текот на изминатите дваесет години (Blok, Obrusnikova, 2007; Kozub, Lienert, 2003). Овој тренд е поттикнат од верувањето дека односот на наставникот/воспитувач има директно влијание на успешното вклучување на децата со посебни потреби

[30] Ellen, R. Daniels., Stafford, K., Step by Step (Program) 1999 Creating inclusive classrooms. Children's Resources International Inc. Wasington , DC, pp.36-40.

(Rizzo, Vispoel, 1992). Мнозинство на студии кои ги испитуваат ставовите на едукаторите кон вклучување се наведени во теоријата на разумни акции или теорија на предвидено однесување (Ajzen, 1991; Ajzen, Fishbein, 1980) [31]

Процесот на инклузија на децата со пречки во развојот во редовните предучилишни организации и основното образование, не е едноставен, што покажуваат резултатите од разни истражувања во земјите што зад себе имаат искуство веќе две децении од ваквото образование и воспитание. Некои истражувања покажаа дека на помала возраст полесно се прифаќаат врсниците со пречки во развојот, отколку на поголема возраст. Прифаќањето исто така, зависи од видот и степенот на попреченоста на децата.

Досегашните истражувања и искуства покажуваат дека најмногу препреки за инклузијата на децата со пречки во развојот во предучилишните установи се следниве: воспитувачите (50%) и понатаму имаат страв од неуспех во работата со децата со пречки во развојот во своите групи и сметаат дека на тие деца им е потребна континуирана индивидуална работа со дефектолог, во градинките има архитектонски бариери, непостоење континуирана служба за поддршка, односно стручен тим кој ќе се занимава со следење на потребите на детето и пружање на неопходна помош и поддршка, како и недостаток од постојана едукација на воспитувачите. [32]

*Истражување на ставовите на воспитувачите и учителите за инклузија на децата со пречки во развојот во редовните училишта и градинки во Панчево, Република Србија.*

Спроведено е од Ханак Наташа, Тодоровиќ Тамара на вкупно 182 лица од кои 87-воспитувачки од детска градинка „Детска Радост" (47,8%) и 95 наставници (52,2%) од 9 редовни училишта.

[31] Mdikana. A., Ntshangase. S., Mayekiso. T., Pre-service educators attitudes towards inclusive education., [Internacional jurnal of special education] Vol 22, 2007.

[32] Nikolic, D., Zavsic V., Gajic, T.,Jacimovic N., Kolar S., 2004. Pravni vodic za roditelje dece sa smetnjama u razvoju.[e-book] Pancevo. Available through:
Biblioteka Veliki mali. www.chris-network.org/attachment/000000011.pdf [Accessed August 23 2010].
Updates 20.01.2005]

Целта на истражувањето е да се испитаат ставовите на воспитувачите и наставниците, а воедно и подготвеноста на истите за прифаќање на децата со пречки во развојот.

Испитаниците навеле дека специјалните установи се примарни решенија за образование на децата со поголеми пречки во развојот (деца со оштетување на слухот и со комбинирани пречки), за лесни пречки во развојот треба да бидат вклучени во редовните градинки и училишта со постојана стручна помош за секое дете. Најрасположени биле да вклучат дете со оштетување на видот и деца со аутистичен спектар, додека 40% не сакале да имаат дете со пречки во равојот во својата група/одделение.

Како позитивни карактеристики за процесот на инклузија гледаат корист пред сé, од аспект на социјализација, како за детето со пречки во развојот, така и за другите деца, а притоа, очекуваат извесни промени во општеството на полето на рушење на предрасудите. Само мал дел гледаат важност за вклучување на децата како начин за помош за еднакво образование и воспитание.

Како проблем за голем степен на пречки во равојот кај детето, се наведува недоволната стручна подготвенст на кадарот. Само добро информираните, искусните и оние со дополнителни знаења и вештини се подготвени да примат дете со пречки во равојот во својата група. Сепак, од голема важност има улогата на стручно лице кое ќе работи со децата, а воедно ќе го обучува кадарот. [33]

Заклучоците од истражувањата покажуваат дека воспитувачите од редовните градинки покажуваат позитивен став за инклузија на деца со телесен инвалидитет наспроти, деца со академски и проблеми во однесувањето. (Mandell, Strain, 1978, Kavale, 2000). Исто мислење имале и директорите кои според лидерските способности за реализирање на процесот на инклузија, мислеле дека децата со ментална ретардација имаат помали шанси за вклучување во редовните групи. (Bain, Dolbel, 1991; Davis, 1980,Kavale, 2000).

[33] Hanak, N., Todorovik, N., 2003. Drugaciji medzu vrsnicima. Stavovi vospitaca i ucitelja u Pancevo prema ukljucenju dece sa smetnjama u razvoju u redovne grupe vrtice I skola. [e-book] Pancevo. Available through: Biblioteka Veliki mali. http://www.velikimali.org/doc/DrugacijiMedjuVrsnjacima.pdf [Accessed August 25 2010] [Updates 21.01.2005]

Истражување со наслов: *Испитување на ставови на воспитувачите за работа со деца со развојни потешкотии*, спроведено од Мирјана Станковиќ Џорџевиќ (Mirjana Stankovic Dordjevic) во Пирот, Југоисточна Србија, ноември 2004 година на случаен примерок од 201 просветен работник.

Испитаниците одговарале на 2 прашалника од затворен тип „Вредности и ставови на воспитувачите во предучилишните установи", автори (A. Pekarinen, E. Hujala, Педагошки факултет, Осло, Финска) и „Ставови и искуства на просветните работници со деца со пречки во развојот". Добиен е увид на важни аспекти од детскиот развој и влијанието на воспитно-образовната работа кај децата со пречки во развојот.

Карактеристично е тоа што воспитувачите најголема важност кај децата придаваат на креативноста (96), толеранцијата и почитувањето на другите (90) и самостојноста (67). Додека пак, најдобри особини на добар воспитувач се креативност (34), добар и да ги сака децата (33) толерантен и да ги почитува децата (33).

Во однос на воспитно-образовната работа со децата со пречки во развојот, најважна е организацијата на просторот (142), работата во мали групи и индивидуална работа (134), учество на родителите (120).

На децата со пречки во развојот им посветуваат 31% од своето време, на надарени деца (18%), а за другите (51%). Знаењата за децата со посебни потреби најмногу ги добиваат од литература (49,46%), од стручните лица (психолог, педагог, социјален работник) (19,89%), родители (25,81%) и семинари (4.86%).

Воспитувачите се изјасниле дека овие деца најдобро може да се воспитуваат во развојна програма во градинка (50,25%), посебни градинки (41,29%), а за редовните групи се изјасниле (8.46%) од испитаниците. Сепак, најважни одлуки за развојот на детето носат воспитувачот и родителот, (82%) од испитаниците се изјасниле.

Во заклучокот, истражувачот навел дека, воспитувачите многу ниско ја вреднуваат улогата на детската градинка за надополнување на домашното воспитување кај децата со пречки во развојот, да им обезбеди на децата искуство за припадност во група и развивање на чувство на демократичност каде

истакната е само улогата тие да ги „чуваат“ и „подучуваат“ децата со пречки во развојот. [34]

Истражување со наслов: *Испитување на ставовите на воспитувачите од редовната градинка и дефектолози од специјалните градинки за процесот на инклузија во детските градинки, а воедно и на родителите на деца од 3 до 6 години во Тајван.*

Реализатор е Ѕа-Ли Цхенг (Ya-li Cheng) и истото е спроведено на 62 воспитувачи од редовни детски градинки, 66 дефектолози од специјални детски градинки, 72 родители на деца кои посетуваат 3 градинки во кои има процес на инклузија, 74 родители на деца со пречки во развојот кои посетуваат 5 градинки во кои има процес на инклузија.

Перцепција на воспитувачките за процесот на инклузија е дека нема голема разлика во однос на редовната или специјалната градинка, се согласуваат за социјализацијата и когнитивниот развој. 88% од специјалните едукатори (дефектолози) веруваат дека можат да ја прилагодат програмата за децата без и со потешкотии во равојот, додека од воспитувачите (77%) во редовната градинка го истакнале истото, но имаат голема потреба од стручна помош од дефектолог. Подготовка за работа со деца со пречки во развојот покажале и двата профила, но поистакнати во своите можности, способности, знаења и успех, се наметнале дефектолозите (84%) поради стручната подготовка, додека воспитувачите (16%) биле поготвени за работа со деца со пречки во развојот.

Дефектолозите од специјалните градинки (3%) истакнале дека имаат потреба од поддршка, 1,5% материјална поткрепа, додека пак, воспитувачите истакнале дека во Тајван нема соодветен центар за поддршка за работа со овие деца, од каде би добивале информаци за развојот на децата.

Ставовите на родителите кои имаат дете со пречки во развојот вклучено во редовна градинка и тие на родителите чие дете посетува градинка во која има процес на инклузија, не се многу различни и т.е. од 72 родители 40 (56%) имаат

---

[34] Stankovic-Dordjevic, M., 2007. Stavovi vospitaca o vospitnomobrazovnom rad sa decom sa razvojnim smetnjama, Srpski citatni indeks Pedagogija LXII 1, [online] Available at:http://scindeks-clanci.nb.rs/data/pdf/0031-3807/2007/0031-38070701070S.pdf [Updates 28.11.2008] [Accessed Septembar 2010] [Updates 28.11.2008]

позитивен став нивното дете да биде во "инклузивна" градинка, 44 (59%) родители на дете со пречки во развојот одговориле позитивно. Слично на ова е истражувањата во САД (Diamond & LeFurgy, 1994; North, 1984; Reichart, Lynch, Anderson, DiCola, Mercury, 1989). 90% од родителите на децата со пречки во развојот одговориле дека нивното дете ќе има придобивки во социјализацијата и когнитивниот развој, ова соодветствува на студијата во САД (Turnbull, Winton, Blacher, & Salkind (1983), Reichart, Lynch, Anderson, DiCola, Mercury (1989) [35]

*Квалитативно истражување на ставовите на воспитувачите и родителите за инклузијата на децата со пречки во развојот во детските градинки во Нов Зеланд.*

Испитувачи се Kerry Purdue, Keith Ballard, Jude MacArthur кои на работилница на тема „Вклучување на децата со пречки во развојот во предучилишните установи" собрале писмени (прашалник составен од 7 отворени прашања) и усни изјави (600 страни) транскрипти на 115 воспитувачи, 11 родители, 15 стручни лица, 104 здравствени лица од детските градинки. Во ова истражување 45% од испитаниците ги вратиле со пополнети изјави.

Обезбедни се изјави во однос на грижата на воспитувачот за прифаќање на детето со пречки во развојот во групата и нивната неможност, некомпетентност и ограничувања во знаењата за правење на програма или подготовка на средина за вклучување на тие деца во групите.

Стручен соработник изјавил: „Мислам дека голем број воспитувачи имаат вистински страв бидејќи немаат познавања и тренинг во ниту една област од специјалната едукација и работа со деца со пречки во развојот, и во еден миг треба да бидат експерти во таа работа, а тие не го можат тоа". Во однос на предзнаењата, воспитувачите имаат многу мали предзнаења и познавања за начинот на работа со тие деца.

[35] Cheng Y li., Perceptions of Inclusion by Kindergarten Teachers and Parents in Taiwan., pp. 260-292 National Changhua University of Education. Avalible at: http://www.npue.edu.tw/adm/research/%E5%AD%B8%E5%A0%B1/15/%E5%AD%B8%E5%A0%B115%E6%9C%9F%E9%84%AD%E9%9B%85%E8%8E%89.pdf [Updated Novembar 30 2010] [Accessed Septembar 2 2010]

Воспитувачка се обидувала да подготви програма за две ипол годишно дете со Даунов синдром и истакнала:
„На момент помислив дека не е во ред да биде заедно со другите деца, можеби треба да биде со деца со пречки. Тоа беше навистина непријатно. Си помислив, можам ли да развијам програма за неговата развојна возраст или јас не сакам да биде со неговите врсници?" Исказите на родителите оделе во насока на ненавремена рана информација за состојбата на детето, несоработката на општествената средина, поддршката за родителите (материјално, советодавно).

Но, освен ексклузија (исклучување) има и голем број на позитивни искуства во однос на инклузијата, истакнала една воспитувачка: „Имаме дете на три ипол години со пречки во развојот, не може ни самостојно да оди во тоалет, но тоа не го прави различно или отфрлено, немаме потешкотии, тоа е дел од нашето секојдневие, тоа е „дел од животот„ ги подготвуваме децата да го прифатат и да му покажат љубов. Тоа е многу добро искуство за сите луѓе кои се во контакт со нашата градинка, дури и за другите родители и деца од неговата група".
Неколку воспитувачи ги истакнале следниве значајни работи: „Почитувајте ги како личности, има можност да се третираат како личности со посебни потреби со поттикнување на нивните способности, можности и интереси во различни сфери како карактеристика на нивната личност". [36]

*Студија со наслов: Модел на инклузивно воспитување и образование на деца со посебни потреби и испитување на ставови на воспитувачи, наставници и стручни соработници спроведено во Здравствениот дом во Неготин, Србија* од страна на Ненси Митровиќ Стевановиќ и Даниела Станковиќ (Nensi Mitrović-Stevanović, Danijela Stanković).

Со помош на анонимна анкета испитани се 55 испитаници од кои 31(56,36%) го познаваат концептот на инклузија во детските градинки и училишта, 22(40%)

[36] Purdue K., Ballard K., MacArthur J., 2001 Exclusion and inclusion in New Zaland Early Childhood Education., Internacional Journal of Early years education., 9 (1) [online] Available at: http://www.sbac.edu/~werned/DATA/RESEARCH/NewZealandEI.pdf [Updates May 5 2001] [Accessed Septembar 2 2010]

го сметаат оправдан процесот на инклузија, 29(52.72%) дека делумно е одржлива во наши услови. Во однос на професионалната подготовка на кадарот 28(50.90%) навеле дека делумно се професионално оспособени за работа со деца со посебни потреби и на 49 (89.09%) им треба стручна помош.

Од ова истражување може да се даде заклучок дека воспитувачите, наставниците и стручниот тим се за воведување на инклузијата, што е секако, еден од предусловите за прифаќање на специфичната работа со децата со посебни потреби.

Потребна е дополнителна едукација и соработка за формирање мобилен тим, практична помош од институции каде е спроведена инклузијата, опрема на кабинети со соодветни помагала и средства за работа. Основен предуслов за спроведување на инклузивниот процес е градење на инклузивната клима.[37]

*Квалитативно истражување на Драгана Сретенов со наслов: Поврзаност на типот на ситуација во која се наоѓа детето (структуирани или неструктуирани), комуникациски и интеракциски односи кои детето со пречки во развојот ги остарува со возрасните и децата во склоп на инклузивната група во детската градинка „Наша Радост" во Суботица.*

Истражувањето е извршено на 18 деца на возраст од 3-7 години со различни потешкотии во развојот кои се вклучени во предучилишната установа во која се развива инклузивната култура. А воедно, истражувањето се однесува и на другите деца во градинката. Истражувањето било во контекст на систематско, континурано набљудување во текот на учебната година на 26 професионалци (20 воспитувачи и 6 стручни лица) како и родители на деца со пречки во развојот и родители на другите деца.

Резултатите од стручните лица и воспитувачите се однесуваат на сопствените искуства и знаења кои ги стекнале во текот на проектот, успеале да иницираат мали нестабилни промени на план на комуникација и интеракција. Во тек на

[37] Mitrović-Stevanović N., Stanković D., 2008. Model inkluzivnog vospitanja I obrazovanja dece sa posebnim potrebama i stavovi vospitaca, nastavnika i strucnik saradnika. Timocki medicinski glasnik 23 (1-2) [online] Available at http://www.tmg.org.rs/v331212.htm#MODEL_INKLUZIVNOG_VASPITANJA [Accessed August 12 2010

спонтаните игри, децата во поголем број ситуации 18% спрема 15% во структурни ситуации-активности водени од воспитувач, остваруваат квалитет на комуникација и интеракција која ја збогатува активноста на врсниците.

Воспитувачите, стручните работници и родителите се согласиле дека за децата со пречки во развојот им е потребна поголема поддршка низ индивидуалните активности. Децата со пречки во развојот, независно од потешкотиите, лесно воспоставувале релации со другарчињата од група и возрасните, а за свој другар бирале дете од групата која нема пречки во развојот.

Резултатите покажуваат дека треба да се насочи кон планирање на обука на кадарот, и цел дијапазон на можни интеревенции (стручен тим и соодветни услови).[38]

*Квантитативно истражување со наслов "Ставови на родителите со здрави деца кон децата со пречки во развојот на предучилишна возраст". Истражувањето е извршено во 3 градинки во Скопје "Детска радост", "Братство-единство" и "13 Ноември". Како истажувачи се јавуваат: Ружица Керамичиева и Татјана Такашманова Сколовска.*

Родителските ставови мерени се со скала за мерење на ставови, од 300 примероци во трите градинки, а собрани биле 189 или 63% од скалите за истражување. Родителите главно биле на возраст од 35 години, повеќе од половина со високо образование.

Според полот, родителите од истражувањето биле 61,90% мајки, 38,10% татковци. На поставените прашања од типот: седење на масичка, помош при секојдневните работи, игра со исти играчки, татковците имаат изразит позитивен став кон децата со пречки во развојот, а мајките имаат негативен став, не се согласуваат околу заедничкото седење на масичката, заеднички насочените активности и играње и дружење во домашни услови.

Ставовите на родителите според возраста се мерела на родители до 35 годишна возраст и друга над 35 години.

[38] Sretenov. D., 2008 Kreiranje inkluzivnog vrtica.Centar za primenjenu psihologiju. Beograd. 79-103.

Возраста не се покажала како фактор на дискриминацијата на ставовите на родителите. Позитивен став родителите имале за седењето на масичка, помош при облекувањето и хранењето, играњето со исти играчки, вклучувањето во детските игри, индивидуалната работа со сите деца, при што е покажана позитивна тенденција на ставовите.

Кај ставовите во врска со заеднички насочените занимања и играње и дружење дома, постојат разлики и тоа помладите родители имаат тенденции кон негативни ставови, а постарите родители кон позитивни ставови.

Образованието на родителите се покажало како фактор на дискриминацијата на ставовите на родителите. Имено, родителите со високо образование покажуваат тенденција кон негативен став кон седење на масичка, играње и дружење дома. Родителите со средно образование за истите работи имаат тенденција кон позитивен став, а родители со занаетчиско и основно образование покажуваат изразита тенденција кон позитивен став.

Како извори на ставовите наброени биле следниве:

-Растажување при соочување со деца што имаат пречки во развојот кај 74 родители.

- Неинформираност за можностите и карактеристиките на децата со пречки во развојот кај 51 родител.

- Искуството на соседите, на родителите и на пријателите кај 42 родители.

- Едуцираност за деца со пречки во развојот во текот на школувањето кај 29 родители.

- Страв дека може слични проблеми да имаат со сопственото дете кај 26 родители

- Идентификување со мислењето и однесувањето на другите во средината кај 25 родители.

- Непосредно (лично искуство) со деца попречени во развојот кај 24 родители.

Извори на позитивните ставови:

-Хуманост;

-Заради заемна социјализација на здравите и децата со пречки во развојот;

-Заради развивање на чувство на алтруизам кај здравите деца;

-Заради развивање на чувство на одговорност кај здравите деца;

- "Сите се деца и затоа заслужуваат љубов во крајна линија"

Заклучок од истражувањето е дека најбитен извор за ставовите на родителите се самите деца попречени во развојот, нивните способности, нивните чувства на немоќ и анксиозност, нивните однесувања што можат да бидат непредвидливи, опасни, што будат сожалување, тага, страв и поретко, љубов.

Друг важен извор е недостатокот на знаења за децата попречени во развојот, неинформираноста за нивните можности, емоции, однесувања. Кон оваа група извори се наведува видот на насочената активност, односно потребата од специјален кадар-дефектолог, специјални институции (барем за потешките попречености).

Во моментов, неприлагодените услови во градинките за прием на такви деца и немање материјални можности тие да се подобрат, исто така, се извор на ставовите на родителите. Дури и секојдневните играчки можат да бидат извор на ставови на родителите, бидејќи се потребни наменски, специјални и побезбедни играчки за децата попречени во психофизичкиот развој.

Ретки извори на позитивни ставови се оние видови социјални однесувања што може да дојде помеѓу децата, а што будат хуманост, алтруизам, љубов, со еден збор, заемна социјализација.[39]

*Со цел да се утврди каква е состојбата во однос на прифаќањето на децата со пречки во развојот во предучилишните установи во нашата земја, организирано е истражување на тема : Опфатеноста на децата со пречки во развојот од 0 до 7 години во предучилишните установи во Република Македонија.*

Истражувањето го реализирало истражувачка група составена од следните членови: Елизабет Солтирова, Зора Јачова, Наташа Чичевска, Наташа Ѓеоргиева, Даниела Димитрова и Горан Ајдински, во периодот Септември - Октомври 1996 година.

За да го евидентираат бројот на децата со пречки во развојот вклучени во предучилишните установи, според видот на попреченоста, и да го утврдат ставот

[39] Керамичиева. Р., Такашманова. С. Т,1997. Ставови на родителите со здрави деца спрема децата со пречки во развојот на предучилишна возраст. Дефектолошка теорија и практика.. 1, 93-105.

на воспитувачите во однос на организациската форма на работа, примениле евиденциски лист и прашалник за воспитувачите.

Резултатите од истражувањето покажал дека во 1996 година во предучилишните установи се опфатени: 335 деца со пречки во говорот, 58 деца со ментална ретардација, 43 деца со комбинирани пречки, 33 деца со оштетен вид, 17 деца со телесна инвалидност, 9 деца со оштетен слух, аутистични деца.

Податоците од истражувањето, кое било извршено со 124 воспитувачи во неколку предучилишни установи на подрачјето на Република Македонија, одбрани по пат на случаен избор, укажуваат на мислењето на воспитувачите за вклучувањето на децата со пречки во развојот во редовните и посебните групи при предучилишните установи.

Резултатите од истражувањето што се однесуваат на односот на воспитувачот кон организациските форми, покажуваат дека најголем е бројот на воспитувачи (95) што сметале дека децата со пречки во говорот можат да се вклучат во редовните групи со стручна помош на дефектологот.
Малку помал бил бројот на воспитувачи кои сметале дека децата со телесна инвалидност (86) и сензорни оштетувања (79) можат да се вклучат во редовните групи.
Ставовите на испитаниците, што се однесуваат на формирање на посебни групи на децата со пречки во развојот при редовните предучилишни установи, покажале дека најголем е бројот на оние воспитувачи (86) што сметаат дека аутистичните деца треба да бидат прифатени во посебни групи. При компарирање на редовната и специјализираната установа, 27 од испитаниците сметале дека редовната градинка им овозможува идентични услови на децата со пречки во развојот како и специјализираната установа.
Најголем број од испитаниците сметале дека децата со оштетен вид ќе имаат најмногу тешкотии при совладувањето на подрачјето "детето и неговата околина"(91);
107 од испитаниците сметале дека децата со пречки во говорот ќе имаат тешкотии во подрачјето на изразувањето и говорот, и 95 од испитаниците се

изјасниле за тешкотии во совладувањето на физичко-здравственото воспитно подрачје кај децата со телесна инвалидност.

Ставот за социјализацискиот ефект на вклучувањето на децата со пречки во развојот, при компарирањето на резултатите, најголем број на испитаници (84) го застапуваат мислењето дека децата со пречки во говорот би биле најприфатени, а идентичен е бројот на воспитувачите за неприфаќањето на децата со ментална ретардација од страна на децата без пречки во развојот.

Сегментот што се однесува на мислењето на воспитувачите во однос на соработката со родителите, укажува дека 57,98% од испитаниците сметаат дека родителите се заинтересирани да соработуваат со воспитувачите.

Заклучок од истражувањето е дека 57, 98% од воспитувачите укажале на неопходноста од соработка со дефектолог во предучилишната установа. Значи, основен предуслов при вклучувањето на децата со тешкотии во развојот во редовни предучилишни установи и определување критериуми за нивно вклучување, секако, е ангажирањето на дефектологот како стручен соработник што ќе му овозможи советодавна помош на воспитувачот во чии групи се наоѓа детето со тешкотии во развојот. [40]

*Истражување на инклузивната култура во предучилишните установи во Република Македонија од реализатори: Ирена Новачевска, Илинка Димчевска, Сашка Павловска, Наташа Чичевска Јовановска и Наташа Димитрова Радојчиќ.*

Цел на истражувањето е да се утврди ставот на предучилишниот персонал кон инклузијата, односно вклучувањето на децата со пречки во развојот. Истражувањето е спроведено во 3 предучилишни установи од различни општини, и тоа: „Бели Мугри“ - Скопје (3), „Детска Радост“ - Гостивар (4) „Младост“ - Тетово (5). Вкупно биле вклучени 78 испитаници, односно целиот воспитно-образовен кадар во овие предучилишни установи.
-23 испитаници од предучилишната установа „Бели мугри“ - Скопје, од кои 21 воспитувач, 1 психолог и 1 педагог.

[40] Ibid 25. 9-19.

-25 испитаници од предучилишната установа „Детска Радост“ - Гостивар, од кои 23 воспитувачи, 1 психолог и 1 педагог.

-30 испитаници од предучилишната установа „Младост“ - Тетово, од кои 26 воспитувачи, 2 социјални работници, 1 психолог и 1 педагог.

Истражувањето било спроведени во периодот јуни-јули 2010 година. Бил користен анкетен лист „Создавање на инклузивна култура“, кој е интегрирана компонента на Индексот на инклузија и прилагоден за предучилишниот персонал. Истиот е составен од 13 показатели, поделени во 2 области.

Секој во предучилишната установа се чувствува добредојден. Најголем акцент од испитаниците (85%) сметаат дека неопходните информации за активностите се достапни за родителите на сите деца.

Персоналот во предучилишната установа го поврзува она што се случува во установата со животот на децата во домот, според резултатите добиени на четирите тврдења, најголем акцент од анкетираниот предучилишен персонал (87%) одговориле дека користат песни, гатанки, бројанки на мајчиниот јазик на детето. Посветеноста на инклузијата е заедничка за сите кои имаат врска со предучилишната установа. Од истата може да се види најголем процент (97%) кои сметаат дека давањето поддршка е исто така, важно како и напредокот во учењето. Од сите деца се очекуваат постигнувања, со тврдењето: ги поттикнуваме сите деца да се гордеат со постигнатиот успех, а со тоа се согласуваат сите испитаници (100%).

Заклучок од вкупно 78 испитаници, потполно се согласуваат: 77% дека секој чувствува дека е добредојден, 72% дека песоналот во предучилишната установа го поврзува она што се случува во установата со животот на децата во домот, 80% дека посветеноста на инклузијата е заедничка за сите кои имаат врска со предучилишната установа. 90% дека од сите деца се очекуваат постигнувања и 88,5% дека сите деца се подеднакво вреднувани.

Табеларно претставено изгледа вака:[41]

| ВКУПНО | | | |
|---|---|---|---|
| | | Н | % |
| А.1.1. Секој се чувствува добредојден | Потполно се согласувам | **60** | **77** |
| | Делумно се согласувам | **14** | **18** |
| | Не се согласувам | **2** | **2.5** |
| | Потребни ми се повеќе информации | **2** | **2.5** |
| А.1.6. Персоналот во предучилишната установа го поврзува она што се случува во установата со животот на децата во домот | Потполно се согласувам | **56** | **72** |
| | Делумно се согласувам | **16** | **21** |
| | Не се согласувам | **5** | **6** |
| | Потребни ми се повеќе информации | **1** | **1** |
| А.2.1. Посветеност на инклузијата е заедничка за сите кои имаат врска со предучилишната установа | Потполно се согласувам | **62** | **80** |
| | Делумно се согласувам | **12** | **15** |
| | Не се согласувам | **1** | **1** |
| | Потребни ми се повеќе информации | **3** | **4** |
| А.2.2. Од сите деца се очекуваат постигнувања | Потполно се согласувам | **70** | **90** |
| | Делумно се согласувам | **6** | **8** |
| | Не се согласувам | **1** | **1** |
| | Потребни ми се повеќе информации | **1** | **1** |
| А.2.3. Сите деца се подеднакво вреднувани | Потполно се согласувам | **69** | **88.5** |
| | Делумно се согласувам | **6** | **8** |
| | Не се согласувам | **2** | **2.5** |
| | Потребни ми се повеќе информации | **1** | **1** |

*Николиќ и Катерина Митровиќ во 2009 година спровеле истражување со цел испитување на ставови за неопходност од организирање на посебни служби кои би се грижеле за децата со пречки во развојот, мотивираност на родителите да соработуваат и да се вклучат во работата на службите и утврдување на приоритетните проблеми на децата со посебни потреби.*

Истражувањето е спроведено на 52 родители (26 сопружници) на деца кои заостануваат во менталниот развој и поаѓаат во специјални групи во 3 основни училишта во општина Лозница. Со прашалник од затворен тип, да одговорат на прашања со кои се идентификуваат нивните.

Целта на испитувањето било да се одреди дали постои разлика во ставовите на мајките и татковците. Резултатите укажуваат на тоа дека сите се согласни дека треба да работат служби за деца со посебни потреби. Голема мотивираност за

[41] Новачевска. И., Дамчевска. И., Павловска. С., Чичевска-Јованова. Н.,Радојчиќ. Н., Новачевска. 2011 Инклузивна култура во предучилишните установи. Дефектолошка теорија и практика. 2 (1-2) 7-16.

вклучување во работа на оваа служба има кај мајките. Како најголеми проблеми родителите гледаат кај осамостојувањето и организацијата на слободното време. Добиените резлутати имале важност за работата на службите и вклучување на родителите во нивното дејствување, т.е. околу планирањето на активностите соодветно на исказите и разликите во ставовите. Службата својата намена ќе ја постигне со вклучување на родителите и мотивирање на општеството и образовните институции во процесот на инклузија. [42]

*Гуралник, Неккен и Пиљ (Gulnick, Nakken и Pijl) во 2002 година извеле серија на експерименти со цел за испитување на социјалните исходи кои се јавуваат при сместување на предучилишни деца со лесни (когнитивни) пречки во развојот и деца со нормален развој во исто опкружување.*

Во истражувањето формирани се 12 групи за игра. Возраста на децата е од 4 години и 5 месеци до 5 години и 5 месеци. Во 6 групи имало вклучено деца со задоцнет развој и други деца, а 3 групи деца со типичен развој, 3 групи со деца кои имаат задоцнување на развојот. Децата оделе во своите групи 2,5 часа дневно, 5 пати неделно во тек на 2 недели.

Податоците се добиени со помош на социометриска постапка и снимање на активностите. Во резулатитие се покажало дека поголема интеракција имале децата со нормален развој од тие со задоцнување во развојот. Децата во интегрираните групи имале поголема интеракција од оние групи каде биле само деца со потешкотии во развојот.

Заклучок од истражувањето: групите во кои има инклузија се стимулативни за интеракција на децата со задоцнет развој со другите деца. Но, сепак, постои објаснување дека има и некои негативности, односно дека другите деца повеќе сакаат да си играат со децата без потешкотии. Мора да се развие стратегија која ќе стимулира позитивна интеракција во рамките на редовната детска градинка.[43]

---

[42] Nikolić. M., Katarina-Mitrović, V. 2009 Korak ka inkluziji obrazovanja. Pedagoška stvarnost, 55 (5-6). 479-491.

[43] Guralnick. M. J., 2002 Involvement with peers: comparisons between young children with and without Down's syndrome. Journal of Intellectual Disability Research 46 (5), 397–393.

*Истражување од Гуралник (Guralnick) со цел анализа на играта кај децата со и без пречки во развојот и комуникацијата меѓу нив.*

Биле формирани 8 групи од деца од предучилишна возраст, а за точноста на резултатот децата не се познавале од претходно. Секоја група се состоела од 3 деца од 3 год., 3 деца со 4 год. и 2 деца со 4 год. со благо задоцнување во развојот (когнитивно). Децата си играле по 2 часа дневно, 5 дена во неделата. После 2 неделно следење, се добиени податоци по пат на опсервација и социометриска постапка. За резултатите најкомпететни биле 4 годишните деца, но сепак, и со 3 годишните деца се забележала споредба и сличност во резултатите за интеракција. Децата со задоцнување во развојот најчесто си играле сами. Потребата за позитивни социјални контакти опаѓала со текот на времето. Децата со задоцнување во развојот покажувале однесување помало од 3 годишна возраст. Помалку биле бирани од нивните врсници, односно 4 годишните деца посебно кога се во прашање социјалните контакти и игра.

Иако резултатите водат кон ексклузија или исклучување, сепак, кај децата со задоцнување во развојот се забележува интеракција во однос на барање помош или водење во почеток на истражувања и осознавање на нови работи. Кога децата се вклучуваат во активности, во 60% од контактите партнерот треба да биде постаро дете. Авторите наведувале дека дури и осаменоста, паралелната игра или други реакции во контакт со децата, на децата со доцнење во развојот им нудат многу големи развојни можности.

*Гуралник* (Guralnick) *во* 1999 година *спровел истражување со цел испитување на социјална поврзаност т.е. пријателства и контакти со децата од групата.*

Истражувањето е извршено на 21 дете во групи за игра по 6 деца во кои имало и деца со намалени комуникациски способности и интелектуални способности. (IQ od 52 do 80). Истражувањето е со цел, испитување на пријателства и контакти со децата со можни три нивоа на поврзаност и тоа: пасивен тип на игра (паралелна игра или активности кога едно дете набљудува што прави другото дете) интерактивна социјална размена (врски кои настануваат во групна игра) и одржување на пријателство (најголемо барање за децата).

Во групите имало по 4 деца со нормален развој и 2 деца со нарушувања од 1 тип, на возраст од 4 до 5,5 години. Децата биле набљудувани во тек на 2 недели за време на слободна игра. Сите пријателства биле унилатерални поради краткотрајноста на истражувањето. Пријателствата на децата со задоцнет развој-когнитивен биле реципрочни, кај децата со проблем во комуникацијата биле исто како и кај другите деца, но со помала интеракција поради недостаток на комуникација. Децата со нормален развој најчесто бирале пријател од другите деца, додека децата со потешкотии подеднакво бирале пријатели. Само две деца со пречки во развојот воспоставиле реципроцитетно пријателство со две деца со нормален развој. Лошите јазични вештини на децата со помал IQ ја намалува способноста за вклучување на партнерот во комуникација со другарчето.[44]

Истражувањата покажуваат дека не е доволно само децата со посебни потреби да бидат во група со другите деца, за автоматски да почнат да ги имитираат. (Jenkins et sl., 1990). До петтата година, некои деца веќе стекнале негативни ставови спрема децата со посебни потреби (Johnson i Johnson,1980).

Децата кои не стекнале негативни ставови можат да стекнат позитивни ставови доколку им се даде позитивен модел - постапки, објаснувања, невербално однесување на возрасните (Kostelnik et al., 1993). Со тоа, децата развиваат мултимодален модел на однесување спрема врсниците подеднакво.

Меѓутоа, Ванјбренер 2010 укажува на тоа дека постојат голем број причини за вклучување на децата со пречки во развојот во редовниот воспитно-образовен процес. Значењето дека децата ќе работат заедно со врсниците, како позитивните примери за однесување и учење, децата ги подготвуваме да ги прифатат децата со пречки во развојот.

Инклузијата е еден од најкомплексните проблеми кои му се поставуваат на воспитувачот. Најчестите дилеми и стравови на воспитувачите кога првпат учествуваат во инклузијата се:

-сметаат дека не се доволно подготвени за работа со деца со посебни потреби;

[44] Guralnick. M. J., 1999 The Nature and Meaning of Social Integration for Young Children With Mild Developmental Delays in Inclusive Settings. *Journal of Early Intervention* 22 (1), 70–86;

- не се професионално компетентни;

- стравуваат дека нема да имаат адекватна помош од стручниот тим за решавање на проблеми во однос на работата во групата;

- сметаат дека работата во прекубројни групи во кои е вклучено дете со посебни потреби е отежнувачки фактор;

- се плашат дека родителите на другите деца ќе покажат отпор и незадоволство во врска со вклученоста на децата со посебни потреби;

- се плашат дека децата со посебни потреби имаат големи барања за индивидуална работа и големо внимание во текот на целиот ден, па така нема да имаат време да ја остварат работата во групата во целина;

- чувствуваат страв дека децата кои немаат потешкотиии во развојот ќе го прифатат начинот на однесување на овие деца;

- ќе пречат во реализација на предвидената програма и ќе бидат голема тежина за контрола, стравуваат дека тоа дете нема да биде прифатено од околината и да добива стимулации кои му се потребни. (Dowining, 2000; Сретенов, 2008). [45]

Kojić и Markov 2008, сметаат дека професијата воспитувач во духот на новото време со иновација на програмите по методиките, не може да се оствари надвор од процесот на инклузија. Помеѓу дефектологијата на една страна, и предучилишното воспитување, треба да постои тесна врска.

Воспитувачот на 21 век треба да е член на стручен мултидисциплинарен, интернационален, и трансдисциплинарен тим кој се занимава со прашањата и проблемите на предучилишното образование. [46]

---

[45] Ibid 36. 216-220

[46] Kojić. M., Markov. Z., 2008 Odrednice profesije vaspitača u duhu novog vremena i inovativni programu metodici likovnog vaspitanja. *Obrazovno-vaspitni procesi u predškolstvu* Visoka škola strukovnih studija za obrazovanje vaspitača. Subotica. 304-318

# II МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## 1. Дефинирање на проблем на истражување

Проблем на истражување е да се утврди улогата на дефектологот во градењето на инклузивна култура во детските градинки во општина Кисела Вода и да се изврши анализа на релевантните параметри што ја условуваат реалната инклузивна практика.

Инклузивната програма е за секое дете, бидејќи суштината на прилагодување на програмата е за можностите за работа и потребите на сите деца. Акцент е ставен на дете со пречки во развојот, бидејќи постои недоволна стручна подготвеност на кадарот и недостаток на внатрешна поддршка за успешно спроведување на работата во група, каде што има деца со пречки во развојот.

Разновидноста не е причина за одделување и изолација на "инакви", туку да ја прифатат различноста како богатство и можност да се прошират знаењата. Тимската работа е меѓу воспитниот и негувателскиот кадар, родителите на детето со пречки во развојот, стручните соработници и зајакнување на партнерството со родителите.

Индивидуални поттик програми - активности кои се спроведуваат во група, но се направени за детето со пречки во развојот и целите се наменети за поттикнување на развојот на детето во одредени области.
Инклузивната програма е за секое дете, бидејќи суштината на прилагодување на програмата е според можностите за работа и потребите на сите деца. Акцент е ставен на дете со пречки во развојот, бидејќи постои недоволна стручна подготвеност на кадарот и недостаток на внатрешна поддршка за успешно спроведување на работата во група, каде што има деца со пречки во развојот.

Можеме да кажеме дека очекувани придобивки од реализација на работните задачи на дефектологот со вклучување на дете со пречки во развојот во детските градинки се следниве:

- За деца со пречки во развојот:

- подобра социјална интеграција, социјализација, откривање и поттикнување на развојот на децата кои се потенцијално сочувани, да се поттикне развојот (општо), стабилизацијата на чувствата на децата, развојот на комуникациските способности (израз на потребите, желбите и намерите преку вербална-невербална) комуникација; да се поттикне физички развој, заштита на здравјето, мерки за развојот на децата и навики за работа, хигиенски навики (водејќи сметка за видот и сериозноста на развојните потешкотии, како и карактеристиките на возраста.

- За деца без пречки во развојот.

Покрај општите цели, се однесуваат за промовирање на развој на секое дете во рамките на границите на неговите способности, инклузивна програма, има дополнителни цели за децата без развојни нарушувања и тоа: развивање на осетливост на потребите на децата кои бараат напредок, развој на толеранција на различноста, да се развие мотивација за помагање на децата кои имаат пречки во развојот (на начин соодветен на возраста). Крајната цел е да се развие хуманистички систем на вредности врз основа на видот индиректни позитивни лични искуства со децата со пречки во развојот

- За родителите на децата со пречки во развојот;

Стекнување на позитивно искуство на можности за нивното дете за развој и можноста да живеат заедно со своите врсници без развојни нарушувања;
- стекнување на нови вештини за познавање на можноста за влијание врз развојот на вештини и личноста на детето, а воедно и подобра подготовка на детето (и семејството во целина) да започне на училиште (редовно или посебно), поттикнување на развој на позитивни очекувања за иднината на детето и семејството, развивање на реален став кон детскиот развој и олеснување на развојните потешкотии.

- За родители на децата без пречки во развојот

Воспоставување, развој и одржување на позитивни ставови кон инклузијата на децата во општествената средина, позитивно влијание и поддршка на нивните деца да се формираат позитивни ставови и чувства кон емпатиски врски со децата со пречки во развојот.

- За воспитувачи во градинка

Развивање и одржување на компетентност и мотивација за работа со деца со пречки во развојот, развој на емпатиски ставови за децата со пречки во развојот и нивните родители, поттикнување на децата без пречки во развојот да развијат позитивни емоции, подготвеност да им се помогне и да соработуваат со своите врсници кои имаат пречки во развојот, да ги охрабрат и другите колеги да ги прифатат и да работат со тие деца.[47]

[47]. Јачова З., Самарџиска-Панова Љ., Љешковска И., Ивановска М., 2002 Инклузија на децата со посебни потреби во редовните училишта во Република Македонија, Прирачник за наставниците од редовните училишта. Министерство за образование и наука-УНИЕФ, Скопје.

## 2. Дефинирање на целите на истражувањето

### Цел на истражувањето

Цел на истражувањето е да се даде реална слика за процесот на инклузија на деца со пречки во развојот започнат во ЈДГ „8 Март“ на ОКВ во град Скопје и ЈДГ „Весели Цветови“ на ОКВ во град Скопје, преку утврдување на ставовите на воспитувачите, негувателите и родителите, за прифаќањето на овие деца во групата и улогата на дефектологот во рамките на инклузивниот тим.

**Општа цел**

Да се даде опис на улогата на дефектологот за спроведување на процесот на инклузија во детските градинки во општина Кисела Вода.

**Посебни цели**

-Да се утврдат ставовите на воспитно/негувателскиот кадар за процесот на инклузија;

-ставовите на родителите на деца со пречки во развојот за процесот на инклузија-анализа;

-да се утврди нивото на едуцираност на воспитно-негувателскиот кадар за работа со деца со пречки во развојот;

-карактеристики на децата со пречки во развојот;

-анализа на работата на дефектологот во детските градинки;

-начин на работа-третман и индивидуален план за работа;

-подготвеност на општеството за инклузија во детските градинки и ангажирање стручно лице;

- улогата на дефектологот во детекција, дијагностика, следење и третман на децата во рамките на моделот за рана интервенција.

## 3. Дефинирање на истражувачките прашања

1. Дали воспитувачите и негувателите имаат предзнаења во однос на инклузијата на деца со пречки во развојот?
2. Дали воспитувачите и негувателите се подготвени за прифаќање, третман и социјализација на децата со пречки во развојот?
3. Дали сметате дека локалната заедница е подготвена да ги прифати децата со пречки во развојот?
4. Кој е стручен за работа со деца со пречки во развојот?
5. Каква е соработката на родителите со градинката, и кои се барањата за инклузија на децата со пречки во развојот?

## 4. Хипотези на истражувањето

Со цел да направам екстензивна верификација на истражувањето, ја употребив методата на триангулација. Триангулацијата заменува употреба на повеќе од еден метод, стратегија или извор на податоци. Според тоа, дефинирани се следниве хипотези:

## Хо хипотеза

Претпоставуваме дека е значајна улогата на дефектологот во градењето на инклузивната култура во детските градинки во општина Кисела Вода, согласно следните релевантни параметри:

- Информираност на воспитувачите и негувателите на децата со пречки во развојот;
- Стручна подготвеност на воспитувачите и негувателите;
- Прифаќање на филозофијата на инклузивниот процес;
- Подготовка на локалната заедница;
- Информираност за инволвирани професионалци во инклузивниот процес;
- Присуство на дефектологот во градење на инклузивната пракса.

X1. Се претпоставувува дека воспитувачите и негувателите немаат предзнаења во однос на работата со деца со пречки во развојот.

X2. Се претпоставува дека делумно воспитувачите и негувателите се подготвени за прием и прифаќање на дете со пречки во развојот.

X3. Се претпоставува дека локалната заедница е делумно подготвена да ги прифати децата со пречки во развојот.

X4. Се претпоставува дека поголем дел од воспитувачите и негувателите имаат познавање за стручните лица кои работат со деца со пречки во развојот;

X5. Се претпоставува дека соработката со дефектологот е на задоволително ниво и нивните барања се големи и потешко се исполнуваат.

## 5. Примерок и временска рамка

Во ова истражување учествуваа сите воспитувачи и негуватели од ЈДГ „8 Март“ на ОКВ во град Скопје и ЈДГ „Весели Цветови“ на ОКВ во град Скопје, стручниот тим и родителите на децата со пречки во развојот кои ги посетуваат двете градинки. Истражувањето се вршеше во подолг период и тоа: Анкета со воспитно-негувателскиот кадар на 17.02.2010 година и по вторпат, евалуација на резултатите од истиот анкетен лист на 10.06.2010 година. Интервјуто со воспитно-негувателскиот кадар се спроведе во месец јануари.

## 6. Краток опис на методологијата

Со цел да направиме холистичка анализа на ова истражување се определив за комбинација на квалитативен и квантитативен пристап. Различните видови на етнографски истражувања со кои се опишуваат социјалните процеси, имаат заеднички недостаток. Критички насочениот читател се наоѓа во ситуација кога мора да размислува дали истажувачот ги одбрал оние фрагменти од податоци кои ја поддржуваат неговата теза. Читателот се чувствува посигурно во однос на резултатите на истражувањето кога се пишуваат девијантни случаи,

или кога се наведуваат цитати. Голем број истражувачи даваат практични сугестии за начините на кои квантитативните информации би можеле да се вклучат во квалитативното истражување. Во однос на стандардите за квалитет и верификација, Стејк 1995 предлага екстензивна верификација со употреба на триангулација. Тој предлага триангулација на информација да е поврзана директно со контекстот во кој се собираат информациите. Предлага протокол за триангулација, кој се заснова на податоци, истражувач, теорија и методолошки прашања.

Триангулацијата наметнува користење на повеќе од еден метод, или извор на податоци за студија на социјален феномен. [48]

Терминот почнал да се употребува за пристап кој користи повеќе набљудувачи, теоретски перспективи, извори на податоци и методологии, но нагласокот е на методите на испитување и изворите на податоци. Триангулацијата може да функционира во и низ истражувачките стратегии. Таа била првично конципирана од страна на Веб како пристап кон развивање на мерки за концепти, со што ќе се примени повеќе од еден метод во развојот на мерки, а тоа ќе резултира со поголема доверба во наодите. Многу често била поврзувана со стратегијата на квантитативно истражување. Всушност, етнографите често ги проверуваат нивните набљудувања со прашањата од интервјуто, за да одредат дали тие може погрешно да го сфатат она што ќе го видат. Сè повеќе, триангуалцијата се користи за да се означи вкрстен процес на проверка на наоди, кои произлегуваат од квантитативното и квалитативното истражување.

Под триангулација во зависност од поставените прашања, конструкцијата на истражувањето и резултатите, може да се подразберат разни страни: взаемно вреднување на резултатите од една, и дополнување на различни гледишта во една целовита слика на предмет на истражувањето, од друга страна. Целовитоста на концептот на интеграција на методата, кој квалитативните и квантитативните резултати ги истражува и априори дава одреден логички или теориски статус во смисла да квалитативните и квантитативните резултати, се надополнуваат поради различните функции и начини на употреба. Резултатите од

[48] Јачова. З., Каровска. А., 2009 Дете со кохлеарен имплант во рамките на инклузивната училница: приказ на случај. Студио круг 75-76.

квалитативната и кванитативната метода можат да бидат конвергентни, комплементарни или едни на други да си противречат, при што секоја од тие можности може да биде плодна за процесот на истражување.[49]

Во општествените науки, триангулацијата често се користи за да се покаже дека повеќе од 2 методи се користат во една ситуација со цел да се зголеми двојно (тројно), проверката на резултатите. Идејата е дека резултатот е посигурен и поцеловит со користење на три методи.

Дензин (1978) идентификува 4 основни видови на триангулација:

- дата триангулација-вклучува време, место и луѓе;

- истражувачка триангулација-повеќе истражувачи;

-теоретска триангулација-користи повеќе од една теоретска шема во интерпретација на феноменот;

- методолошка триангулација-користи методи за да се соберат податоци како интервјуа, забелешки, прашалници и документи.[50]

Во нашето истражување ќе се користи полуструктурирано интервју. Во истото, истражувачот има листа на прашања или на специфични теми кои треба да бидат опфатени во интервјуто, некој вид на упатство за водење на интервјуто, но испитаниците имаат можност и слобода при одговорот. Прашањето не мора да се постави по редоследот даден во распоредот. Исто така, ако за време на интервјуто произлезат други прашања, а не се дадени во упатството, тие исто така, можат да се постават. Но, сите прашања треба да бидат поставени на сличен начин како испитаник. Интервјуто е флексибилно. При интервју, акцентот треба да се стави на тоа како оние на кои се врши интервјуто ги замислуваат и разбираат настаните, т.е. што тие сметаат дека е важно во објаснувањето и разбирањето на настаните, примерите, формите на однесувањето. Според тоа, квалитативното истражување не се кванititативни истражувања на кои им недостигаат броеви, туку имаат поинаква цел. За

[49] Gojkov. G., Triangulacija u pedagoskom istrazivanju.Pedagogija.vol 61 (2).157-167

[50] Triangulation (social science) [online] [http://en.wikipedia.org/wiki/Triangulation_(social_science)] [Updated 14 Octobar 2011] [Accesed 20 Octobar 2011]

проверка на резултатите од квалитативното истражување при користење на полуструктурирано интервју, ќе се користи анкетата од квантитативното истражување за поцелосна и јасна слика на ставовите на воспитно-негувателскиот кадар и родителите, а воедно, и како главна цел ќе се истакне улогата на дефектологот во детските градинки. [51]

## 7. Примена на техника на истражување

Во ова истражување беше користен дескриптивниот и клинички метод. Дескриптивниот метод го анализира постојаното, она што е присутно во дадена ситуација или контекст, најчесто социјален. Тоа може да се проблеми кои се однесуваат на потреби на испитаниците во одредена популација, нивни ставови, мислења, на тешкотии со кои се среќаваат во системот, одлуките и акциите што ги преземаат, итн.[52]

За квантитавното истражување беа применети:
-техниките на анкетирање (анкетен лист за сите воспитувачи и негуватели од градинките).
За квалитативното истражување ќе биде искористена техниката на полуструктурирано интервју за проучување на ставовите на воспитно-негувателскиот кадар во градинките и ставовите на родителите на деца со пречки во равојот кои ги посетуваат градинките.

Ќе се испитуваат:
-20 воспитувачи и негуватели каде во групите има деца со пречки во развојот;
-20 воспитувачи и негуватели каде во групите нема деца со пречки во развојот;
-20 родители на деца со пречки во развојот.

[51] Ангелоска-Галевска,Н. 1998 Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието, Битола: Киро Дандаро

[52] Ангелоска-Галевска,Н . 1998 Текот и етапите на квалитативното истражување. Дефектолошка теорија и практика 4, 79-82.

Интервјуто беше снимано на диктафон, а презентирано преку транскрипти. Лентите и транскриптите нудат многу повеќе, отколку само нешто со што може да се започне. Тие имаат три јасни предности во споредба со другите видови на квалитативни податоци. Лентите се јавни податоци. Лентите можат да се анализираат неколкупати и со тоа самите транскрипти можат да се подобрат. Лентите ги зачувуваат секвенците во говорот.

Во пристапите во кои се посветува посебно внимание на јазикот како што е при анализа на говорот, снимањето на интервјуто е задолжително. Истражувачите кои користат квалитативно интервју и фокус групи исто така, настојуваат да го снимат и транскрибираат интервјуто.

Херитаге смета дека процедурата на снимање и транскрибирање на интервјуата ги има следниве предности:

-Тоа помага да ја корегираме природната ограниченост на нашата меморија;
-Тоа дозволува целосно испитување на она што луѓето зборуваат;
-Дозволува повторно преиспитување на одговорите на испитаниците;
-Дава можности податоците да бидат прегледани од други истражувачи кои можат да ја вреднуваат анализата на податоците што направил оригиналниот истражувач (секундарна анализа);

-Тоа помага да се споделат анализите заради евентуално влијание на сфаќањата и ставовите на истражувачот;

-Тоа дозволува податоците да бидат проверени на други начини од претходно направените, на пр. во светлината на нови теоретски идеи или аналитички постапки.[53]

[53] Ibid 49.

## 8. Обезбедување на простор за истражувањето

Пред да започнеме со процесот на истражување, договорена е соработка за адекватна реализација на истражувачкиот процес. На почетокот го лоциравме местото и единиците на набљудување, т.е. ги определив воспитувачите и негувателите како и родителите со кои ќе се изведува интервјуто. Кадарот е во секојдневна комуникација со дефектологот и даден е слободен простор за истражување, добиена е согласност во двете детски градинки ЈДГ „8 Март“ на ОКВ во град Скопје и ЈДГ „Весели Цветови“ на ОКВ во град Скопје. Воедно, и соработката со родителите е континуирана.

## 9. Статистичка обработка на податоците

Обработката на податоците од квантитативно истражување ја извршивме со помош на статистички техники и етапи:

- Групирање и табелирање на податоците - заради поголема прегледност на податоците.

-Дистрибуција на фрекфенција и процентуален приказ.

- $\chi^2$ тестот беше пресметуван со on-line калкулаторот на професор Hossein Arsham.

Обработка од квалитативното истражување ќе се врши со пишување на концепти со цитати од испитаниците (воспитувачи, негуватели и родители) и истото ќе биде табеларно претставено.

# IV Анализа и интерпретација на резултатите од спроведувањето на анкетниот прашалник и полуструктурираните интервјуа за воспитувачи, негуватели и родители

## *1.1 Анализа на добиени резултати од анкетниот прашалник за негуватели и воспитувачи*

Анкетен прашалник број 1 се однесува на првата анкета со негувателскиот кадар на 17. 02. 2010 година, анкетен прашалник број 2 се однесува на анкета по вторпат како анализа - евалуација на резултатите од истиот анкетен лист на 10.06.2010 година. Одговорите се претставени на следнава табела:

Табела бр 1. Преглед на прашања и одговори на негувателите од двата анкетни прашалници

| **Прашања (негуватели)** | **Одговор** | **Анкетен прашалник 1 74 негуватели** | | **Анкетен прашалник 2 67 негуватели** | | **$x^2$** | **df** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Дали во вашата група има дете со пречки во развојот?** | Да | 23 | 31,08% | 23 | 34,32% | | | |
| | Не | 51 | 68,9% | 44 | 65,67% | 70.59 | 1 | 0,005 |
| 2. Дали ја знаете дијагнозата или видот на оштетување која ја има тоа дете? | Да | 12 | 21,42% | 15 | 24,19% | | | |
| | Не | 44 | 78,57% | 28 | 45,16% | | | |
| | Делумно | | | 19 | 30,64% | 51,00 | 2 | 0,025 |
| **3. Сметате ли дека сте во доволна мера информирани?** | Да | 14 | 18,18% | 21 | 30,43% | | | |
| | Да, делумно | 50 | 64,93% | 43 | 71,66% | | | |
| | Не | 13 | 16,88% | 5 | 7,2% | 59,02 | 2 | 0,005 |
| **4.** Од каде сте информирани за карактеристиките на децата со пречки во развојот? | Семинари | 11 | 14,86% | 8 | 12,3% | | | |
| | Литература | 51 | 68,9% | 42 | 70% | | | |
| | На некој друг начин | 12 | 16,21% | 15 | 25% | 65,82 | 2 | 0,005 |
| **5. Дали знаете какви видови на оштетување постојат кај децата со пречки во развојот?** | Да | 28 | 31,14% | 26 | 37,14% | | | |
| | Не | 13 | 15,85% | 6 | 8,5% | | | |
| | Делумно | 41 | 50% | 38 | 54,2% | 31,41 | 2 | 0,05 |
| 6. Дали ќе можете да наброите некои видови на | Аутизам | 32 | 46,37% | 20 | 37,03% | | | |
| | Неправилен говор | 24 | 34,4% | 15 | 27,77% | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| оштетувања кои ги имаат децата со пречки во развојот? | Оштетување на слух | 2 | 2,8% | 10 | 18,51% | 126,96 | 3 | 0,005 |
| | Хиперактивно однесување | 11 | 15,9% | 9 | 16,66% | | | |
| **7. Според Вас, која група на деца со пречки во развојот најдобро може да се вклучи во следење на воспитно-образовниот процесс во вашата група?** | Аутизам | 10 | 33,33% | 10 | 31,25% | | | |
| | Лесна ментална ретардација | 4 | 13,33% | 5 | 15,62% | | | |
| | Хиперактивно однесување | 9 | 27,72% | 7 | 21,87% | | | |
| | Мала попреченост | 7 | 23,33% | 10 | 31,25% | 63,47 | 3 | 0,01 |
| 8. Кои се најчести фактори за предизвикување на нарушување на развојот на децата? | Генетски | 47 | 36,1% | 44 | 35,77% | | | |
| | Во текот на порaѓање | 26 | 20% | 25 | 20,32% | | | |
| | Стекнати | 22 | 16,09% | 24 | 19,51% | | | |
| | Наследни | 35 | 26,92% | 30 | 24,39% | 73,47 | 3 | 0,005 |
| **9. Дали сметате дека децата самостојно и без стручна помош можат да се вклучат во активностите на групата?** | Да | 1 | 1,2% | 1 | 2,1% | | | |
| | Не | 63 | 79,7% | 34 | 72,34% | | | |
| | Делумно | 15 | 18,9% | 12 | 25,53% | 74,70 | 2 | 0,005 |
| 10. Дали Вие би прифатиле да работите со дете со пречки во развојот? | Да | 40 | 50,63% | 41 | 62,12% | | | |
| | Не | 39 | 49,36% | 25 | 37,87% | 35,91 | 1 | 0,01 |
| **11.Дали мислите дека родителите на другите деца од групата ги прифаќаат децата со пречки во развојот?** | Да | 19 | 23,75% | 15 | 25,42% | 115,86 | 1 | 0,005 |
| | Не | 21 | 26,25% | 6 | 10,16% | | | |
| | Делумно | 40 | 50% | 38 | 64,4% | | | |
| 12. Што мислите, каква е атмосферата помеѓу децата од групата и децата со пречки во развојот? | Период на адаптација, подготовка на групата | 20 | 68,96% | 3 | 14,2% | | | |
| | Отежната | 4 | 13,7% | 1 | 4,7% | | | |
| | Заложба од одговорните во групата | 4 | 13,7% | 7 | 33,33% | | | |
| | Нормална | 1 | 3,4% | 10 | 34,48% | 21,82 | 3 | 0 |
| **13. Набројте кој е стручен за работа со деца со пречки во развојот?** | Дефектолог | 68 | 53,1% | 59 | 71,08% | | | |
| | Педагог | 18 | 14,06% | 7 | 8,4% | | | |
| | Психолог | 38 | 29,68% | 7 | 8,4% | 115,86 | | |
| | Логопед | 4 | 3,1% | 10 | 12,04% | | 3 | 0,005 |
| 14. Што мислите, дали ви е потребна помош и советување за работа со деца со пречки во развојот? | Да | 68 | 95,8% | 56 | 91,8% | | | |
| | Не | 3 | 4,2% | 5 | 8,1% | 106,01 | 1 | 0,005 |

Во однос на анкетниот лист 1, од прашањата и добиените одговори може да се даде заклучок дека беа вклучени 74 негуватели од двете градинки ЈДГ „8 Март“ и ЈДГ „Весели Цветови“, додека пак, анкетен лист 2 го пополнија и вратија 67 негуватели од двете градинки.

Во однос на присуство на деца со пречки во развојот, најголем број од негувателите одговорија дека има 51 (68%) и 44 (65%) во нивните групи. **$x^2$ е 0,16, значаен е на соодветно ниво, р за случајна грешка е 0,681т.е. р>0,05 не постои статистичка значајна разлика.**[54]

Најголем дел од негувателите ја знаат дијагнозата која ја има детето во нивната група или во градинката, и тоа 44 (78,5%) наспроти 28 (45,16) во 2 анкетен прашалник. Најчесто спомнати се: аутизам, хиперактивно однесување, глувост. **$x^2$ е 22,64 степени на слобода 2, р=0, р<0,05 постои статистички значајна разлика.**

Во однос на информираноста, најголем дел се делумно информирани 50 (65%) и тоа од литература 51 (69%) од 1 анкетен прашалник, додека во 2 анкетен прашалник се зголемува бројот на целосно информирани 21 (30%). **Во однос на информираноста не постои статистички значајна разлика $x^2$ е 5,05 df=2 и р=0,08, р>0,05.**

Во однос на извор на информации од каде ги добиваат воспитувачите и негувателите **$x^2$е 1,09 за df=2 и р=0,5 р>0,05 не постои статистички значајна разлика.**

Познавање на оштетувања кај деца со пречки во развојот делумно имаат 41 (50%) негуватели од првиот анкетен прашалник, и 38 (54,2%) од вториот. **$x^2$=1,83 степен на слобода 2 на ниво на значајност р= 0.4 , не постои статистички значајна разлика, р>0,05.**

---

[54] Measuring Dependency of Two Variables from Categorized Data avalibale at: http://home.ubalt.edu/ntsbarsh/Business-stat/otherapplets/Catego.htm [Acessed 12.12.2011]

Од наброените оштетувања се: аутизам 32 (46%) и неправилен говор 24 (34%) негуватели одговориле на првиот анкетен прашалник.

Во вториот анкетен прашалник се зголеми бројот на наброени оштетувања како деца со оштетен слух 10 ( 19%) и хиперактивно однесување 9 (17%).

**$x^2$=8,69 за степен на слобода 3 и p=0,03 p<0,05 постои статистички значајна разлика.**

На првата анкета насочија негувателите дека најдобро може да се вклучат деца со аутизам 10 (33%) и АДХД 9 (28%), додека пак, на другата анкета најмногу акцент ставија на мали попречености во развојот 10 (31%). Постои значителна статистичка разлика и тоа:

**$x^2$ е 0,82, три степени на слобода и степен на веројатност p=0,84 нема статистичка значајна разлика**

Најчести фактори за нарушување на нормалниот развој кои ги наведоа се: генетски 47 (36%) или 44 (36%) одговорија негувателите.

**За истото не постои статистичка значајна разлика p=0.94.**

На прашањето за вклучување во активностите на групата, децата со пречки не можат самостојно без стручна помош да се вклучат 63 (80%) или 34 (72%). **Не постои статистички значајна разлика. p=0,62**

Негувателите на двата анкетни прашалници се изјаснија дека прифаќаат да работат со деца со пречки во развојот и тоа 40 (50,63%), а во втората анализа 41 (62,12%).

**Статистички пресметано $x^2$ е 1,92 степен на слобода 1 и на веројатност p=0,16**

**Нема статистички значајна разлика, прифатеност на негувателите да работат во групи со деца со пречки во развојот.**

За одговор Не, најчесто беше забележана емотивноста во работата, стручната неподготвеност, немање на стручно лице постојано во групата.

Во ова истражување се наведува дека родителите на другите деца од групата делумно ги прифаќаат овие деца 40 (50%) или 38 (64,4), во втората

анкета се зголемува и бројот на целосно прифатени деца на 15 (25%). **Степен на веројатност p=0.05 постои значителна разлика.**

Атмосферата при првото анкетирање зависи од период на адаптација, и подготовка на групата 20 (68,96%), а во втората анкета се наведува како нормална атмосфера 10 (34,48%)

**Постои статистички значајна разлика $x^2$=21,82 df=3 и p=0**

Негувателите знаат кој е стручен во работа со деца со пречки во развојот и тоа дефектолог 68 (53%), психолог 38 (30%), педагог 18 (14%).
На втората анкета забележале дека стручен за работа е дефектологот 59 (71%), психологот и педагогот по 7 (8%) и логопед 10 (12%). Значително се зголемиле познавањата на работа на дефектологот.

**Постои статистички значајна разлика p=o $x^2$=0,9 со тоа се докажува сигурноста во одговорите.**

Потреба од стручна помош и постојана комуникација наведуваат 68 (96%) негуватели од 1 анкетен лист и 56 (91,8) од 2 анкета.

**$x^2$=0,9 и степен на слобода и p=0,3 не постои статистички значајна разлика.**

Табела број 2 . Преглед на одговори на воспитувачите од двата анкетни прашалници

| Прашања (воспитувачи) | Одговор | 1 Анкетен прашалник (50) | | 2 Анкетен прашалник (51) | | $x^2$ | df | P |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.Дали во Вашата група има дете со пречки во развојот?** | Да | 19 | 38% | 20 | 39,2% | 50,05 | 1 | 0,1 |
| | Не | 31 | 24,5% | 31 | 60,7% | | | |
| 2. Дали ја знаете дијагнозата или видот на оштетување која ја има тоа дете? | Да | 18 | 32,1% | 21 | 50% | | | |
| | Не | 21 | 37,5% | 21 | 50% | | | |
| | Делумно | 17 | 9,52% | | | 76,77 | 2 | 0,005 |
| **3. Сметате ли дека сте во доволна мера информирани?** | Да | 7 | 13,7% | 7 | 15,5% | | | |
| | Да, делумно | 41 | 80,3% | 35 | 77,7% | | | |
| | Не | 6 | 11,7% | 3 | 6,6% | 49,83 | 2 | 0,05 |
| 4. Од каде сте информирани за карактеристиките на децата со пречки во развојот? | Семинари | 10 | 20,4% | 8 | 17,7% | | | |
| | Литература | 33 | 66,7% | 30 | 66,6% | | | |
| | На некој друг начин | 6 | O,22% | 7 | 15,5% | 47,37 | 2 | 0,05 |
| **5. Дали знаете какви видови на оштетувања постојат кај децата со пречки во развојот?** | Да | 14 | 28% | 12 | 21,81% | | | |
| | Не | 1 | 2% | 8 | 14,54% | | | |
| | Делумно | 35 | 70% | 25 | 45,45% | 47,81 | 2 | 0.05 |
| 6. Дали ќе можете да ги набroите некои видови на оштетувања кои ги имаат децата со пречки во развојот? | Аутизам | 25 | 36,7% | 18 | 28,57% | | | |
| | Неправилен говор | 18 | 24,4% | 9 | 14,28% | | | |
| | Оштетување на слух | 14 | 20,5% | 18 | 28,57% | | | |
| | Хиперактивно однесување | 11 | 16,1% | 18 | 28,57% | 74,72 | 3 | 0,005 |
| **7. Според Вас, која група на деца со пречки во развојот најдобро може да се вклучи во следење на воспитно-образовниот процес во вашата група?** | Аутизам | 7 | 26,9% | 13 | 27,65% | | | |
| | Лесна ментална ретардација | 8 | 30,76% | 4 | 8,5% | | | |
| | Хиперактивно однесување | 5 | 19,2% | 10 | 21,27% | | | |
| | Мала попреченост | 6 | 23% | 20 | 42,55% | 39,93 | 3 | 0,01 |
| 8. Кои се најчести фактори за предизвикување на нарушување на развојот на децата? | Генетски | 38 | 40,4% | 34 | 44,73% | | | |
| | Во текот на пораѓање | 27 | 28,7% | 19 | 25% | | | |
| | Стекнати | 11 | 11,7% | 9 | 11,84% | | | |
| | Наследни | 18 | 19,1% | 14 | 18,42% | 83,94 | 3 | 0,005 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **9. Дали сметате дека децата самостојно и без стручна помош можат да се вклучат во активностите на групата?** | Да | 2 | 4% | 5 | 12,8% | | | |
| | Не | 38 | 76% | 24 | 61,5% | | | |
| | Делумно | 10 | 20% | 12 | 30,76% | 3,77 | 2 | 0,15 |
| 10. Дали Вие би прифатиле да работите со дете со пречки во развојот? | Да | 36 | 72% | 32 | 72,72% | | | |
| | Не | 14 | 28% | 12 | 27,27% | | | |
| | | | | | | 47,02 | 1 | 0,1 |
| **11.Дали мислите дека родителите на другите деца од групата ги прифаќаат децата со пречки во развојот?** | Да | 11 | 22% | 14 | 32,5% | | | |
| | Не | 1 | 2% | 7 | 16,2% | | | |
| | Делумно | 38 | 76% | 22 | 51,1% | 50,82 | 2 | 0,01 |
| 12. Што мислите, каква е атмосферата помеѓу децата од групата и децата со пречки во развојот? | Период на адаптација, подготовка на група | 5 | 27,7% | 7 | 23,3% | | | |
| | Отежната | 4 | 22,2% | 1 | 0,3% | | | |
| | Заложба од одговорните во групата | 3 | 16,6% | 8 | 26,6% | | | |
| | Нормална | 3 | 16,6% | 6 | 20% | | | |
| | Зависи од потешкотии во развојот | 3 | 16,6% | 8 | 26,6% | 22,55 | 4 | 0,975 |
| **13. Набројте кој е стручен за работа со деца со пречки во развојот?** | Дефектолог | 45 | 47,8% | 46 | 53,4% | | | |
| | Педагог | 16 | 17% | 12 | 13,9% | | | |
| | Психолог | 14 | 14,8% | 14 | 4,6% | | | |
| | Логопед | 19 | 20,2% | 14 | 4,6% | 310,37 | 3 | 0,005 |
| 14. Што мислите, дали ви е потребна помош и советување за работа со деца со пречки во развојот? | Да | 45 | 93,7% | 37 | 100% | | | |
| | Не | 3 | 6,25% | | | 42,09 | 1 | 0,1 |

Воспитувачите искрено дадоа одговори на поставените прашања од двата анкетни прашалници. И тоа, првиот го пополнија и вратија 50 воспитувачи, додека вториот, 51 воспитувач.

На првото прашање дали во нивната група има деца со пречки во развојот со Да одговорија 19 (38%) односно 20 (39%) за вториот анкетен прашалник, **$x^2$=0,015 со 1 степен на слобода не постои статистички значајна разлика во однос на одговорите на p=0,9.**

Познавање за дијагноза за децата со пречки во развојот во нивната група или во другите групи имаат 18 (32%), а во вториот анкетен прашалник 21 (50%) од воспитувачите имаат познавање за дијагнозата на детето со пречки во развојот.

**$x^2$=15,54 со 2 степени на слобода и p=0 p<0,5 што укажува на тоа дека има статистичка значајна разлика во одговорите.**

Во однос на информираноста, најголем дел од воспитувачите се изјаснија дека се делумно информирани 41 (80,3%), а на вториот анкетен прашалник 35 (78%), додека пак, се зголемува бројот на целосно информирани 7(15%).

**$x^2$=0,66 со степен на отстапување df=2 p=0,71 не постои статистички значајна разлика.**

**Исто така, не се потврдува статистички значајната разлика p=0,87 $x^2$=0,27** во однос на информираноста од литература кај 66% на воспитувачите од двата анкетни прашалници и присуството на семинари во првиот анкетен лист забележаа 10 (20%) воспитувачи, а подоцна, во 2 анкетен лист 8 (18%) воспитувачи.

Од другите одговори најмногу се наведува дека информациите ги добиваат од интернет, медиуми, разговори со родители, колешки, како и стручни лица од градинката и надвор.

Воспитувачите истакнаа дека делумно имаат познавање на видот на оштетувања што постојат кај децата со пречки во развојот и тоа 35 (70%) за да, а во вториот анкетен прашалник се менува во 25 (45%).

**Постои статистички значајна разлика p<0,05 p=0,03.**

Најчесто наброени отстапувања во развојот познати за воспитувачите се аутизам 25 (37%) воспитувачи забележаа на 1 анкетен лист и 18 (29%) во вториот. А најмалку хиперактивно однесување при првото анкетирање дадоа одговор 11 (16%) а при второто за неправилен говор (24%) од воспитувачите.

**Во овој случај не постои статистички значајна разлика т.е p>0,05.p=0,1.**

Деца кои најлесно може да се прилагодат на активностите во групата се деца со лесна ментална ретардација, одговорија 8 (30%), аутизам 7 (27%), мала попреченост во развојот 6 (23%) од воспитувачите. Додека подоцна на истото прашање во 2 анкетен лист забележуваа дека најлесно ќе се прилагодат деца со полесни попречености 20 (43%), аутизам 13 (28%), а најтешко може да биде работата со деца со лесна ментална ретардација 4 (8%).

**За ова прашање $x^2$=6,86, стапка на слобода за 3 и p>0,01, p=0,08 што значи дека не постои статистички значајна разлика.**

Од двата анкетни прашалници одговорите на ова прашање се многу слични и тоа како фактори се наброени генетски 38 (40%) или 34 (45%), во тек на пораѓање 27 (28%), или 19 (25%) од воспитувачите одговорија на 2 анкетен лист.

**Нема промена во мислењата во однос на ова прашање и не постои статистички значајна разлика $x^2$=0,41 p=0,9.**

Во однос на помош за вклучување на дете со пречки во развој во група, воспитувачите истакнаа дека не може детето самостојно да се вклучи т.е. без стручна помош и тоа 38 (76%) или 24 (61%) додека пак, делумно можат децата да се вклучат, истакнале 10 (20%) или 12 (27%) од воспитувачите.

**Генерално за $x^2$= 3,77 стапка на слобода 2 и p=0,15 што значи дека нема статистички значајна разлика за потврда на хипотезата.**

Од одговорите на воспитувачите дека најголем дел 36 (72%) или 32 (72%) прифаќаат да работат со дете со пречки во развојот. За одговор не, најчести образложенија се емотивноста, недоволна стручност, голем број на деца, немање финансиска стимулација.

**Статистички значајна разлика не постои за $x^2$= 0,006 p=0,9 и 1 степен на слобода се констатира.**

Истото се случува со одговорите за прифатеноста на децата со пречки во развојот од страна на родителите на деца од групата. Делумно родителите ги прифаќаат овие деца, истакнаа воспитувачите и тоа: 38 (76%) или 22 (51%) во

вториот анкетен лист се зголемува и одговорите за да, целосно прифаќање 11 (22%) во првиот анкетен лист, а во вториот 14(32%).

За **$x^2$=8,64 df=2 и за p=0,01 што значи дека има статистички значајна разлика во одговорите.**

За атмосферата во групата беа дадени голем број на одговори кои според суштинските карактеристики се поделени во 5 најавтентични заклучоци.

При првото анкетирање атмосферата во 5 искази, односно (28%) од воспитувачите велат дека зависи од периодот на адаптација и подготовките на групата. 4 (22%) воспитувачи забележале дека е отежната, нарушена атмосферата. Додека пак, во 2 анкетен лист се зголемува бројот на искази дека атмосферата зависи од заложбата на луѓето во групата 8 (27%) и зависи од потешкотиите кои ги има тоа дете. Додека пак, опаѓа отежнатата атмосфера.

**$x^2$=4,99 df=4 и p=0,29 нема статистички значајна разлика.**

Во однос на стручната компетенција за работа со овие деца, наведоа дека стручни лица се дефектологот 45 (48%) или 46 (53%) одговорија воспитувачите. Потоа педагогот 16 (17%) или 12 (14%), психологот 14 (15%) и во 2 анкетен лист 14 (7%), додека пак, логопедот го посочија 19 (20%) или 14 (5%) од воспитувачите. **За истото p=0,8 нема статистички значајна разлика.**

Стручната помош е добредојдена, секојдневна и многу важна од дефектолог забележаа 45 (93%) од воспитувачи од 1 анкетен лист и 37(100%) од вториот анкетен лист.

**$x^2$=2,39 1 степен на слобода и p=0,12 нема статистички значајна разлика.**

## *1.2 Графичко претставување на исказите на воспитувачите и негувателите од двата анкетни прашалници*

На графичкото претставување се дадени низи 1 и 2, тие всушност, ги претставуваат анкетените прашалнци 1 и 2.

Бројот на анкетираните воспитувачи и негуватели е следен:

- 50 воспитувачи го вратија анкетниот прашалник 1 и 51 воспитувач, анкетниот прашалник 2.
- Број на анкетирани негуватели е 74 за првиот анкетен прашалник и 67 за 2 анкетен прашалник.

Слика 1. Графичко претставување на дадени одговори во однос на прашањето дали во групите има деца со пречки во развојот




На слика бр.1 не се забележува голема разлика во одговорите помеѓу воспитувачите и негувателите. Во првиот анкетен прашалник 31 воспитувач и 51 негувател наведуваат дека нема деца со пречки во развојот во нивните групи, а од вториот анкетен прашалник се изјаснија 31 воспитувач и 44 негуватели што значи дека се зголемил бројот на деца со пречки во развој во некои од групите, според мислењето на негувателите.

Слика 2. Графички приказ на одговорите на воспитувачите и негувателите




Најголем дел од воспитувачите и негувателите не ја знаат дијагнозата или видот на оштетување која ја имаат децата во нивните групи или во градинката.

Слика 3. Графички приказ на информираноста на воспитувачите и негувателите




Во однос на информираност, најголем дел од воспитувачите 41 и 35 како и 50 и 43 од негувателите се Да, делумно информирани во однос на видот на потешкотии што ги имаат децата со пречки во развојот.

Слика 4. Графички приказ на одговори на воспитувачи и негуватели во однос на извор на информации за деца со пречки во развојот




Најголем дел од воспитувачите (33 и 30) и негувателите (51 и 42) се информирани преку литература, исто така, често се добиваат информации и преку интернет, медиум, стручно лице, родители, колеги, роднини.

Слика 5. Графички приказ на одговори на прашањето за вид на оштетување кои постојат кај деца со пречки во развојот




Воспитувачите (35 и 25) и негувателите (41 и 38) во најголем број делумно имаат познавање за видовите на оштетување кои ги имаат децата со пречки во развојот.

Слика 6. Графички приказ на одговори на воспитувачите и негувателите за вид на оштетувања кои ги имаат децата со пречки во развојот







Аутизмот е најчесто познат вид на оштетувања кај 32 и 20 негуватели и 25 односно 18 воспитувачи, 24 односно 15 од негувателите имаат познавање за неразвиен говор, во вториот анкетен прашалник покажале дека имаат поголеми сознанија за деца со оштетен слух за разлика од првото анкетирање.

Слика 7. Графички приказ на одговори на воспитувачите и негувателите за вид на попреченост кој најлесно може да се вклучи во воспитно-образовниот процес







Негувателите истакнуваат дека најлесно може да се вклучат деца со аутизам (10 и 10) и деца со мал степен на потешкотии во развој (7 и 10) во воспитно-образовниот процес. За разлика од нив, воспитувачите при првото анкетирање одговориле деца со лесна ментална ретардација (8) и деца со аутизам (7), а во второто анкетирање деца со аутизам (13) и деца со хиперактивно однесување (10).

Слика 8. Графички приказ на одговори на воспитувачите и негувателите на прашањето најчести фактори за нарушување на развојот




На графичкиот приказ може да се забележи дека најчести фактори за нарушување на развојот кај децата, воспитно-негувателскиот кадар дава за генетските фактори, потоа наследни (35 или 30) истакнале негувателите. Во тек на пораѓање како најважен фактор го истакнале (27 и 19) од воспитувачите.

Слика 9. Графички приказ на одговори во однос на потребата на стручна помош при вклучување во секојдневните активности




Најголем број од воспитувачите (38 и 24) и неувателите (63 и 34) истакнуваат дека не можат децата самостојно и без стручна помош да се вклучат во сите активности во групата.

Слика 10. Графички приказ на одговори во однос на прашањето дали би прифатиле да работат со дете со пречки во развојот







Негувателите на првото анкетирање одговориле 40 за Да и 39 за Не, додека пак, во вториот анкетен прашалник одговориле 41 за Да и 25 за Не. Како образложение за одговор Не истакнуваат стручна неподготвеност, емотивност, страв, немање услови и голема потреба од постојано стручно лице во групата.

Кај воспитувачите нема голема разлика во однос на одговорите за 1 и 2 анкетен прашалник, нивните мислења се слични (36 и 32 за Да) и (14 односно 12 за Не).

Слика 11. Графичко претставување на одговори на прашањето во однос на прифатеноста на деца со пречки во развојот од страна на родители на деца кои се во иста група







Од графиконот може да се забележи дека во најголем број одговори од негувателите (40 и 38) и воспитувачите (38 и 22) одговориле дека родителите на другите деца од групата делумно ги прифаќаат децата со пречки во развојот кои се во истата група со нивното дете.

Неприфаќањето опаѓа од првиот до вториот анкетен прашалник кај негувателите 21 наспроти 6, додека во одговорите кај воспитувачите пак, има

благо зголемување на неприфаќањето од страна на родителите и тоа од 1 на 7 воспитувачи дале таков одговор.

Слика 12. Графичко претставување на одговори на прашањето каква е атмосферата во групата помеѓу децата и како е прифатено детето со пречки во развојот




Негувателите и воспитувачите дадоа голем број на одговори во однос на атмосферата во групата, но најчести беа наведените 4. Од кои негувателите атмосферата и прифаќањето го објаснуваат со важноста од подготовка на групата и периодот на адаптација (20), во второто анкетирање пак, истакнуваат дека атмосферата е нормална (10).

Воспитувачите при првото анкетирање ја нагласуваат подготовката на групата (5), и отежната атмосфера истакнуваат 4 воспитувачи. Во второто анкетирање 8 воспитувачи нагласуваат дека важно е залагањето на одговорните во групата и 7 ја истакнуваат подготвеноста на групата и периодот на адаптација. И кај двата профила од градинките при второто анкетирање опаѓа бројот на одговори на отежната атмосфера во групата.

Слика 13. Графичко претставување на одговори на прашањето кој е стручен за работа со деца со пречки во развојот




Воспитувачите и негувателите во најголем број на своите одговори насочуваат дека дефектологот е стручен за работа со деца со пречки во развојот и тоа, воспитувачите одговориле (45 и 46) и (68 и 59) од негувателите.

Важноста од стручно лице дефектолог ќе се истакне низ следниот графикон.

Слика 14. Графички приказ на одговорите на негувателите и воспитувачите во однос на потребата за консултација, помош од стручно лице




Низ графичката презентација може да се види важноста од потребата за консултација со стручно лице и тоа во сите одговори наведено е дефектолог и тоа од воспитувачите (45 односно 35) и (68 или 56) од негувателите.

Со тоа се потврдува големата важност од дефектологот како стручно лице во секојдневната работа со детето со пречки во развојот во група со другите деца.

## *1.3 Анализа и интерпретација на резултатите од полуструктурираните интервјуа со воспитувачите и негувателите*

Полуструктурирано интервју за проучување на ставовите на воспитно-негувателскиот кадар во градинките за децата со пречки во равојот кои ги посетуваат градинките.

Анализа на одговорите на 20 воспитувачи и негуватели каде во групите има деца со пречки во развојот и 20 воспитувачи и негуватели каде во групите нема деца со пречки во развојот.

Рамки на прашања од полуструктурираното интервју ги содржи следниве теми:

1. Работа во детска градинка и дете со пречки во развојот;
2. Сознанија за децата со пречки во развојот;
3. Професионална подготовка на кадарот за работа со деца со пречки во развојот;
4. Услови во градинката;
5. Социјална интеракција на дете со пречки во развојот во групата;
6. Третман од стручно лице за деца со пречки во развојот;
7. Соработка со родителите;
8. Процесот на инклузија во градинката.

- ***Анализа на искази на 20 воспитувачи и негуватели каде во групите нема деца со пречки во развојот во однос на наведениве прашања се следниве:***

За подобро запознавање со проблематиката на работа во детска градинка и работа со деца со пречки во развојот, важно беше да се констатира и работното искуство, изворот на информации за карактеристиките на децата со пречки во

развојот и стручна подготвеност на воспитно/негувателскиот персонал за работа со деца со пречки во развојот што се гледа на следнава тебела:

Табела бр.1 Приказ на искази за работно искуство на воспитувачите и негувателите во кои групи нема деца со пречки во развојот

| Работно искуство и работа со деца со пречки во развојот | 5 години | 15 години | 30-40 години |
|---|---|---|---|
| | 5 (25%) | 9 (45%) | 6 (30%) |

Најголем број од воспитувачите и негувателите изјавија дека работат до 15 години 9 (45%) од испитаниците имаат искуство во работа со деца со пречки во развојот. 6 (30%) од воспитувачите и негувателите работат до 30 години.
Најмал е бројот на испитаници 5 (25%) кои работат до 5 години и немаат искуство за работа со деца со пречки во развојот.

Табела бр 2. Приказ на начин на информирање за карактеристиките на децата со пречки во развојот на воспитувачите и негувателите во кои групи нема деца со пречки во развојот

| Информации за деца со пречки во развојот | литература, списанија, интернет, ТВ | Од стручно лице | На друг начин |
|---|---|---|---|
| | 10 (50%) | 6 (30%) | 4 (20%) |

Најголем број од воспитно-негувателскиот кадар 10 (50%) изјавија дека од литетратура, списанија, медиуми добиваат најмногу информации. Додека пак, од стручни лица дефектолог се изјаснија 6(30%) испитаници или на друг начин, а најчесто наведен е од блиско семејство се изјаснија 4(20%) испитаници.

Табела бр. 3 Стручна подготвеност на воспитувачите и негувателите во кои групи нема деца со пречки во развојот

| Стручна подготвеност за работа со деца со пречки во развојот | Немам стручна подготвеност | Имам делумна стучна подготвеност | Искуство од работа |
|---|---|---|---|
| | 14 (70%) | 1(5%) | 5(25%) |

Најголем дел односно 14 (70%) од воспитувачите и негувателите наведуваат дека немаат стручна подготвеност за работа со деца со пречки во развојот, додека пак 1(5%) воспитувач наведе дека има делумно познавање и стучност за работа со деца со пречки во развојот, а 5(25%) од нив имаат стекнато искуство од секојдневната работа со децата.

❖ ***Анализа на одговорите на полуструктурирано интервју на воспитувачите и негувателите во кои групи има деца со пречки во развојот***

1. Можете ли да ми кажете какви се условите во градинката за прием на деца со пречки во развојот? И што е потребно за да можат да се вклучат?

| Концепт | Цитати од воспитувачите и негувателите |
|---|---|
| Нема услови, премногу деца во групите, треба мали групи, стручно лице | „Тешко, нема никакви услови, со толку многу деца, па и дете со пречки во развојот, треба да се намали бројот минус две деца за едно дете со пречки во развојот“ „Условите не се соодветни, нема доволно услови иако ние се трудиме и импровизираме.“ „За тоа дете треба мирна средина, боја на просторијата и дефектолог да го следи.“ „Со тие деца треба да си работи дефектолог во групата“ |
| Добро е, но може и подобро | „Средни услови треба простор, материјали за работа за него...“ „Делумно добри, но секогаш треба да биде подобро за нашите деца, а и за другите“. |

Во однос на прашањето да наведат какви се условите во градинката за прием на деца со пречки во развојот и што е потребно за да можат да се вклучат во градинка, наведовме два концепта:

-нема услови, премногу деца во групите, треба мали групи, стручно лице;

- добро е, но може и подобро;

Од 20 испитаници, 17 (85%) од воспитувачите и негувателите наведоа дека големите групи-бројноста на децата, немање на соодветни услови и индивидуална работа со стручно лице, се едни од главните потешкотии за прием на деца со пречки во развојот. За одговор „Да, може и подобро“ се одлучија 3(15%) од испитаниците.

2. Каква е социјализацијата на децата со пречки во развојот? Нивните потреби за контакти и пријателства со децата и возрасните.

| Концепт | Цитати од воспитувачите и негувателите |
|---|---|
| Социјализацијата е добра | „Социјализацијата досега е добра. Тоа е минимум што може да се направи“<br>„Имаат потреба од контакти, повеќе се врзуваат за возрасни, но им требаат и децата за дружба.“<br>„Со тек на време сé подобра е социјализацијата. “ |
| Според можностите на детето | „Зависи од пречките кои ги има детето, кај аутизам според можности“<br>„Потешко, за разлика од другите деца, но со тек на време се подобрува“<br>„Има потреба за контакти со деца и со нас учителките“<br>„Секое дете има потреба од комуникација, кај нив зависи од состојбата“ |
| Не е многу социјализирано | „Имаат потреба од социјализација, но не е толку добра“.<br>„Тешко е со нив, тие се сами во еден дел од занималната, и знаеш, не учествуваат и да сакаме ние“. |

Во однос на прашањето каква е социјализацијата на децата со пречки во развојот и нивните потреби за контакти и пријателства со децата и возрасните, наведовме три концепти:

-социјализацијата е добра;

-според можностите на детето;

- не е многу социјализирано;

Генерално гледано, може да се забележи дека кадарот во градинките се радува на социјализацијата на децата со пречки во развојот и тоа 12(60%) од нив наведоа дека социјализацијата е добра, 5 (25%) истакнаа дека зависи од можностите на детето и 3 (15%) имаат мислење дека децата не се многу социјализирани.

3. Можете ли да напомените кој е стручен за работа со деца со пречки во развојот? Дали вие имате потреба од консултации, помош и соработка?

| Концепт | Цитати од воспитувачите и негувателите |
|---|---|
| Цел стручен тим | „Психолог, педагог, дефектолог, логопед, секој во својата област би било добро да имаме сé во градинката и да му помагаат на детето“ „Цел тим, па тоа е и нормално и го има во работни места, а прво дефектолог најмногу ни треба“ „Колку би било убаво и лекар за болните, логопед за тие со р и л, психолог за хиперактивните и дефектолог за деца со пречки...“ |
| Дефектолог, да постојана потреба | „Да постојано, а не само еднаш во две недели“ „Да дефектолог, тој е компетентен за работа со тие деца.. “ „..да ги препознае неговите недостатоци и подобри предности“ |

На прашањето воспитувачите и негувателите да наведат кој е стручен за работа со деца со пречки во развојот и дали имаат потреба од консултации, помош и соработка, истакнавме два концепта:

-цел стручен тим ;

- дефектолог, да, постојана потреба;

Големиот број на одговори 10 (50%) во кои се наведува потребата од стручен тим, а пред сé, дефектолог 10(50%) доведува до заклучок дека за добра инклузија и вклученост на децата со пречки во развојот во сите активности во детската градинка, потребен е цел стручен тим, а посебно дефектолог.

4. Кои се вашите размислувања за инклузијата на децата со пречки во развојот во детската градинка. Кој е услов за полесна инклузија?

| Концепт | Цитати од воспитувачите и негувателите |
| --- | --- |
| Помалку деца во групите | „Инклузија да, треба да се вклучат, но треба помалку деца во групите."<br>„Не би требало да се изолираат, но треба персонал и помал број на деца"<br>„Инклузија да, но и услови за работа, се знае, помалку деца, за едно дете минус две или три деца" |
| Стручно лице | „Доколку се оди на квалитет кај нас тешко, нема, квантитет има, треба повеќе персонал, посебно дефектолог."<br>„За инклузија се сите, и мое дете да е ќе сакам да оди во градинка, но треба некој навистина да им помага секој ден, е да, дефектолог"<br>„Ние само работиме, јас како воспитувач не можам да бидам и дефектолог, за тоа треба цел стручен тим" |
| Не сум за инклузија, потребна е друга група за тие деца | Не сум за да бидат заедно во групите, негативно е и за другите деца...<br>не знам, жал ми е, сепак ќе бидат одделени, мислам не" |

На прашањето кои се вашите размислувања за инклузија на децата со пречки во развојот во детската градинка и кој е условот за полесна инклузија, дефинираме три концепти: -помалку деца во групите;
-стручно лице; -не сум за инклузија, потребна е друга група за тие деца;

Услов за полесна инклузија се надополнува со претходното прашање, односно потребата од стручно лице за работа со дете со пречки во развојот наведоа 11 (55%) од испитаниците, 6(30%) од воспитувачите/негувателите не се за процес на инклузија, не им се допаѓа идејата да се дружат со други деца и да имаат заеднички активности, а најмалку 3(15%) од воспитувачите и негувателите се изјаснија како услов е намалување на бројот на децата во групите и создавање услови за работа и подобра грижа за тие, но и сите други деца.

❖ ***Анализа на исказите на 20 воспитувачи и негуватели каде во групите има деца со пречки во развојот:***

За подобро запознавање со проблематиката на работа во детска градинка и работа со деца со пречки во развојот, важно беше да се констатира и работното искуство, изворот на информации за карактеристиките на децата со пречки во развојот и стручна подготвеност на воспитно/негувателскиот персонал за работа со деца со пречки во развојот што се гледа на следнава тебела:

Табела бр.1 Приказ на искази за работно искуство на воспитувачите и негувателите во кои групи има деца со пречки во развојот

| Работно искуство и работа со деца со пречки во развојот | 5 години | 15 години | 30-40 години |
|---|---|---|---|
| | 4(20%) | 10 (50%) | 6 (30%) |

Најголем број на интервјуирани воспитувачи и негуватели истакнуваат дека работат 15 и повеќе години и тоа 10 (50%) од нив и имаат искуство во работа со тие деца, поголем дел позитивно искуство, 6(30%) од нив работат над 30 години имаат искуство, а најмалку 4(20%) се до 5 години работно искуство и работа со деца со пречки во развојот.

Табела бр 2. Приказ на начин на информирање за карактеристиките на децата со пречки во развојот на воспитувачите и негувателите во кои групи има деца со пречки во развојот

| Информации за деца со пречки во развојот | ТВ, литература, списанија, интернет, | Од стручно лице | На друг начин |
|---|---|---|---|
| | 12(60%) | 5(25%) | 3(15%) |

Во однос на прашањето од каде воспитувачите и негувателите во кои групи има деца со пречки во развојот, истакнаа дека информациите за децата со пречки во развојот ги добиваат од литература, списанија, интернет, телевизија и тоа истакнаа 12(60%) испитаници. 5(25%) од стручно лице и 3(15%) воспитувачи и негуватели информациите ги добиваат на друг начин, најчесто од колешки и родители.

Табела бр. 3 Стручна подготвеност на воспитувачите и негувателите во кои групи има деца со пречки во развојот

| Стручна подготвеност за работа со деца со пречки во развојот | Немам стручна подготвеност | Имам делумна стручна подготвеност | Искуство од работа |
|---|---|---|---|
| | 17(85%) | 2(10%) | 1(5%) |

Најголем дел од воспитно-негувателскиот кадар 17(85%) истакнаа дека немаат стручна подготвеност, 2(10%) дека имаат стручна подготвеност и 1(5%) од искуство од работа.

1. Можете ли да ми кажете какви се условите во градинката за прием на деца со пречки во развојот? И што е потребно за да можат да се вклучат?

| Концепт | Цитати од воспитувачите и негувателите |
|---|---|
| Нема услови, премногу деца во групите, треба мали групи, стручно лице | „Услови нема, ама има само желба и добра волја на луѓето што работат во градинкава“ „Услови никакви, многу деца, би требало кога е во градинка детето да биде од 9 до 11...“ „Нема, нема просторни услови за нив, нема подвижни играчки... “ „...нема просторни услови за него, му треба мирно катче да се работи со него, а и стручно лице не еднаш, двапати туку континуирано. “ |
| Добро е, но може и подобро | „Може и подобро, треба стручно лице, просторни услови и дидактички материјали. “ „Условите се добри, само треба повеќе играчки и поголема комуникација со родителот.“ „Мислам добри и штом се бара да присуствуваат во група треба да се прилагоди простор за нив. “ |

На прашањето во однос на условите во градинката за прием на деца со пречки во развојот и што е потребно за да можат да се вклучат децата, наведовме два концепта:

-нема услови, премногу деца во групите, треба мали групи, стручно лице;
- добро е, но може и подобро;

Најголем дел од испитаниците 16(80%) изјавија дека проблем за прием, услови и можности во градинката се немање на простор, играчки, персонал, дефектолог, бројност на деца, само 4 (20%) од сите воспитувачи и негуватели наведоа дека има добри услови, но можат да бидат и подобри.

2. Каква е социјализацијата на децата со пречки во развојот? Нивните потреби за контакти и пријателства со децата и возрасните.

| Концепт | Цитати од воспитувачите и негувателите |
|---|---|
| Социјализацијата е добра | „Зависи од нас, како ние ќе се поставиме кон него така и тој ќе се однесува... да, има потреба од контакти.“<br>„Социјализацијата е добра, сепак треба да е со деца и кога е дома, а не само со баба и дедо“ |
| Според можностите на детето | „На почеток тешко се прилагодува, зависи од степенот на попреченоста...“<br>„Сака да се дружи, не знае како да изрази, но пријатно е настроено“ |
| Не е многу социјализирано | „Не можам да ја видам социјализацијата, само гледам дека е поврзан до мене, со децата не гледам контакти, бега, се плаши.“<br>„Тешко, си бара посебна нега и грижа од стручни лица, има желба, сака, но не може да го изрази она што го носи со себе“ |

На прашањето: Каква е социјализацијата на децата со пречки во развојот? Нивните потреби за контакти и пријателства со децата и возрасните, дефиниравме три концепти:

-социјализацијата е добра;

-според можностите на детето;

-не е многу социјализирано.

Воспитувачите и негувателите 9 (45%) истакнаа дека социјализацијата е според можностите на детето, 8(40%) дека е добра - позитивна само 3(25%) истакнаа дека нема социјализација кај децата со пречки во развојот.

3. Можете ли да напомените кој е стручен за работа со деца со пречки во развојот? Дали вие имате потреба од кунсултации, помош и соработка?

| Концепт | Цитати од воспитувачите и негувателите |
|---|---|
| Цел стручен тим | „Да, имам потреба од консултација, општо да знам, но мислам дека тие деца треба да се во други групи да си работат со нив стручни лица..“<br>„Потребно е дефектолог директно за работа со дете, а психолог, работа со родител“ |
| Дефектолог да, постојана потреба | „Дефектологот треба редовно да работи со тоа дете... јас од многу деца немам време да му обрнам внимание...“<br>„Јас не сум ни психолог, ни дефектолог, воспитувач сум, а и не сакам да бидам, само ми треба постојана поддршка, помош од дефектолог“<br>„Добро е да има дефектолог, но и почесто да е во нашиот објект“<br>„Добро е млад дефектолог како што имаме ние, тој најдобро го знае начинот на комуникација, а за индивидуална работа е најдобар“ |

Во однос на знаењата на воспитувачите и негувателите во кои групи има деца со пречки во развојот, за тоа кој е стручен за работа со деца со пречки во развојот и дали имаат потреба од консултации, помош и соработка, дефиниравме два концепта:

-цел стручен тим;

-дефектолог да, постојана потреба;

Воспитувачите и негувателите наведоа дека стручен за работа со деца со пречки во развојот е дефектологот 12(60%) и имаат потреба од постојана комуникација, соработка и помош, додека пак, 8(40%) исто така, ја назначија потребата на цел стручен тим да го следи и работи со детето со пречки во развојот.

4. Кои се вашите размислувања за инклузијата на децата со пречки во развојот во детската градинка. Кој е услов за полесна инклузија?

| Концепт | Цитати од воспитувачите и негувателите |
|---|---|
| Помалку деца во групите | „Да се вклучат со полесни потешкотии, со тешки не, само штета, негативно влијае и на другите деца, многу деца имаме во групите“ |
| Стручно лице | „Треба да има предадаптивен период - престој на дете со родител и тоа ограничен престој до 12 часот. За тоа време стручно лице -дефектолог, да биде цело време со него и ќе врши секојдневен увид во развојот на детето и ќе дава насоки на воспитувачот и негувателот“<br>„Доста би помогнало, го гледам тој успех секој ден“ |
| Не сум за инклузија, потребна е друга група за тие деца | „Мислам дека треба друга група за тие деца“<br>„Развојна група како што има за деца со аутизам“ |

На прашањето, кои се размислувањата на воспитувачите и негувателите во кои групи има деца со пречки во развојот за инклузијата на децата со пречки во развојот во детската градинка и условот за полесна инклузија, дефиниравме три концепти:

-помалку деца во групи;

- стручно лице;

-не сум за инклузија, потребна е друга група за тие деца.

Одговорот на ова прашање се надоврзува на претходното со тоа што важноста од стручните лица кои ќе го следат и работат со детето во и надвор од група , го истакнаа 12 (60%) од воспитувачите и негувателите, 5 (25%) напоменаа помалку деца во групите, а 3(15%) од нив не се согласуваат со инклузијата и имаат мислење за постоење на друга група - развојна група само за деца со пречки во развојот.

## ❖ *Искази од полуструктурирано интервју со родители на деца со пречки во развојот*

Одговори на 20 интрвјуирани родители на деца со пречки во развојот.

Рамки на прашања од полуструктурираното интервју ги содржи следниве теми:

1. Подготвеноста на воспитно-негувателскиот кадар за прифаќање на дете со пречки во развојот во својата група;
2. Познавања за програмата на работа во детската градинка;
3. Потребите на вашето дете при вклучување во детската градинка;
4. Вид на поддршка за квалитетен и целосен развој на вашето дете;
5. Поддршка од стручно лице, третман и помош при секојдневните активности;
6. Придобивки од вклученоста на вашето дете во редовните групи во детската градинка.

1. Можете ли да ми кажете колку воспитувачките и негувателите се запознаени со проблематиката и развојот на вашето дете?

| Концепт | Цитати од родителите |
|---|---|
| Доволно се запознаени | „Не знам точно колку се запознаени, колку што можеме ние ги насочуваме со помош на дефектологот кој доаѓа во градинката.“<br>„Мислам дека се запознаени доволно, не знам што друго да ги информирам“<br>„Прво воспитувачката го прифати, па децат, а сега кога има дефектолог е уште полесно, јас секогаш ги известувам за сé што работиме“<br>„Со дефектологот во комуникација, воспитувач, негувател сите се запознаени, а најдобро знае дефектологот“ |
| Не се запознаени | „Мислам дека нив не ги интересира... да, да, знам, добро му е во група ама мислам не се запознаени со неговите можности.“<br>„Треба да ги разбереме, па и тие имаат многу деца во групите, не барам посебен третман исто како сите деца“ |

Во однос на првото прашање родителите ја истакнаа запознаеноста на воспитувачите и негувателите за проблематиката и развојот на нивното дете, за истото истакнавме два концепта:

-доволно се запознаени;

-не се запознаени.

Најголем дел од родителите истакнаа дека одговорните во групата каде што е нивното дете се доволно запознаени за развојот на нивното дете и тоа го истакнаа 18 (90%) од родителите, додека пак 2 (10%) од родителите истакнаа дека воспитувачите и негувателите делумно, или пак немаат време за подетално запознавање со развојот на нивното дете.

2.Можете ли да ми наброите некои активности кои ги реализира градинката? Колкави се вашите познавања за работата на детската градинка?

| Концепт | Цитати од родителите |
|---|---|
| Знам доволно за активностите на градинката | „Знам доста, ме известува воспитувачот и негувателот, најчесто кога има претстави гледам да доаѓам навреме ако го интересира да следи, инаку следи сé за време на активности, јас им стојам на располагање на родителите.“<br>„Знам за проекти, за физичко и други активности, во тек сум, што од други родители и од учителките.“<br>„ ... има доста активности, некој од нив с е англиски јазик, физичко, активности-работилници и др.. .“ |
| Не знам многу, но сакам да знам повеќе | „па, досега нешто посебни како активност за моето дете и немало баш, освен часовите по музичко и откако е подобар последно нешто е театарска претстава која беше органзирана во градинката.“<br>„Најмногу се информираме од дефектологот, ни кажува што прави нашето дете, како е во игра со децата, активности исто се радува ако цртале нешто со учителката па си носи дома.“ |
| Не сум заинтересиран/а | „Важно ми е да е подобар, да се дружи со децата, колку може нека следи песни, да учи нешто, за друго не е толку важно.“ |

Во однос на второто прашање колку им се познати активностите на детската градинка и дали може да набројат некои активности, дефиниравме три концепти:

-Знам доволно за активностите на градинката;

-Не знам многу, но сакам да знам повеќе;

- Несум зинтересиран/а;

Најголем дел од родителите знаат доволно за активностите во детската градинка и тоа наведоа 15 (75%) од родителите, додека пак, 4 (20%) од нив не знаат многу но се заинтересирани, само 1 (5%) од родителите наведе дека многу не е заинтересиран.

3.Можете ли да ми кажете кој вид на третман треба да посетува вашето дете? Каде истите услуги ќе ги добива? Кои се вашите очекувања од градинката?

| Концепт | Цитати од родителите |
|---|---|
| Треба двапати неделно да работи со дефектолог, логопед | „Моето дете најосновно треба да работи со дефектолог и логопед. Овие услуги моментално ги добива на приватни часови ....“<br>„...нашите очекувања како родители се далеку поголеми од она што сега се нуди во нашите градинки (за да не напоменам дека постојат градинки каде што се одбиваат децата со пречки во развојот, да бидат примени со еден едноставен одговор немаме место преполни сме) од родителска гледна точка, далеку сме светлосни години.“<br>Па, моето дете посетува дефектолог, педагог, и добива и логопедски третман, и во градинката има дефектолог 2 - 3 пати во месецот и со дефектологот тогаш работи. |

| | |
|---|---|
| Не одиме на вежби, немаме време, ни треба во градинка дефектолог | „Имаме обврски на работа, не работи ниедна институција втора смена да одиме на вежби, па супер е да работи со дефектолог во градинка.“<br>„Ќе почнеме на вежби, беше многу вознамирен, ни рекоа доста е само градинка... супер што има дефектолог ама да е почесто во група да работи тогаш...“<br>„Вежби само дома и дефектолог во градинка, ни кажува што дома да правиме...“<br>„..немаме време да го носиме од здравствени причини.“ |
| Очекувам моето дете да го вклучат во сите активности на градинката | „Важно е да биде со другите деца, да се дружи и социјализира.“<br>„Да, сакам да учествува во сé, нека го активираат и во приредба, па нема само да шета наоколу...“<br>„Со него треба сé да се прави, да не биде сам, одделен и треба да работат и воспитувачот и негувателот индивидуално не само дефектолог, ние дома работиме, ама тука треба повеќе“ |

На прашањето: Можете ли да ми кажете кој вид на третман треба да посетува вашето дете? Каде истите услуги ќе ги добива? Кои се вашите очекувања од градинката?-од одговорите дефинираме три концепти:

-Треба 2 пати неделно да работи со дефектолог, логопед;

- Не одиме на вежби, немаме време, ни треба во градинка дефектолог;

-Очекувам моето дете да го вклучат во сите активности на градинката;

Родителите имаат големи очекувања од градинката, но сепак, најголем дел за дополнување на она што не може целосно да го добие детето како третаман во детската градинка посетува и други институции за индивидуални вежби и тоа го посочија 14 (70%) од родителите, додека пак само 4 (30%)од родителите не го

носат детето на вежби и единствен успех очекуваат од работата во групите и работата со дефектологот во градинка.

4. Кој е стручен за работа со вашето дете? Каква поддршка е потребна за нормален развој на вашето дете?

| Концепт | Цитати од родителите |
|---|---|
| Дефектолог, индивидуална работа на концентрацијата, вниманието | „Ни треба многу работа да му го насочиме вниманието, не знам како е тука во градинка, но дома ништо не го интересира... треба да е почесто дефектологот во групата. “<br><br>„Тие се мали, но сепак, имаат потреба од работа на вниманието и интересот“ „Сакам да се работи на вниманието за време на активности, бидејќи одиме на логопед, а тука е важно да се насочи да учи и да другарува со деца.“ „Потребно е сé... важно да има човек плус во групата и стручен што ќе им помага“ |
| Дефектолог и логопед за говор | „Нас нé насочија за работа со логопед и дефектолог, па да имаме само проблем со говорот, другото дома вежбаме. На логопед оди во друга институција, а дефектолог еве во градинка....само да е повеќе време. “<br><br>„дефектолог - логопед и педагог и малку поиндивидуална посветеност“ |

| | |
|---|---|
| Секојдневно следење од стручно лице | „Според моето познавање за работа со дете со пречки во развојот треба да постои тим, поточно група на стручни лица од повеќе области кои би работеле со детето на повеќе области, кои би работеле во зависност од неговиот хендикеп. Ние, како родители ја прифаќаме било која поддршка за развој на детето само нажалост во нашата држава (општество) таа е сведена на микрони и секој се снаоѓа како може поединечно. "<br><br>„На моето дете му требаат оние луѓе кои ќе му помогнат, значи многу ако има во градинката ќе ни биде од голема важност" |

Во однос на прашањето кој е стручен за работа со нивните деца во градинка како поддршка за нормален развој, родителите ги дадоа следниве одговори кои јас ги дефинирав во три концепти:

-Дефектолог, индивидуална работа на концентрацијата, вниманието;

-Дефектолог и логопед за говор;

- Секојдневно следење од стручно лице;

Родителите истакнаа дека стручно лице за работа со нивното дете е дефектологот кој ќе стави акцент на концентарацијата, вниманието, истакнаа 7 (35%) од родителите, исто така, го истакнаа 7 (35%) од родителите и секојдневното следење на децата, 6 (30%) од родителите ја истакнаа важната улога на двата профила, дефектолог и логопед.

5. Каков вид на третман треба да спроведува стручното лице за развој на вашето дете?

| Концепт | Цитати од родителите |
|---|---|
| Индивидуални вежби | „Потребно е надвор од гужва и галама да се вежба, ние вежбаме дома со логопед, но не е лошо и тука да се вежба, говор, помнење, разбирање... “<br>„Дозволувам да се вежба со дефектолог, тој ќе му помогне многу и полесно ќе се опушти да соработува, не дека има проблем, но лесно ќе биде.<br>„Бидејќи сé уште не одиме на вежби, важо е да се работи индивидуално, ама барем 2пати неделно. “ |
| Во група со другите деца да му помага да учи, да си игра со деца | „Па сé она што е добро за да се натера за повеќе да раскажува, мисли и сконцентрира. “<br>„Важно да му олесни разбирање кога е во група кога учат нешто. “<br>„Да му помага и да го насочува. “ |
| Стручен тим да го следи развојот на моето дете и да ме известува | „По наше размислување, во светот постојат многу третмани за деца со пречки во развојот. Стручниот тим е тој кој треба да оцени поединечно за секое дете кој третман би дал најдобар резултат, за напредок и ако нешто не оди напред, да се прилагоди колку може кон детето за да се добие колку што може повеќе напредок во неговиот развој"<br>„ Добар третман и стручно лице е оној кој од индивидуите ќе го извади максимумот за најкраток можен рок." |

Според видот на третман кој треба да го спроведува стручното лице за работа со деца со пречки во развојот, родителите истакнаа повеќе слични одговори кои ги дефинирав во три концепти:

-Индивидуални-вежби;

- Во група со другите деца да му помагаат да учи, да си игра со деца;

-Стручен тим да го следи развојот на моето дете и да ме известува ;

Родителите на дете со пречки во развојот истакнаа дека најважни задачи кои треба да ги реализира дефектологот се индивидуалните вежби истакнаа 8 (40%) од родителите, потоа потребата од игра и активности заедно со другите деца кои ќе ги следи и поттикнува дефектологот, напоменаа 7 (35%) од родителите и цел стручен тим да го следи развојот на детето рекоа 5 (25%) од родителите.

6.Можете ли да ми набродите предности, придобивки и погодности од вклученоста на вашето дете во детската градинка?

| Концепт | Цитати од родителите |
|---|---|
| Важно е да се дружи со други деца | „Тој ги сака децата, не може без нив, сака да биде околу деца... "<br><br>„Важно е да игра со другарчиња, така ни рекоа. "<br>„Сé е важно, се надевам дека нема да има проблем со децата знам дека има другарка, се грижат сите за него. " |
| Да се развие говорот, да се осамостојува | „Па има многу, некои од нив кои се најбитни се едукација, дисциплина, социјализација, говор. "<br><br>„Моето дете има најголем проблем, т.е. не зборува, па затоа треба да развие говор" |

| | |
|---|---|
| Да е згрижено, сакано и да се подобри неговиот развој | „Предност за секој родител е додека е на работа да може да го остави детето во градинка."<br><br>„Кај нашето дете во градинка се појави социјализацијата која ја немаше кај него, потоа одреден вид на дисциплина која се спроведува во градинката, самото мешање со негови врсници мислиме дека има придонес во појавата на говор кај нашето дете и тоа што одењето во градинка и самиот него го прави среќен. "<br><br>„...играта со другите деца што е од големо значење за едно дете со пречки во развојот кога средината ќе го прифати, затоа што кај децата сé уште го нема она одбивање како кај возрасните спрема различните од нив." |

Во однос на прашањето за да се набројат предности, придобивки и погодности од вклученоста на нивното дете во детската градинка, дефинирав три концепти од добиените одговори:

-Важно е да се дружи со други деца;

-Да се развие говорот, да се осамостојува ;

- Да е згрижено, сакано и да се подобри неговиот развој;

Најважно за родителите е децата да бидат згрижени, сакани и што побрзо да се подобри нивниот развој, истакнаа 10 (50%) од родителите. Додека пак по 5 (25%) од родителите истакнаа за потребата да се дружи нивното дете со други деца и да се развие говорот и осамостојувањето 5 (25%) од родителите.

### *1.4 Заклучок од спроведувањето на полуструктурираното интервју со воспитувачи и негуватели во кои групи има деца со пречки во развојот и нема деца со пречки во развојот*

Во однос на поставените прашања и рамка на цели за истражување, добиени се следниве одговори од кои можат да се изведат следниве заклучоци:

1. Во поглед на време на работа во детска градинка и работно искуство, може да се истакне дека најголем дел од воспитувачите и негувателите работат до 15 години и имаат искуство за работа со деца со пречки во развојот;
2. Во однос на сознанијата за децата со пречки во развојот, најмногу ги имаат добиено од литература, медиум, интернет, телевизија и најпознати за нив се децата со аутизам, ментална ретардација, хиперактивно однесување и други.

3. Воспитувачите и негувателите истакнаа дека немаат професионална подготвеност за работа со деца со пречки во развојот. Наведуваат дека за тоа се стручни и компетентни дефектолозите.

4. Условите во градинката за прием на деца со пречки во развојот не се соодветни, го истакнаа проблемот за голем број на деца во групите, немање на простор, играчки и стручно лице за работа со дете со пречки во развојот.

5. Кадарот во градинката истакна дека кај децата со пречки во развојот се развива добро ниво на социјализација и социјална интеракција со деца и возрасни.

6. За соодветна инклузија на децата со пречки во развојот во редовните групи, воспитувачите и негувателите ја потенцираа потребата од стручно лице-дефектолог, кој директно ќе работи со децата, а воедно и потребата од цел стручен тим за полесна инклузија.

7. Најголем дел од воспитувачите и негувателите го прифаќаат и одобруваат процесот на инклузија, со тоа што напоменуваат дека порано немало толку деца со пречки во развојот во детската градинка. Но, за целосен успех на тој процес многу е важно постоењето на цел тим, а посебно дефектолог кој ќе работи со тие

деца во групите. Помал број од воспитувачите истакнаа потреба од формирање на група во која ќе бидат вклучени само деца со пречки во развојот.

## *1.5 Заклучок од спроведувањето на полуструктурираното интервју со родители на деца со пречки во развојот*

1. На првото прашање родителите истакнаа дека се задоволни од познавањата и подготвеноста за развојот на нивното дете кои ги имаат воспитно-негувателскиот кадар.

2. Најголем дел од родителите истакнаа дека се запознаени со начинот на работа, активностите и програмата за работа во детските градинки. Само мал дел истакнаа дека не се многу информирани.

3. Родителите имаат големи очекувања од градинката, најмногу очекуваат нивното дете да се дружи и игра со другите деца, да учи заедно со нив, а посебен акцент ставаат на индивидуалната работа со дефектолог во однос на развој на говор, внимание, концентрација и друго.

4. Најголем дел од родителите истакнаа дека освен детската градинка поради неможност за постојан и континуиран дефектолошки третман во градинка, детето добива помош и поддршка и од институции надвор од градинката, најчесто логопедски и дефектолошки третман и тоа во Завод за ментално здравје и Институт за слух, говор и глас.

5. Потребата за постојана помош и поддршка во градинка ја очекуваат од дефектологот и тоа да го следи и индивидуално, да го поттикнува развојот на детето и неговата вклученост во групата.

6. Родителите ја потенцираа згрижената, љубовта, играта, подобрувањето на говорот, вниманието и концентрацијата, како најважните придобивки кои ги добива и очекуваат да ги добијат од воспитно-негувателскиот кадар во градинката како и стручниот тим во истата.

## *1.6 Анализа на одговори за потврда на хипотезите*

### X0 хипотеза

Нултата хипотеза се потврдува, односно улогата на дефектологот во градењето на инклузивната култура е значајна во детските градинки во општина Кисела Вода согласно параметрите за инклузивна култура.

Најголем дел од воспитувачите и негувателите го прифаќаат и одобруваат процесот на инклузија. Но, за целосен успех на тој процес многу е важно постоењето на цел тим, а посебно дефектолог, кој ќе работи со тие деца во групите.

За соодветна инклузија на децата со пречки во развојот во редовните групи, воспитувачите и негувателите ја потенцираа потребата од стручно лице-дефектолог, кој директно ќе работи со децата, а воедно и потребата од цел стручен тим за полесна инклузија.

Во однос на сознанијата за децата со пречки во развојот, најмногу ги имаат добиено од литература, медиум, интернет, телевизија и најпознати за нив се децата со аутизам, ментална ретардација, хиперактивно однесување и други.

Локалната заедница е делумно подготвена да ги прифати децата со пречки во развојот

**X1. Се претпоставувува дека воспитувачите и негувателите немаат предзнаења во однос на работата со деца со пречки во развојот.**

Не е оправдана хипотезата дека негувателите немаат познавање за децата со пречки во развојот, статистички со $x^2$=0,015 со 1 степен на слобода не постои статистички значајна разлика во однос на одговорите на p=0,9 од одговорите на воспитувачите $x^2$ е 0,16, значаен е на соодветно ниво, р за случајна грешка е

0,681т.е p>0,05 не постои статистичка значајна разлика, се докажа дека делумно имаат познавање на децата со пречки во развојот.

Исто така, не е оправдана хипотезата т.е. негувателите делумно ги познаваат следниве оштетувања како аутизам, хиперактивно однесување, мали попречености во развојот, неразвиен говор

Статистички претставено постои значителна статистичка разлика и тоа $x^2$=8,69 за степен на слобода 3 и p=0,03 p<0,05

Воедно, не се потврдува хипотезата за неинформираноста за видот на потешкотии кои ги имаат децата со пречки во развојот статистички со **статистички значајна разлика $x^2$ =5,05 df=2 и p=0,08, p>0,05** се докажа дека истите информации воспитувачите и негувателите најмногу ги добиваат од литература, семинари.

За хипотезата Х1 можеме да заклучиме дека не е потврдена но, се прифаќа алтернативната т.е. воспитувачите и негувателите имаат делумни предзнаења за деца со пречки во развојот како аутизам, хиперактивно однесување, ментална ретардација, церебрална парализа и извор на информации се семинари, литература, медиуми, интернет и друго.

**Х2. Се претпоставува дека воспитувачите и негувателите се делумно подготвени за прием и прифаќање на дете со пречки во развојот.**

Потврдена е хипотезата дека негувателите прифаќаат да работат со деца со пречки во развојот.

Статистички пресметано $x^2$ =1,92 степен на слобода 1 и на веројатност p=0,16

Нема статистички значајна разлика за прифатеност на негувателите да работат во групи со деца со пречки во развојот.

Потврдување на хипотезата за прием на деца со пречки во развојот ја истакнуваат воспитувачите преку презентирање на бројот на деца со пречки во

развојот во групите $x^2=0,015$ со 1 степен на слобода не постои статистички значајна разлика во однос на одговорите на p=0,9

Воспитувачите наведуваат дека деца со лесна ментална ретардација, аутизам, лесни попречености, можат да се прилагодат на активностите во групата. **За ова прашање не постои статистички значајна разлика т.е $p>0,05$.p=0,1**

Хипотезата се отфрла и се прифаќа алтернативната за целосно прифаќање на децата со пречки во развојот во своите групи од страна на воспитувачите и негувателите.

**Х3. Се претпоставува дека локалната заедница е делумно подготвена да ги прифати децата со пречки во развојот**

Оваа хипотеза може да се докаже дека е точна со добиените резултати од одговорите на воспитувачите и негувателите за прифатеноста на децата со пречки во развојот од страна на родителите на другите деца.
За степен на веројатност p=0.05 постои значителна статистичка разлика од исказите на негувателите и за $x^2=8,64$ df=2 и за p=0,01 што значи дека има статистички значајна разлика во одговорите на воспитувачите.

**Х4 Се претпоставува дека поголем дел од воспитувачите и негувателите имаат познавање за стручните лица кои работат со деца со пречки во развојот;**

Во однос на помош за вклучување на дете со пречки во развој во група, воспитувачите истакнаа дека не може детето самостојно да се вклучи, т.е. без стручна помош и тоа 38 (76%) или 24 (61%), додека пак, делумно можат децата да се вклучат истакнале 10 (20%) или 12 (27%) од воспитувачите.

Генерално за p=0,8 нема статистички значајна разлика од одговорите на воспитувачите но, постои статистички значајна разлика за p=о $x^2=0,9$ со тоа се докажува сигурноста во одговорите на негувателите.

Делумно се потврдува хипотезата Х4 за познавање на стручно лице и потреба на стручно лице - дефектолог за работа со деца со пречки во развојот во редовните групи.

**Х5 Се претпоставува дека соработката со дефектолог е на задоволително ниво и нивните барања се големи и потешко се исполнуваат.**

Хипотезата не се потврдува со тоа што воспитувачите и негувателите во своите одговори дадоа мислење за потребата од стручно лице - дефектолог за работа со деца со пречки во развојот. Потребата за континуирана, секојдневна помош и соработка која сега не може да се реализира од причина што дефектологот кој работи во детската градинка не е постојано во групите бидејќи работи во две детски градинки.
За $x^2$=2,39 1 степен на слобода и p=0,12 нема статистички значајна разлика од исказите и $x^2$=0,9 и степен на слобода и p=0,3 не постои статистички значајна разлика од одговорите на негувателите.

На прашањето за вклучување во активностите на групата, децата со пречки не можат самостојно без стручна помош да се вклучат 63 (80%) или 34 (72%). **Не постои статистички значајна разлика. p=0,62**

Во однос на помош за вклучување на дете со пречки во развој во група, воспитувачите истакнаа дека н може детето самостојно да се вклучи, т.е. без стручна помош и тоа 38 (76%) или 24 (61%) додека пак, делумно можат децата да се вклучат истакнале 10 (20%) или 12(27%) од воспитувачите.
**Генерално за $x^2$= 3,77 стапка на слобода 2 и p=0,15 што значи дека нема статистички значајна разлика за потврда на хипотезата.**

## 2. Препораки од истражувањето

- Креирање на инклузивна политика

- Да се создаде предучилишна установа за сите, организирање на поддршка на различностите.
- Овозможување учество на деца и вработени од моментот на нивното доаѓање во предучилишната установа и отстранување на притисокот од исклучување во општеството.
-Развој на инклузивната пракса - организација на играта и учењето, мобилизација на ресурсите. Децата се поттикнуваат активно да учествуваат, користејќи го своето знаење и искуство надвор од градинките.
Целокупната политика подразбира јасна стратегија за инклузивните промени, поддршка и зголемување на сите способности на предучилишната установа да одговори на различноста помеѓу учесниците.[55]

- Создавање на инклузивна култура

-Воспоставување на инклузивни вредности во заедницата - создавање сигурна заедница која прифаќа и соработува, во која секој се вреднува, и која како таква е темел за развој на играта и учењето.
- Развој на заеднички инклузивни вредности кои се пренесуваат на новите воспитувачи, негуватели, деца, стручен тим и родители. Принципите и вредностите на инклузивната култура се насочуваат кон развојот да стане континуиран процес.

-Раното детство како најкритичен и најосетлив период во животот на детето во кој детето стекнува искуства кои се пресудни за понатамошниот развој, инклузивната образовна интервенција е насочена на пружање поддршка на раличните групи на деца, долгорочно нуди различни можности на семејствата за полесно вклучување во општеството.

[55] Booth T., Ainscow M., 2005. Indeks za Inkluziju. Centar za izucavanje inkluzivnog obrazovanja

-Вреднувајќи го моментот дека детската градинка претставува најприроден амбиент за поттикнување на сите аспекти на развојот, современа образовна интервенција како што е инклузијата, одредување на профил на детски градинки според потребите на детето.

- Унапредување на квалитетот на работа во смисла на постоење на флексибилен курикулум, воведување на различни методи на поддршка, дидактичко, материјална организација во работа во групите, прилагодување на физичката средина (структуирање на инклузивна средина која ги ублажува раликите) го карактеризира пристапот кој маркира потреби на децата како основна ориентација за адаптација.

- Дополнителната работа и подготвеноста за работа со секое дете, партнерски однос со родителите и воспитувачите, достапност на програмата за секое дете, без разлика дали има или нема потешкотии во развојот, постоење или изработка на стимулативна програма за деца на кои им е потребна поддршка, застапена тимска работа се основни обележја на современата образовна инклузија.

Според Бартоло, Блејк и Јачова (2007) структурата за успешна инклузија подразбира:
-соодветна поддршка и специјализирани служби за децата и учениците;
- добро дизајниран ИОП;
-професионален развој на наставниците во редовниот и специјализираниот воспитно-образовен процес;
-време за воспитувачите, наставниците за креирање, планирање средби и за евалуација на детето од страна на сите членови на тимот;
-професионален развој на вештини во рамките на коопреативното учење, туторство на врсници, адаптација на курикулум, разновидност на стилови за учење;
-соработка меѓу родителите, воспитувачите, наставниците[56]

[56] Bartolo. P., Blake. C., Jacova. Z., 2007 "International perspectives on SEN and Inclusion"Britich jurnal of learning support,2,50.

## 3.Заклучок од истражувањето

Овој стручен труд претставува еден мал придонес кон осветлувањето и давањето реална слика на процесот на инклузија започнат во предучилишните установи. Преку опис на еден битен сегмент, сакам да покажам дека воспитувачите, негувателите и родителите на децата со пречки во развојот кои ја посетуваат градинката се позитивни во однос на инклузијата на децата со пречки во развојот во предучилишните установи „8 Март" и „Весели Цветови".

За овој тежок процес да може полесно, поцелосно и стручно да се реализира, голема е потребата на соодветен стручен кадар - дефектолог, за водење и олеснување на долгиот пат на инклузија на децата со пречки во развојот, прво во детските градинки, а потоа и во сите структури на општественото живеење. Истото е покажано и низ квалитативните и кванититативните постапки на истражување низ исказите на воспитувачите, негувателите и најважно, родителите на децата со пречки во развојот.

# IV ПРИЛОЗИ

## Прилог 1. Анкетен прашалник за воспитувачи и негуватели

Почитувани воспитувачи и негуватели, со оваа анкета сакаме да ги дизнаеме Вашите мислења и познавања на карактеристиките на децата со пречки во развојот и нивно вклучување во групите при јавните детски градинки „8 Март“ и „Весели Цветови“ т.е. спроведување на процес на инклузија.

*Вашата анонимност е загарантирана!*

На поставените прашања да се заокружи само еден од понудените оговори и да се дополни!

1.Дали во вашата група има дете со пречки во развојот?

а) Да б)Не

2.Дали ја знаете дијагнозата или видот на оштетување која ја има тоа дете (кое е во вашата група), а ако немате во групата, дете кое е опфатено во градинката? За Да, наведете ја дијагнозата.

а)Да________________________________________________

б) Не в) Делумно

3.Сметате ли дека сте информирани во доволна мера?

а)Да, во потполност б) Да, делумно в) Воопшто не

4.Од каде сте информирани за карактеристиките на децата со пречки во развојот

а) Од стручните семинари б) Од литература в) На друг начин (наведете кој)?

5. Дали знаете какви видови на оштетување постојат кај децата со пречки во развојот?

а)Да б)Не в)Делумно

6.Дали ќе можете да наброите некои видови на оштетувања кои ги имаат децата со пречки во развојот? ______________________________________

7.Според Вас, која група на деца со пречки во развојот најдобро може да се вклучи во следење на воспитно-образовниот процесс во вашата група? ________________________________________

8. Кои се најчестите фактори за предизвикување на нарушување во развојот на децата?

а)Генетски

б)Во текот на раѓањето

в)Стекнати

г)Наследни

д) Немам информации

9.Дали сметате дека самостојно и без стручна помош може да се вклучат во активностите на групата?

а)Да б) Не г) Делумно

10. Набројте кој е стручен за работа со деца со пречки во развојот?

________________________________________

11. Дали Вие би прифатиле да работите со дете со пречки во развојот, за Не запишете зошто?

а) Да б)Не ____________________________

12.Дали мислите дека родителите на другите деца го прифаќаат детето со пречки во развојот во вашата група?

а) Да б) Не г) Делумно

13. Што мислите, каква е атмосферата помеѓу децата од групата и децата со пречки во развојот?________________________________________

14.Дали мислите дека Ви е потребна стручна помош и советување за работа со деца со пречки во развојот?________________________________________

## Прилог 2. Полуструктурирано интервју со воспитувачи и негуватели

Запознавање. Започнувам со мое претставување и давам формални информации за проблемот на истражување.

1.1 Интервјуитерите се претставуваат во свое име и професија.

1.2 Причина за постоење на ова истражување е да се запознаеме со проблематиката на работа со деца со пречки во развојот, нивната прифатеност и инклузија во детските градинки, а воедно, и улогата на дефектологот во детските градинки.

Притоа ќе бидат интервјуирани 20 воспитувачи и негуватели во чии групи има вклучено деца со пречки во развојот и 20 воспитувачи и негуватели во кои нема вклучено деца со пречки во развојот. Исто така, ќе бидат интервјуирани 20 родители на деца со пречки во развојот кои се вклучени во детската градинка. Со цел да се добијат повеќе информации за процесот на инклузија, а воедно и работата на дефектологот.

1.3 Би сакала да Ве прашам неколку прашања во тој поглед.

1.4 Учеството во ова истражување е доброволно. Не морате да одговорите на сите прашања или да зборувате за работи за кои ви е тешко да зборувате. Информациите кои ќе ми ги дадете ќе бидат анонимни. Нема да биде соопштено што сте кажале во ова интервју на никого, на начин што во иднина би можел да доведе до Вас (како извор на информација).

1.5 Ќе побарам од Вас дозвола да го снимам ова интервју. Причината за снимање на интервјуто е тоа што ми е потребно да ги запишам сите информации подоцна, за да запомнам што сте кажале. Касетата ќе биде избришана после транскрипцијата (пренесување на податоците на лист хартија).

Рамки на прашања од полуструктурираното интервју ги содржи следниве теми:

1. Работа во детска градинка и дете со пречки во развојот.
2. Сознанија за децата со пречки во развојот.
3. Професионална подготовка на кадарот за работа со деца со пречки во развојот
4. Услови во градинката.
5. Социјална интеракција на дете со пречки во развојот во групата.

6. Третман од стручно лице за деца со пречки во развојот.
7. Соработка со родителите.
8. Процесот на инклузија во градинката.

1. Колку време работите во детска градинка? Какво е вашето искуство за работа со деца со пречки во развојот?

2. Од каде ги добивате информациите за децата со пречки во развојот?

3. Каква е вашата стручна подготвеност за работа со деца со пречки во развојот, начин на работа, методи, форми.

4. Можете ли да ми кажете какви се условите во градинката за прием на деца со пречки во развојот? И што е потребно за да можат да се вклучат?

5. Каква е социјализацијата на децата со пречки во развојот? Нивните потреби за контакти и пријателства со децата и возрасните.

6. Можете ли да напомнете кој е стручен за работа со деца со пречки во развојот? Дали вие имате потреба од консултации, помош и соработка?

7. Кои се вашите размислувања за инклузијата на децата со пречки во развојот во детската градинка? Кој е услов за полесна инклузија?

## Прилог 3. Полуструктурирано интервју со родители на деца со пречки во развојот

Запознавање. Започнувам со мое претставување и давам формални информации за проблемот на истражување.

1.1 Интервјуитерите се претставуваат во свое име и професија.

1.2 Причина за постоење на ова истражување е да се запознаеме со проблематиката на работа со деца со пречки во развојот, нивната прифатеност и инклузија во детските градинки, а воедно и улогата на дефектологот во детските градинки.

Притоа, ќе бидат интервјуирани 20 воспитувачи и негуватели во чии групи има вклучено деца со пречки во развојот и 20 воспитувачи и негуватели во кои нема вклучено деца со пречки во развојот. Исто така, ќе бидат интервјуирани 20 родители на деца со пречки во развојот кои се вклучени во детската градинка. Со цел да се добијат повеќе информации за процесот на инклузија, а воедно и работата на дефектологот.

1.3 Би сакала да Ве прашам неколку прашања во тој поглед.

1.4 Учеството во ова истражување е доброволно. Не морате да одговорите на сите прашања или да зборувате за работи за кои ви е тешко да зборувате. Информациите кои ќе ми ги дадете ќе бидат анонимни. Нема да биде соопштено што сте кажале во ова интервју на никого, на начин што во иднина би можел да доведе до Вас (како извор на информација).

1.5 Ќе побарам од Вас дозвола да го снимам ова интервју. Причината за снимање на интервјуто е тоа што ми е потребно да ги запишам сите информации подоцна, за да запомнам што сте кажале. Касетата ќе биде избришана после транскрипцијата (пренесување на податоците на лист хартија).

Рамки на прашања од полуструктурираното интервју ги содржи следниве теми:

1. Подготвеноста на воспитно-негувателскиот кадар за прифаќање на дете со пречки во развојот во својата група.
2. Познавања за програмата за работа во детската градинка.
3. Потребите на вашето дете при вклучување во детската градинка.
4. Вид на поддршка за квалитетен и целосен развој на вашето дете.

5. Поддршка од стручно лице, третман и помош при секојдневните активности
6. Придобивки од вклученоста на вашето дете во редовните групи во детската градинка.

1. Можете ли да ми кажете колку воспитувачките и негувателите се запознаени со проблематиката и развојот на вашето дете?

2. Можете ли да ми наброите некои активности кои ги реализира градинката? Колкави се вашите познавања за работата на детската градинка?

3. Можете ли да ми кажете кој вид на третман треба да посетува вашето дете? Каде истите услуги ќе ги добива? Кои се вашите очекувања од градинката?

4. Кој е стручен за работа со вашето дете? Каква поддршка е потребна за нормален развој на вашето дете?

5. Каков вид на третман треба да спроведува стручното лице за развој на вашето дете?

6. Можете ли да ми наброите предности, придобивки и погодности од вклученоста на вашето дете во детската градинка?

ЛИТЕРАТУРА

1. Ајдински, Љ., Киткањ, З., Ајдински, Г., 1999 Појдовни основи за изготвување на Националната стратегија за спроведување на стандардните правила за изедначување на можностите на хендикепираните лица. Дефектолошка теорија и практика, 3 (3-4), 18-30
2. Ангелоска-Галевска Н., 1998 Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието, Битола: Киро Дандаро
3. Ангелоска-Галевска,Н. 1998 Текот и етапите на квалитативното истражување. Дефектолошка теорија и практика 4,79-82.
4. Bartolo. P., Blake. C., Jacova. Z., 2007 "International perspectives on SEN and Inclusion"Britich jurnal of learning support,2,50.
5. Booth T., Ainscow M., 2005. Indeks za Inkluziju. Centar za izucavanje inkluzivnog obrazovanja
6. Velichkovski, R., Chichevalieva S., 2010 Children with disabilities in the Republic of Macedonia: Analysis,. Ministry of Health, pp.12-18
7. Vrtic Jarun, 2010. O nama (Strucni asradnik Defektolog) [online] http://www.vrtic-jarun.hr/onama/
8. Vrtic Indjija, 2008. O nama (Osoblje-defektolog reedukator psihomotorike) [online] http://www.vrtic-indjija.rs/code/navigate.php?Id=69
9. Charlene. C.G., 2008 Why inclusion begin in kindergarden.. Or doesn't. Available through www.texasprojectfirst.org/WhyInclBeginsKinder.pdf [Updated Octobar .2008 ] [Accessed August 2010]
10. Cole, T., in Tilstone C., and Rose. R..,eds 2003 Strategis to promote inclusive practice. Routledge Falmer. pp 67-83, London& New York
11. Cheng Y li., Perceptions of Inclusion by Kindergarten Teachers and Parents in Taiwan., pp. 260-292 National Changhua University of Education. Avalible at: http://www.npue.edu.tw/adm/research/%E5%AD%B8%E5%A0%B1/15/%E5%AD%B8%E5%A0%B115%E6%9C%9F%E9%84%AD%E9%9B%85%E8%8E%89.pdf [Updated Novembar 30 2010] [Accessed Septembar 2 2010
12. Gojkov. G., Triangulacija u pedagoskom istrazivanju.Pedagogija.vol 61 (2).157-167

13. Guralnick. M. J., 2002 Involvement with peers: comparisons between young children with and without Down's syndrome. Journal of Intellectual Disability Research 46 (5), 397–393.
14. Guralnick. M. J., 1999 The Nature and Meaning of Social Integration for Young Children With Mild Developmental Delays in Inclusive Settings. *Journal of Early Intervention* 22 (1), 70–86;
15. Došen. Lj., Gačić.B. D., 2005 Vrtić po meri deteta, Priručnik za primenu inkluzivnog modela rada u predškolskim ustanovama, Save the Children UK, Beograd.
16. Ellen R. Daniels., Kay Stafford., 1999 Step by Step (Program) Creating inclusive classrooms, Children's Resources International, Inc. Wasington, DC .
17. Христова А., 1997 Потреби и проблеми во организирањето на предучилишно воспитание на децата со пречки во развојот, како предуслов за успешно интегративно образование, Дефектолошка теорија и практика
18. Hanak. N., Todorovik. N., 2003 Drugaciji medzu vrsnicima., Stavovi vospitaca i ucitelja u Pancevo prema ukljucenju dece sa smetnjama u razvoju u redovne grupe vrtice i skola. [e-book] Pancevo. Available through: Biblioteka Veliki mali. http://www.velikimali.org/doc/DrugacijiMedjuVrsnjacima.pdf
19. Hrnjica S., Djurovic. M., 2000 Program integracije djece sa smetnjama u razvoju u redovne grupe predskolskih ustanova u Crnoj Gori, Podgorica 15-16, Available through: http://www.see-educoop.net/education_in/pdf/inklu_2-yug-mon-srb-t03.pdf [Updates January 2005] [Accessed August 23 2010]
20. Inkluzija i integracija. Available trough: http://www.inkluzija.org/biblioteka/rscObrazovnainkluzija2.pdf [Updated Februar 2008] [Accessed Februar 13 2011]
21. Инклузивна пракса-педагошки модел поддршке детету са сметњама у развоју у вртичу. Детету са сметњама у развоју у вртићу.Зборник ВШССОВ 1, 2011. 21-22
22. Јачова З., Самарџиска-Панова Љ., Љешковска И., Ивановска М., 2002 Инклузија на децата со посебни потреби во редовните училишта во Република Македонија, Прирачник за наставниците од редовните училишта. Министерство за образование и наука-УНИЦЕФ, Скопје.
23. Јачова З., Каровска А., 2009 Дете со кохлеарен имплант во рамките на инклузивната училница-приказ на случај, Студио круг.

24. Јачова. З., Солтирова. Е., Икономанова. С., Чичевска. Н., Ѓеоргиева. Н., 1998 Предучилишно воспитание на децата од предучилишна возраст предуслов за успешно интегративно образование. Дефектолошка теорија и практика. 4.19-20
25. ЈДГ„8 Март" на ОКВ при град Скопје., 2010 Годишна програма за работа на ЈДГ"8 Март"на општина Кисела Вода при град Скопје за 2010/2011 година, 01-639/1. Скопје.
26. Керамичиева. Р., Такашманова. С. Т,1997. Ставови на родителите со здрави деца спрема децата со пречки во развојот на предучилишна возраст. Дефектолошка теорија и практика.. 1, 93-105.
27. Киранџиска С., Самарџиска-Панова Љ., Шеху Ф., Дамовска Л., Атанасовска Т., 2005 Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015. Нацрт програма за развој на предучилишното воспитание и образование. 19-21.
28. M., Markov. Z., 2008 Odrednice profesije vaspitača u duhu novog vremena i inovativni programu metodici likovnog vaspitanja. *Obrazovno-vaspitni procesi u predškolstvu* Visoka škola strukovnih studija za obrazovanje vaspitača. Subotica. 304-318
29. Малинова И., Владимирова С., 1997. Организација и структура на активностите на Дневната градинка за хендикепирани деца Вера, Надеж и Љубов., Пазарџик, Бугарија,Дефектолошка теорија и практика, 1(4).
30. Measuring Dependency of Two Variables from Categorized Data avalibale at: http://home.ubalt.edu/ntsbarsh/Business-stat/otherapplets/Catego.htm
31. Mitrović-Stevanović N., Stanković D., 2008. Model inkluzivnog vospitanja I obrazovanja dece sa posebnim potrebama i stavovi vospitaca, nastavnika i strucnik saradnika. Timocki medicinski glasnik 23 (1-2) [online] Available at: http://www.tmg.org.rs/v331212.htm#MODEL_INKLUZIVNOG_VASPITANJA [Accessed August 12 2010]
32. Mdikana. A., Ntshangase. S., Mayekiso. T., 2007 Pre-service edutators attitudes towards inclusive education., International jurnal o special education. Vol 22
33. Nikolic D., Zavsic V., Gajic T.,Jacimovic N., Kolar S., Nikolic D., Zavsic V., Gajic T.,Jacimovic N., Kolar S., 2004 Pravni vodic za roditelje dece sa smetnjama u razvoju. Biblioteka Veliki mali [e-book] Pancevo: Available through: www.chris-network.org/attachment/000000011.pdf.
34. Nikolić. M., Katarina-Mitrović, V. 2009 Korak ka inkluziji obrazovanja. Pedagoška stvarnost, 55 (5-6). 479-491

35. Новачевска.И., Димчевска. И., ?Павловска. С., Чичевска-Јованова. Н., Димитрова-Радојчиќ. Н., Инклузивна култура во предучилишните установи. 2011 Дефектолошка теорија и практика 2 (1-2) 7-16
36. Основи на програмата за воспитно-образовна работа во подготвителна година за деца со пречки во развојот. 2005 Министерство за образование и наука. Биро за развој на образованието, 7-9. Скопје
37. Pašalić. K. A., 2003 Inkluzija u školstvu Bosne i Hercegovine, Geneza sazrijevanja ideje inkluzije ili inkluzija u funkciji smanjivanja neravnopravnosti u obrazovanju. Sarajevo, Filozofski fakultet. 2–24
38. Purdue K., Ballard K., MacArthur J., 2001 Exclusion and inclusion in New Zaland Early Childhood Education., Internacional Journal of Early years education., 9 (1) [online] Available at: http://www.sbac.edu/~werned/DATA/RESEARCH/NewZealandEI.pdf [Updates May 5 2001] [Accessed Septembar 2 2010]
39. Sari H., Celikoz N., Secer Z., 2009. An analysis of pre-school teachers and student teachers attitudes to inclusion and their self-eficacy, Konya, Internactional Journal of special education [online] Available at: http://www.internationaljournalofspecialeducation.com/articles.cfm?y=2009&v=24&n=3
40. Skjorten, M. D., Johnsen, B.H., 2001 Towards Inclusion and Enrichment, "Education-Special Needs Education". Oslo,Unipub forlag.
41. Скубер П., Смислата на раниот почеток (Добрите резултати на раниот почеток). Дефектолошка теорија и практика 2. 111-113 [online] Available at: http://jser.fzf.ukim.edu.mk/pdf/1997-2/19-PET~1.pdf [Updates 29.07.2009] [Accessed 12.2010]
42. Stankovic Dordjevic M., Stavovi vospitaca o vospitnomobrazovnom rad sa decom sa razvojnim smetnjama., Srpski citatni indeks, Pedagogija LXII 1, 2007 [online] Available at: http://scindeks-clanci.nb.rs/data/pdf/0031-3807/2007/0031-38070701070S.pdf
43. Сузи ћ, Н., 2006 Симедонија између културе и образовање. У зборнику: Култура и образовање. Бања Лука, Филозофски факултет. 7-37
44. Сузић, Н., 2008 Инклузија у очима наставника. Васпитање и образовање- часопис за педагошку теорију и праксу, Подгорица. бр. 1, 2-3.
45. Сретенов. Д., 2008 Креиранје инклузивног вртица.Центар за примењену психологију. Београд. 79-103

Triangulation (social science) [online]
[http://en.wikipedia.org/wiki/Triangulation_(social_science) [Updated 14 Octobar 2011] [Accesed 20 Octobar 2011]

Tilstone, C., Florian, L., Rose, R., 1996 Developing an Inclusive Policy for Your School Centre for the Study of Inclusive Education, Inclusive Practice: what,why and how? Routledge,p, London & New York.

Wolery, M., Wilbers, J. S., 1994 Introduction to the inclusion of young children with special needs in early childhood programs, Including children with special needs in early childhood programs. Washington.

Wolery, R. A., Odom. S.L., 2000 An administrator's guide to preschool inclusion.University of North Carolina, FPG Child Development Center, Early childhood research institute on inclusion 39-77.

Education update, 1999 Children with Disabilities. [online] Unicef, Available at: <http://www.unicef.org/education/files/vol2disabileng.pdf

Жепић, М.,. 1961 Латинско-хрватскосрпски речник, Школска књига. Загреб, 170-183